УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ„- СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

# Педагошките аспекти на превенцијата на малолетничкото престапништво

( докторска дисертација )

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Институт за педагогија
Инв.Бр. 14760
13.08 2014 год.
СКОПЈЕ

КАНДИДАТ

м-р Невена Петровска

МЕНТОР

Проф.д-р Сузана Миовска-Спасева

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

С К О П Ј Е , 2014

# С О Д Р Ж И Н А

Апстракт....................................................................................................7

Вовед ........................................................................................................9

**ПРВ ДЕЛ**..................................................................................................15

Теоретски пристап кон проблемот ..........................................................16

I. Детско престапништво............................................................................16

1. Етиологија на детското престапништво од аспект на концептот на ризични и заштитни фактори..........................................................................................16

1.1. Фактори на ризик.......................................................................................19

1.1.1. Деца во ризик и ризично однесување...................................................23

1.2. Фактори на заштита....................................................................................27

2. Ситуациона анализа: Состојба на детското престапништво во Република Македонија..............................................................................................33

II. Превенција на детско престапништво.....................................................41

1. Одредување на концептот на теоријата на превенција.............................41

1.1. Наука за превенција....................................................................................41

1.2. Дефинирање на превенцијата...................................................................45

1.3. Видови на превенција.................................................................................46

2. Превенција на детското престапништво во системот на социјална заштита и воспитно - образовниот систем во Република Македонија.......................................51

2.1. Меѓународни и национални стратешки документи и законодавна рамка од значење за децата во ризик..............................................................................................52

2.2. Системот на социјална заштита во превенција на детското престапништво..............................................................................................................56

2.2.1. Нормативна рамка на мерките за превенција на детското престапништво во Центрите за социјална работа..........................................................................56

2.2.2. Улогата на семејството и родителите во превенција на детското престапништво - Ангажирање и работење со семејства...........................................62

2.3. Воспитно – образовниот систем во превенција на детското престапништво..............................................................................................................69

2.3.1. Нормативна рамка на превенцијата на детско престапништво во воспитно – образовниот систем.................................................................................................69

2.3.2.Мерки за превенција на детското престапништво во училиштето..................................................................................................................72

III. Планирање на превенцијата и на превентивните програми............83

1. Развој и значење на превентивните програми...............................................83

2. Карактеристики на успешни превентивните програми.................................86

3. Познати модели на превентивни програми на детското престапништво...........95

4. Модел на превентивна програма - "Програма за зајакнување на семејствата"100

4.1.Создавање и кратка историја на "Програмата за зајакнување на семејствата"..........................................................................................................102

4.2. Практични услови за спроведување на "Програмата за зајакнување на семејствата"......105

4.3. Спроведување на "Програмата за зајакнување на семејствата" во Република Македонија и нејзина евалуација......110

**ВТОР ДЕЛ**......114

I. Методологија на истражување......114

1. Предмет на истражувањето......115

2. Релевантни истражувања на проблемот......116

3. Дефинирање на поимите......121

4. Цел и задачи на истражувањето......122

5. Хипотези на истражувањето......124

6. Варијабли на истражувањето......126

7. Методи, техники и инструменти на истражувањето......127

8. Примерок на истражувањето......128

9. Обработка на податоците......134

**ТРЕТ ДЕЛ**......135

I. Анализа и интерпретација на резултатите од емпириското истражувањето......136

1. Ставовите на педагозите во однос на причините за појава на детско престапништво......137

2. Познавање на теоријата за превенција на детско престапништво и педагошката работа.........141

3. Познавање на законските надлежности согласно Законот за правда за децата и примена во педагошката работа.........150

4. Спроведувањето на превенцијата на детско престапништво и потребните услови и ресурси за нејзино практично имплементирање.........159

5. Идентификување на формите кои педагозите ги сметаат за најкорисни за унапредување на превенцијата.........167

6. Носители на превентивните активности и планирање на превенцијата.........173

7. Меѓусекторката соработка и превенцијата на детско престапништво.........177

8. Идентификување на подрачје во кое е потребно да се преземат итни превентивни активности.........181

9. Стручно - професионално усовршување на педагозите за практично спроведување на превенцијата на детско престапништво.........185

10.Ставовите на педагозите за значењето на превенцијата на детско престапништво и потребата од нејзина имплементација во пракса.........194

**ЧЕТВРТИ ДЕЛ**......... 202

Заклучоци и препораки.........203

Литература.........215

Прилози.........230

**Бидете промена која сакате да ја видите во светот –**

**Ганди**

**Апстракт**

Трудот е посветен на децата, ранливите деца, децата во ризик кои најлесно ја прескокнуваат границите и влегуваат во детско престапништво. Затоа предмет на интерес на трудот е превенцијата на детското престапништво, разгледувана од педагошки аспект. Педагозите како интегрален дел на системот на социјалната заштита и на воспитно – образованиот систем во РМакедонија, се онаа ,,сила,, која може да ги поддржува децата, да го поттикнуваат и развиваат детскиот развој, рано да идентификуваат отстапувања од него, да препознаваат, спречуваат и навремено да реагираат, во најдобар интерес на децата и во нивна заштита. Затоа во трудот превенцијата на детското престапништво е претставена како наука односно нејзините теоретски основи, но и како пракса односно нејзиното имплементирање во пракса преку примена на превентивни програми. Низ концептот на ризични и заштитни фактори, преку анализа на состојбата на детското престапништво кај нас и дефинирање и одредување на видовите на превенција, но и презентирање на меѓународните искуства во спроведување на истражувања, планирање на превенцијата и развивање на превентивни програми, настојувавме да ги развиеме и објасниме начините како може да спроведуваме планирана, организирана и ефективна превенција, со јасна и зајакната позиција на педагогот.

Преку спроведено истражување во центрите за социјална работа, основните и средни училишта, ги констатиравме проблемите, заблудите, недостатоците и предизвиците со кои се соочуваат педагозите на повеќе нивоа во работата во однос на превенцијата на детското престапништво, но и нивните искуства и ставови, како и препораките кои ги даваат за заживување и зајакнување на превенциската пракса.

Во трудот е презентирана и препорачана за имплементирање во пракса превентивната програма ,, Програма за зајакнување на семејствата,, , позитивно евалуирана како ефективна програма за зајакнување на родителските вештини и превенирање на детското престапништво, применета во многу земји, а кај нас во неколку основни училишта

Клучни зборови: деца во ризик, детско престапништво, превенција, превентивни програми, педагози.


**Abstract**

The labour is devoted to children, vulnerable children, children at risk who easiest go over and enter the children's delinquency. That is why the concern of labour is the prevention of child delinquency, discussed from the pedagogical aspect. Pedagogues as an integral part of the social protection system and educationally - educational system in R. Macedonia is "force" that can support children to develop and promote child development, early to identify deviations from it, to recognize, prevent and react in due time in the best interest of the children in their protection. Because the labour prevention of child delinquency is presented as science that is to say its theoretical basis, but also as a practice or its implementation in practice through the application of preventive programs. Through the concept of risk and protective factors through analysis of the situation of children delinquency in our and defining and determining the types of prevention, and presentation of international experience in implementing the research, planning the prevention and developing prevention programs make efforts to develop and explain ways how can implement a planned, organized and effective prevention, with clear and strengthened the position of pedagogue.

Through research conducted in the centers for social work , primary and secondary schools were found problems, mistakes, shortcomings and challenges faced by pedagogues at many levels in the work regarding the prevention of child delinquency, and their experiences and attitudes, as well as the recommendations given to revive and strengthen preventive practice .

In the labour is presented and recommended for implementation in practice prevention program ,, Program to strengthen families,, , positively evaluated as an effective program to strengthen parents skills and preventing child delinquency , applied in many countries , but here in a few primary schools .



Keywords : children at risk , child delinquency , prevention , prevention programs , pedagogue.

# В О В Е Д

20 век кој е зад нас, со право може да констатираме дека е век на детето, имајќи во предвид дека се донесоа многу светски програми, декларации и конвенции кои го промовираат детето односно во центарот на вниманието го ставија детето, неговите права и интереси. Ниту една цивилизација до тогаш не пристапила кон детето со толкава грижа и внимание како тоа што се случи во 20 век. Но дали тоа го чувствуваат денешните деца? Дали тоа во доволна мера како придобивка го чувствуваат децата од Македонија?

Мора да се согласиме дека и покрај забрзаниот развој на општеството, кога станува збор за заштита и грижа на детето се уште има многу отворени прашања (Puljiz, 2000).

Вистината е дека човекот успеа да направи научно-технолошки и индустриски пресврт, оствари непроценливи придобивки од информатичката револуција и го подобри секојдневното живеење во сите сфери, но вистина е дека не успеа до крај да го заштити детето од занемарување и злоставување, од ран влез во детско престапништво, од криминал, дрога, учество во војни, трговија и воопшто не успеа да ги заштити детските животи. Овој век направи ранливи деца, деца жртви, деца изложени на ризици од сите девијации. Вистина е дека асоцијалното и деликвентното однесување на децата секојдневно сурово не потресува кога ги читаме впечатливите новинарски статии и телевизиски извештаи за нов бран на напад со нож помеѓу ученици во училишен двор, тепачка на спортски натпревар, разбојништва или убиства каде сторители се токму децата. А уште попотресни се сликите на децата во ризик и децата жртви на сексуално злоставување или на други кривични дела, на децата кои живеат во крајно тешки материјално - стамбени услови или се жртви на семејно насилство. Ова е последицата, но треба да се запрашаме зошто овие деца се нашле во состојба на ризик, кои се причините за нивното асоцијално однесување, што е тоа што ги тера да ги кршат општествено прифатливите норми и да го одберат другиот, потешкиот пат?

Бројните анализи за состојбата со децата и статистичката евиденција покажуваат зголемување на бројот на децата кои манефестираат различни форми на ризично однесување кои го нарушуваат нивниот нормален развој. Присуството на бројни психолошки, социјални и економски стресори доведува до зголемување на бројот на злоупотребени деца, запоставени и занемарени, појава на насилство меѓу младите, криминал меѓу децата и младите, злоупотреба на дроги и други супстанци, појава на деца на улица и бездомништвото, сиромаштијата и сл. Проблемите на растењето на децата и младите денес заземаат широки и различни димензии со кои не сме се соочувале пред 5 или 10 години, така да научната јавност мора да се насочи кон истражување и на новонастанатите ризични фактори за да може превентивно да се делува во спречување на ризиците, а да се создадат услови за развој на заштитните фактори за побезбедно детство и младост.

За превенцијата и потребата од неа често се пишува и зборува во различни области од детскиот развој, иако никој со неа не се занимава темелно и посветено до ниво на нејзино практицирање. Многу повеќе се инвестира во санирање на веќе манифестирани проблеми и облици, чии негативни последици мора ургентно да се ублажат, отколку да се размислува за нивно превенирање. Таква е состојбата и во областа на социјалната заштита, педагогијата, образованието, здравствената сфера, секаде каде што како крајни корисници се наоѓаат децата. Но превенцијата финансиски е исплатлива ако се спореди со фискалните импликации што ги носи третманот и дополнителната институционална или вонинституционална грижа за децата. Таа е хуман императив на денешнината, бидејќи различни ризични однесувања на децата раѓаат голема болка не само кај децата , туку и кај нивните родители и целата заедница. Затоа превенцијата не секогаш треба да ја именуваме и подразбираме како нешто што треба да се спречи и да се намали туку превенцијата денес добива позитивно значење и се именува со позитивни термини како што се поттикнување, поддржување, развивање, рано идентификување, навремено реагирање.

Превенцијата на детското престапништво во нашата држава е призната како прашање од стратешки приоритет. Постојат и законски услови за превентивно делување бидејќи превенцијата е составен дел во Законот за социјална заштита (Сл.весник, бр.79/09), во Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 (Сл.весник бр.121/10) донесена од Владата на РМакедонија, а пред се во Законот за правда за децата (поранешен Законот за малолетничка правда) во кој едно од најзначајните начела врз кои е заснован е **превенција на детското престапништво** (поранешна терминологија превенција на малолетничкото престапништво).

Кога се зборува за детското престапништво, превенцијата како компонента е првата алка на системот кој се состои од повеќе нивоа. Превенцијата и третманот на децата во ризик се интегрален дел на социјалната политика и социјалната заштита како и на образовната политика и воспитно – образованиот систем во РМакедонија. Најопшта улога на современо концепираниот систем на социјална заштита и на нашиот современ образовен систем е заштита на интересот на децата. Затоа институциите на социјална заштита и институциите на образовниот систем претставуваат клучни сегменти за организирано и формално реагирање на системот во сферата на превенција на престапништвото кај децата (Jugović, Brkić, 2010 ).

Имајќи го во предвид фактот што педагозите се основен, носечки професионален кадар во училиштата како и неопходен стручен профил во центрите за социјална работа, многу е важно да имаат теоретско познавање на современиот концепт и пристап кон превенција на детското престапништво. Затоа целта на овој труд е зголемување на квантумот на теоретско знаење за превенцијата на детското престапништво од педагошки аспект како дел од стручната работа на педагозите во обласна на социјална заштита и во воспитно - образовниот систем и приказ на практично имплементирање на превентивна програма во воспитно - образовниот систем. Во трудот превенцијата се претствува и како наука и како пракса низ краток приказ на нејзиниот историски

развој и денес. Превенцијата е образложена и нејзиното место е позиционирано имајќи ги во предвид широкиот интервенциски современ спектар на борба со детското претстапништво.

Без знаење и идентификување на проблемите на децата, без осознавање на видот и степенот на пореметување во однесувањето кај оваа најранлива популација не е возможно да се испланира и отпочне организирана превентивна активност. Невозможно е да се развијат ефективни превентивни програми, без разбирање на причините за појава на малолетничкото престапништво, односно идентификување на факторите на ризик и факторите на заштита и вклученост на младите во криминални активности. Затоа во трудот ќе се спроведе опсежна анализа на состојбата на детско престапништво кај нас од различни извори со можност за идентификување на ризик факторите. Но секако се наметнува потреба и од идентификување на протективните фактори, објаснување на нивното дејствување и начини на кои можеме да ги развиеме и зајакнеме и објаснување на начините на кои тие остваруваат влијание во превенција на различни девијантни и просоцијални облици на однесување.

Нашето интересирање ќе биде насочено кон професионалците односно кон педагозите во социјалната сфера, вработени во Центрите за социјална работа во Република Македонија, кои работат директно со децата во ризик, децата кои се во допир или во судир со законот. Преку емпириско истражување ќе се обидеме да ги констатираме проблемите, недостатоците и предизвиците со кои се соочуваат на повеќе нивоа во работата, препораките кои ги даваат како и нивните ставови за превенциската пракса, за заблудите и неразбирањето на превенцијата од страна на професионалците, што е една од причина за нејзината неразвиеност во социјалната заштита. Исто така фокус на нашиот интерес се и педагозите во основните и средни училишта во РМакедонија, кои се наставници или составен дел на педагошко - психолошката служба во училиштата кои со измените и дополнувањето на Законот за основно образование и Законот за средно образование добија конкретни законски надлежности и задачи кои се во

функција на превенирање на детското престапништво. Посебно треба да ја препознаеме улогата на педагогот во сите фази на подготовка и спроведување на превентивните програми во сите области каде во фокус на интересот се децата.

Секоја наука се темели на знаење поткрепено со истражувања и квантитативно - квалитативни анализи, на можност да докаже поврзаност помеѓу причините и последиците и да постави јасни критериуми со кои тоа знаење ќе го шири и применува во пракса. Во превенциската наука таа алатка се превентивните програми. А имајќи го во предвид фактот дека со детско престапништво се опфатени децата и младите, онаа ,,сила,, која ќе треба да го води нашето општество во иднина, мораме да ги развиваме превентивните програми, за да ги зајакнуваме заштитните фактори и да изградиме отпорни личности, деца кои ќе покажат поголема резилиентност од претходната нивна генерација. Програмите на превенција треба да се комплексни и доволно опфатни да вклучат голем број на деца и нивните родители кои треба да научат како да се справат со идните проблеми кои може да се појават во текот на детското растење.

Но дали превенцијата е само теоретско барање или е возможна и во пракса?

Обиди на полето на превенција кај нас имало и порано, но тие биле повремени, осамени и изостанувала нивна евалуација односно прикажување на успешност или ефектите од програмите кои биле со кратко делување и карактер. Превенцијата не е видлива и опиплива, таа е феномен чии ефекти не се гледаат сега и веднаш по спроведување на одредена програма. Обично ефектите од делување на програмата се гледаат во годините што следуваат, кога децата влегуваат во критичен период, во период на адолесценција, а нивните родители односно семејството се неподготвени и оптеретени со други животни проблеми и често од заштитен фактор стануваат фактори на ризик. Причина за ваквата состојба е недостаток од единствена теоретска основа која би значела појдовна точка во планирањето и програмирањето на превентивните активности посебно во педагошката наука.

Во трудот ќе се наведе концептот односно моделот "Програма за зајакнување на семејствата" и ќе се прикаже негова практична примена преку

имплементирање во 5 училишта во минатата учебна година и ширење на мрежата на негова примена уште во неколку училшта во државава. Тоа е позитивен пример за соработка помеѓу семејството, училиштето и заедницата во насока на превенирање на ризично однесување на децата и интервенирање преку зајакнување на родителските капацитети и градење на позитивни социјални вештини кај децата.

Само на овој начин, со практицирање на превентивните програми на многу похуман и посестран начин ќе се оствари заштитата на децата од негативните последици кои ги носи престапничкото однесување. Тука секако доминантна улога имаат педагозите, кои како стручни работници чие делување е насочено кон згрижување, воспитување и образование на децата и младите во различни институции, имаат најголема можност за превентивно делување и спречување да се развијат различни пореметување во однесувањето на децата и младите.

# ПРВ ДЕЛ

## Теоретски пристап кон проблемот

# I. Детско престапништво

## 1. Етиологија на детското престапништво од аспект на концептот на ризични и заштитни фактори

Детското престапништво е нов термин кој во Република Македонија се воведе со најновите измени и дополнувања на Законот за малолетничка правда односно овој закон претрпи промени и во својот наслов и прерасна во Закон за правда за децата (Сл.весник, 148/13). Со тоа терминолошки и концепциски нашата држава сосема се доближи до меѓународните документи и препораки ратификувани од страна на Република Македонија, особено се усогласи со Конвенцијата за правата на децата.

Сите досегашни истражувања, научни сознанија и интервенции во областа на малолетничкото престапништво се однесуваат на сега веќе именуваното детско престапништво кое како актуелен термин ќе се користи во овој труд. Значи, детското престапништво само по себе е мошне сложена и комплементарна појава, а во современите услови на живеење станува се позначаен феномен кој ја наметнува потребата од проучување на оваа проблематика од педагошки аспект, бидејќи станува збор за млади луѓе и за нивните семејства на кои им е потребна помош за поадекватно надминување на проблемите и за тоа е потребно изнаоѓање на посовремени пристапи и методи за работа во педагошката практика.

Детското престапништво како едно од најтешките социјални проблеми е динамична категорија, што значи дека како резултат на промените во сите сегменти на општествениот систем и оваа појава трпи одредени модификации. Затоа не може да се каже дека сегашните научни сознанија со кои располагаме се доволни за оваа појава да се согледа во целост, тие постојано треба да се надополнуваат и надоградуваат, во што се согледува оправданоста и потребата од постоење на емпириско – теоретски истражувања од оваа област, посебно од педагошки аспект. Резултатите од ваков вид истражувања добиваат поголема научна вредност ако по својот квалитет и квантитет дозволуваат да се изведат

научни сознанија кои ќе имаат практична примена и ќе придонесат кон намалување на детското престапништво.

За да имаме јасна слика за детското престапништво мораме да го опфатиме етиолошкиот аспект односно да се насочиме во пронаоѓање на причинско – последичните врски и односи. До сега се понудени многу идеи и теории, како и спроведени се бројни истражувања во настојувањето да се објасни феноменот на детското престапништво.

Во обидите да се расветлат причините за појавата на детското престапништво, се забележува таков пристап кој неговите детерминанти ги бара во факторите различни по својата природа и потекло. Значи, не може да се инсистира на една општа причина или механизам кој предизвикува пореметување во однесувањето на децата, бидејќи тоа би било еднострана ориентација, недоволна за соодветно третирање и толкување на оваа проблематика. Утврдувањето на етиологијата односно на причините за појава на малолетничко престапништво, претставува сложен проблем бидејќи една појава создава друга, која се јавува како последица. Теориите и етиолошките истражувања ги идентификуваат ,,криминогените,, фактори одредувајќи им значење спрема интензитетот на своето влијание и иако ниту една теорија или истражување не е толку комплексно и апсолутно вистинито, сепак секое дава свој придонес и отвара нови патишта и насоки за барање на одговорите за спречување односно превенирање на овие причини и фактори. Затоа следењето на овој социјален проблем има посебно значење за превенцијата и нејзиното организирање, бидејќи без познавање на појавата, а посебно без утврдување на причините кои ја предизвикуваат, нема ниту превенција која методолошки е насочена кон причинските фактори на појавата.

Асоцијалното и деликвентното однесување на младите е резултат на пореметувањето на бројните односи на релација децата и општеството, децата и семејството, децата и училиштето, децата и опкружувањето и други релации кои секојдневно се воспоставуваат и градат. Значи може да се идентификуваат цела една низа на ризични фактори во сите домени на детското живеење, во рамките на семејното живеење, односот на родителите, училштето, влијанието на

медиумите, неформалната група на врсници, содржините на слободното време и сл. Но од друга страна постојат цела низа на заштитни фактори во рамките на истите сегменти на детскиот раст и развој кои ги прават децата и младите отпорни, неранливи, резилиентни односно еластични. Повеќето од факторите на ризик може да се неутрализираат преку негување на повеќе позитивни одлики или „заштитни фактори". Од друга страна пристапот мора да биде индивидуален, бидејќи универзално одредените ,,фактори на ризик,, не се секогаш ризични за секое дете и во секое време. Затоа како професионалци треба многу одговорно да се однесуваме при проценката на одредување на факторите на ризик кои довеле до престапничко однесување на детето и истите да се решат преку негување заштитни фактори во животот на децата што е всушност основа и за градење на превенција. Може да се каже дека овие заштитни фактори ги амортизираат ризичните фактори и стимулираат позитивно однесување или ја зајакнуваат отпорноста кај индивидуите, развиваат позитивно однесување, приврзаност кон семејството, училиштето, кон некој возрасен во или вон семејството и сл. Императив е сите практични настојувања на превенцијата на детското престапништво да бидат засновани на етиолошки показатели кои овозможуваат креирање на адекватни превентивни програми кои ќе поттикнат правилен социјален развој, а ќе ги редуцираат можностите за ескалирање на негативно однесување на децата.

Во 70 - 80 те години на 20 век почнува да се развива **концептот на ризични и заштитни фактори** како резултат на истражувањата кои се спроведувале во светски рамки и се констатирало дека ризичните фактори претходеле на пореметувањето во однесувањето кај децата и влијаеле врз нивните животи, а тие не покажале отпорност на истите. Затоа е важно првично да се појде од теоретското гледиште на концептот на ризични и заштитни фактори, да се објасни истиот за да може понатаму да го користиме за воведување и воспоставување на различни концептуални рамки на превенцијата.
Концептот на ризични и заштитни фактори е еден од современите теории во областа на спречување на ризично однесување, која обезбедува научно засновано објаснување на потеклото и развојот на веројатноста за појава на

ризични форми на однесување. Тоа е концептуален пристап кој е развиен во рамките на менталната хигиена, со цел да се подобри менталното здравје на општата популација, кој посочувал на фактори кои можат да ги намалат потенцијалните штетни ефекти од постоечките ризици (Pandina, 1998, според Popović-Ćitić, Ţunić-Pavlović, 2005).

Првично, концептот на ризични и заштитните фактори се применувал во областа на злоупотреба на droги, а потоа се проширил на примена во областа на спречување на сериозни кривични дела, вклучувајќи го напуштање на училиште, насилство, криминал и други (Catalano et al,1998, според Popović-Ćitić, Ţunić – Pavlović, 2005).

## 1.1. Фактори на ризик

Научно е потврдено дека детското престапништво односно пореметувањето на некој сегмент во однесувањето на децата и емоционалните проблеми, може да се јават уште на предучилишна возраст. Така на пример со лонгитудинална студија во предучилишна возраст на децата се откриле низа фактори на ризик кои влијаеле на подоцнежниот развој за појава на пореметување во однесувањата на децата (Achenbach i sur.,1995, според Opic и Jurcevic, 2008). Истражувањето е спроведено од 1986 до 1992 година, на деца од 4 до 16 години. Утврдените пореметувања во однесувањата на децата биле: потешкотии со самоконтролата, појава на агресивно однесување, проблеми во воспоставување на социјалните односи, проблеми во емоционалниот развој. Затоа Ајдуковиќ (2000а, стр.51) говори дека ,,факторите на ризик се веројатности на појава на идни проблеми". Тоа се влијанија кои ги зголемуваат потешкотиите во процесот на социјализација и може да ги поделиме во две групи:

- ризични особини (предиспозиции): пол, темперамент, хиперактивност, некои когнитивни потешкотии кај детето;
- обележја на опкружувањето: сиромаштво, невработеност, семејни прилики и сл. (Fraser, 1997 , според Ajdukovik, 2000 ).

Истражувањата покажуваат дека присуството на три или повеќе ризични фактори во детскиот развој го прават истиот високо ризичен, што значи дека една поединечна негативна околност сама по себе не доведува до негативен исход.

Ризичните фактори (Coie et al.,1993, според Basic, 2000, стр.35) се дефинираат како ,,било кои влијанија кои ја зголемуваат веројатноста за прво појавување на пореметувањето, напредување или поддржување на истото". Тоа значи дека ризик факторите ја зголемуваат можноста за почеток, зачестеност, постојаност или траење на таквото однесување. Ризичните и заштитните фактори се однесуваат подеднакво на оние од пренаталниот период и биолошкиот, но и на срединските околности и услови кои ги погодуваат децата. Значи имаат или индивидуален или контекстуален карактер и ја зголемуваат веројатноста за неуспешен или успешен излез за детето.

Постои став според кој ризик факторите се дефинираат како „надворешни или внатрешни влијанија/состојби кои се поврзани со негативната последица или ја предвидуваат истата".(DeMatteo & Marczyk, 2005).

По дефиниција, ризик факторот за појава на пореметување во однесувањето е варијабла која ја предвидува зголемената можност за подоцнежно престапништво (Kazdin et al., 1997, според Farrington & Welsh, 2007). Меѓутоа, терминот ,,ризик фактор" не се употребува конзистентно. Многу често, ризик факторот може да означува и некоја категорија на објаснувачката варијабла. На пример, родителската супервизија како ризик фактор, може да биде поделена во две категории: слаба и просечна родителска супервизија, што покажува дека ризик факторот може да биде поделен во две популации, високо и ниско ризична група (Offord & Kraemer, 2000, според Farrington & Welsh, 2007).

Голем проблем претставува детерминирањето на тоа кои ризик фактори се причини, а кои само „маркери", односно поврзани со причините. Фарингтон (2010) укажува на три критериуми за утврдување на каузалните ризик фактори:

- ризик факторот е поврзан со последицата;
- ризик факторот и претходи на последицата и

- ризик факторот ја предвидува последицата, после контролирањето на сите други варијабли.

Оттука произлегува фактот дека е многу тешко е да се одлучи дали некој фактор на ризик е индикатор (симптом) или можна причина за однесувањето. Важно е факторите на ризик да бидат следени во текот на подолг временски период и да се направи соодветна функционална проценка на однесувањето, како и да се има во предвид фактот дека некои фактори може да се и индикативни и причински.

Карактеристика на сите ризик фактори кои доведуваат до појава на пореметување во однесувањето е „отстапувањето од нормативните постигнувања на децата и младите во училиштето, семејството и поширокото социјално опкружување, проследено со проблеми во однесувањето и учењето“ (Mystian & Sanchez , 2012).

Во литературата и статистички гледано најкарактеристични ризични фактори кои развиваат пореметување во однесувањето на децата се:

- ,,Генетски или биолошки фактори на ризик (пренатална траума, алкохол, дрога во бременост, наследни ризици и др.);
- Индивидуални или врснички фактори на ризик (влијание на врсници, поврзаност со деца со проблеми во однесување и др.);
- Ризични фактори поврзани со училиштето (училишен неуспех, сиромашно академско постигнување, дисциплински проблеми и др.);
- Ризични фактори во семејството ( проблеми во семејството, конфликти, семејна историја на високоризично однесување, негативен родителски модел и др);
- Ризични фактори во заедницата (хронично насилство во заедницата, сиромаштија, отсуство на здравствена заштита, економска депривација и др.)” (Williams, Ayers, Arthur, 1997, според Basic, 2000,стр.36).

Во Извештајот за насилство кај младите на U. S Department of Health and Human Servicies (DHHS, 2010), се наведува поделба на ризик факторите во пет категории:

1. Индивидуални фактори;
2. Семејни фактори;
3. Фактори поврзани со училиштето;
4. Фактори поврзани со врсниците и
5. Фактори поврзани со општествената средина.

Семејните фактори поврзани со појавата на пореметување во однесувањето, како важен предиктор за антисоцијално однесување, се поделени во неколку групи:

- семејни фактори поврзани со семејната динамика и семејното функционирање (сиромашни практики на одгледување на децата, семејни конфликти, злоупотреба на супстанци од страна на родителите, семејно насилство, историја на криминални активности во семејството, семејна нестабилност и дисфункционалност);
- семејни фактори поврзани со семејните карактеристики (бројот на деца во семејството, семејна мобилност, некомплетно семејство, млади родители);
- семејни фактори поврзани со областа на живеење (сиромашна област, присуство на малолетнички криминални групи во средината, достапност на дрога и оружје). (National Crime Prevention Centre, 2008).

Факторите на социјалниот развој за кои е научно утврдено дека се во врска со степенот на веројатноста за формирање на развој на ризично однесување, без разлика на тоа дали тие се биолошки, психолошки или од социјална природа, ниту дали нивните активности имаат карактеристики на причините, условите и поводите, наречени се фактори на ризик или ризик фактори. (Hawkins, 1992). Значи тоа се фактори кои со своето дејствување го попречуваат и оневозможуваат формирањето на про - социјалното однесување. Сепак, присуството на ризик фактори во животот на младите луѓе не значи нужно дека ќе се манифестира ризичното однесување, туку само укажува на повисок степен на

ризик и веројатноста за нивното формирање и развој. (Hawkins et al., 2000,според Popović-Ćitić, Ţunić-Pavlović, 2005). За факторите кои претходат во пореметувањето, истите автори зборуваат на следниот начин:

- Факторите на ризик остануваат стабилни, без разлика на општестевените промени;
- Факторите на ризик се појавуваат во различни и повеќеслојни општествени состави, вклучувајќи го семејството, училиштето, заедницата, работното место, групата на врсници и сл;
- Факторите на ризик различно влијаат на младите во различни фази на развојниот процес;
- Некои фактори на ризик не предизвикуваат голем ризик, но ако се најдат во комбинација со поранешни фактори на ризик имаат моќно влијание.

Во последните години со развојот на информатиката и техниката се зголемува бројот на ризични фактори како што е влијанието на печатените и електронски медиуми, сајбер насилство или ризици од содржини достапни на интернет и сл.

### 1.1.1 Деца во ризик и ризично однесување

Во контекст на одредување на факторите на ризик кои носат можност за развивање на состојби на ризик на кои се изложени децата, во поново време сеопфатен термин за деца со проблеми и разни нарушувања во однесувањето се користи терминот "деца во ризик". Така, на пример тоа се деца со проблеми во однесувањето, агресивни, деца со ниски постигнувања во училиште, манифестираат деликвентно однесување и други ризични однесувања за време на адолесценцијата. (Bašić, 2006).

Според Законот за правда за децата (Сл. весник бр.148/13) **дете во ризик** е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/от, односно старателите/от, кое не е вклучено во системот на образование и воспитување,

вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело.

**Дете во ризик до 14 години** е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор над три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило седум, а не наполнило 14 години. (Сл. весник бр. 148/13 година). Децата во ризик до 14 години со оглед на нивната возраст не се кривично одговорни и во оваа категорија спаѓаат деца кои покажуваат знаци на девијантно однесување, користат дроги, деца на улица, воспитно запуштени деца, деца од нефункционални, сиромашни семејства и се наоѓаат во такви животни ситуации и околности кои може да ги доведат во судир со законот. За оваа категорија на деца е надлежен системот на социјална заштита, кој преку примена на мерките на помош и заштита настојува ризиците на кои е изложено детето, а кои влијаат врз неговиот личен развој, да ги ублажи или отстрани. Ваквите мерки на помош и заштита се насочени кон детето, но и кон неговото семејство и се од областа на образованието, здравството, семејното живеење, социјалните аспекти и при тоа се користат погодностите што ги нудат соодветните закони. Најголем број на оваа категорија на деца се ученици и нивната состојба е идентификувана и во воспитно – образовниот процес каде што се вклучени и кој систем од своја страна исто така треба да даде соодветен одговор на оваа состојба согласно своите надлежности и закони.

Во стручните и научни кругови, како и во секојдневниот живот, освен терминот ризично однесување, се користат уште некои поими како нарушувања во однесувањето, едукативна и воспитна запуштеност, девијантно однесување и др. Се користат и термините:

- антисоцијално однесување на младите,
- воспитна запуштеност,
- лошо општествено однесување,

- девијантно однесување,
- престапничко однесување,
- малолетничка деликвенција,
- агресивно однесување,
- ученици со емоционални и проблеми во однесувањето,
- екстернализиран синдром - синдром на недоволна контрола. (Milovančević, 2001).

Некои автори во категоријата на деца со посебни образовни потреби ги вклучуваат и децата со изразени пореметувања во однесувањето (воспитни проблеми, емоционална и социјална незрелост, пасивно - агресивни и агресивни реакции, деликвентно однесување и сл.). (Hrnjica et al,1991).

Ризично однесување се такви форми на однесување што го загрозуваат здравјето и вкупната физичка, ментална и социјална благосостоја на детето. Нарушувањето во однесувањето се карактеризира со повторени и континуирано присутни форми на асоцијално, предизвикувачко и агресивно однесување. (Popović-Ćitić, Ţunić-Pavlović, 2005).

Утврдувањето на степенот на ризик на кои се изложени децата е многу важен во контекст на правилна проценка за планирање на соодветна интервенција. За опишување на ризикот на кои се изложени децата, потребно е да го претпоставиме неговиот континиум. На едниот крај е "низок ризик" и е опишан како оној кој носи минимална штета на благосостојбата на детето, а од друга страна е "висок ризик" и е опишан како оној што носи сериозна штета на благосостојбата на детето и има сериозна штета на неговиот целокупен развој. На крајот од тој континуум се развиени форми на нарушувања во однесувањето. (McWhirter et al.,1993, според Bašić,2006).

Терминот "деца во ризик" во стручно - научната литература во главно се користи како "универзален" термин за личности кои во текот на детството и адолесценцијата покажуваат различни семејни, здравствени, емоционални, воспитно - образовни проблеми или некои облици на пореметување во однесувањето. (Bašić, 2000, според Zloković,Vrcelj, 2010).

Резултатите на различни педагошки, психолошки, социолошки истражувања покажуваат дека децата кои во раното детство и младост конзумираат алкохол, дрога, го напуштаат училиштето, насилни се кон себи и другите, склони кон скитање, бегање од дома и др. претставуваат популација изложена на многу ризици и последиците од истите. Воочувајќи ги овие проблеми и последиците од нив на индивидуално и социјално ниво, експертите уште пред десет години ги предупредувале родителите и наставниците на потребата од рана превенција (Jessor, 1998). Денес спектарот на ризични однесување се проширува на нови ризици како што се политоксикоманија (комбинација на различни психотропни супстанци со алкохол), брзо опијанување "*bringe drinking*", "*hook up*" култура (сексуални односи со што повеќе партнери), хазардни ноќни трки и ризични возења со автомобили, проблеми со исхрана, со спиење и прифаќање на ризични животни стилови. На овие ризик фактори многу е тешко да се најдат соодветни протективни односно фактори на заштита. Хетерогенезата на причините и нивната интеракција е динамичен систем кој бара препознавање на непосрени заштитни фактори. Во сите овие облици најважен заштитен фактор е подршка од семејството и силна семејна супервизија.

Истражувањата укажуваат на нови тенденции на се помалата родителска увереност дека се обврзани да им го пренесат на своите деца позитивниот вредносен систем кој тие го добиле од своите родители. Како сегашната генерација на родители да е преслаба за да ги оспособи своите деца за живот затоа што и тие се често во дилема како да ги воспитуваат своите деца и на што да ги учат. Денешните родители се генерација на родители кои растеле со еден систем на морални вредности кој сега е во ерозија и се воспостави некој квази морал и вредности на кои истите не може да се навикнат, да ги прифатат или ги прифаќаат декларативно за да успеат, а не се нивни уверувања, но истите се современост на нивните деца. Постои ,,морален банкрот" на родителите како први личности во животот на децата кои имаат права, но и должности во низата родителски функции да ги воспитуваат децата и да им го пренесат сегашниот ,,позитивен морално - вредносен систем". Често родителите растргнати помеѓу сопствените убедувања и уверувања и сегашниот начин на живеење кои го

практикуваат ниту имаат волја нити сакаат да им ги пренесат на своите деца денешните вредности кои се практикуват и затоа експертите се поголема надеж полагаат во училиштето кое се очекува на децата да им ги пренесе ,,универзалните" вредности и во значајна мера да ги хармонизираат партикуларните вредности кои децата ги добиваат во семејството. Затоа родителството како ,,улога" треба да го посматраме во контекст на дневно променливите ,,општествено вредносни" околности и настани, внатрешни и надворешни стресори кои влијаат на нивното функционирање. (Zloković,2010).

## 1.2. Фактори на заштита

Денес е општо прифатено дека заштитните, протективни фактори не имплицираат отсуство на фактори на ризик, но дека тие самите по себе претставуваат посебна група на специфични фактори, независно и одвоени од фактори на ризик. Присуството на заштитните фактори во животот на децата претставуваат препрека за развој и зацврстување на различни форми на ризично однесување. (Popović-Ćitić, Ţunić-Pavlović, 2005).

Од друга страна, многу млади луѓе покрај изложеноста на негативните ефекти, не покажуваат форми на ризично однесување, што се оправдува со фактот дека постојат и некои други фактори на социјалниот развој кои делуваат во насока на создавање услови кои поттикнуваат правилен социјален развој и на тој начин придонесуваат за намалување на веројатноста за појава, развој и повторување на ризичното однесување. Овие фактори на социјалниот развој се нарекуваат заштитни фактори.

,,Заштитните фактори се внатрешни и надворешни сили кои му помагаат на детето успешно да ги поднесува или ублажува ризиците''. (Fraser,1997, според Ajduković, 2000, стр.52).

Овие фактори придонесуваат кон развивање на психолошката отпорност во интеракција со факторите на ризик.

Во литературата се нагласуваат три важни и пресудни причини за позитивен развој на децата се:

- поддршка на семејното опкружување во комбинација со родителска супервизија на активностите на децата и доследна дисциплина;

- социјална мрежа надвор од семејството во која улогата на училиштето е најизразена;

- лични карактеристики и темперамент на детето (позитивно јас концепт, самодоверба, чувство на контрола, социјална одговорност, сензибилност, кооперативност и добра комуникација, социјални вештини, отвореност). (Hauser&Bowlds, 1990 и Dacey&Kenny 1994, според Ferić, 2002).

Во заштитни фактори се вбројуваат женскиот пол, силна поврзаност со родителите, добра комуникација во семејството, позитивен темперамент, адаптибилност, стимулативна семејна атмосфера, здрав вредносен систем на верување, просоцијална ориентираност, вештина на решавање на социјалните проблеми, силна надворешна поддршка. (Hawkins et al.,1995, според Basic, 2000).

Дел од авторите кои се занимаваат со оваа проблематика, ги дефинира факторите на заштита како „модератори" односно варијабли кои стапуваат во интеракција со ризик факторите за да ги намали нивните ефекти". (Rutter, 1985 , според Farrington & Welsh, 2007). Сметаат дека тие помагаат подобро да ги разбереме карактеристиките и ситуациите кои ги заштитуваат и дистанцираат децата и адолесцентите од деликвентно однесување. Факторите на заштита се кумулативни и интерактивни. Како и да е, тие не секогаш имаат спротивно значење од ризик факторите, на пример растењето во сиромашна област може да биде надминато со вклучување на родителите, партиципација и поддршка.

Факторите на заштита, според U.S. Department of Health and Human Services (2010), се делат во три категории:

1. Индивидуални фактори:
    - самоконтрола,
    - поврзаност со родителите,

- добри комуникативни вештини,
- способност за склопување на пријателства,
- добри односи со врсниците,
- почитување на правилата во домот, училиштето и јавните места,
- позитивен психички развој,
- соодветни академски постигнувања,
- висока самодоверба,
- емоционална саморегулација,
- способности за надминување и решавање проблеми.

2. Семејни фактори:
   - адекватна поддршка од родителите,
   - одговорност,
   - заштита од стравови и повреди,
   - техники и можности за решавање на конфликти,
   - адекватни социекономски ресурси на семејството,
   - конзистентна дисциплина,
   - јасни очекувања од родителите ,
   - силни врски и интеракции помеѓу членовите на семејството,
   - соодветни правила, граници и мониторинг.

3. Фактори поврзани со училиштето и општествена средина:
   - поддршка во предучилишна возраст,
   - пристап до соодветни служби,
   - стабилно, сигурно поврзување со воспитувачи/негуватели,
   - здрави врски со врсниците,
   - јасно очекувања од наставниците,
   - ефективни едукативни стратегии,
   - позитивно партнерство меѓу родителите, училиштето и средината,

- училишни политики и практики за намалување на насилството меѓу децата,
- јасни очекување за адекватно однесување,
- физичка и психичка безбедност.

Првите чекори во превенцијата на пореметувањето на однесувањето кај децата поаѓале од следниве претпоставки:

- Постојат фактори кои претходат на пореметувањето во однесувањето на децата кои може да се идентификуваат;
- Влијанието на факторите на ризик може да се минимизира или елиминира ако со нив се работи директно и
- Влијанијата на поранешните ризични фактори може да се минимизираат или елиминираат низ поттикнување и јакнење на заштитни фактори. (Dryfoos, 1990, според Basic, 2000).

Но со започнување на оваа тема се отвораат и наметнуваат многу прашања: дали во овој современ свет кој брзо се менува може да ги предвидиме сите ризични фактори, дали можеме да ги препознаеме ризичните начини на однесувања на помала возраст за да рано интервенираме, дали однесувањето на децата е секогаш ризик или понекогаш е и ,,експериментирање" неопходно за да децата пораснат, како ќе правиме проценка кои деца да се вклучат во превенциските програми, кои деца се во ризик, а кои се во висок ризик? Зошто некои деца и покрај високо стресните и ризични фактори не развиваат пореметување во однесувањето, а други се на страната на високо ризично однесување со долготрајни негативни последици?

Реалноста често ни покажува примери кои теоријата не ги предвидела или до неодамна не можела да ги објасни, а тоа е дека во контекст на ризичните и заштитните фактори и децата во ризик, треба посебно да се спомнат т.н. отпорни деца. На пр. во повеќедетно семејство кое живее во тешки материјално - стамбени услови, со присутен алкохолизам кај едниот родител и семејно насилство, децата изложени на повеќе ризични фактори пројавуваат девијантно

однесување, крадат, скитаат, не одат на училиште, но едно од децата може да е резилиентно, да покаже отпорност и да се издигне над состојбата. Во сите средини забележано е дека има деца кои се изложени на многу ризични фактори, а успеваат да развијат такви животни вештини кои ќе им осигураат добро растење.

Терминот ,,отпорност" почнал да се користи за да се опише позитивната страна, пол на феноменот на индивидуални разлики во човечките одговори на стрес и неволји. (Rutter, 1992, според Basic, 2000). За развој на отпорноста одговорни се социјалната околина, семејната средина и личните вредности односно карактеристики на поединецот.

Забележани се пет карактеристики кај отпорните деца, а тие способности се критични училишни способности (кои не се само академско постигнување туку снаодливост низ системот), разбирање и сфаќање на себе си и самопочитување, комуникација со другите, способност на соочување со стрес, самоконтрола. (Mc Whirter, 1993).

Овие карактеристики треба максимално да се поддржат кај здравата популација на деца и да се отпочне со добро планирана превенција преку рана интервенција уште од предучилишната возраст.

Највважно е да се развиваат факторите на отпорност. ,,Тие секогаш треба да бидат во центарот на сите превентивни програми и третмански дејствувања кои се спроведуваат во ,,природното" опкружување на децата". (Ajduković, 2000a, стр. 55). Прифатлив е еколошкиот пристап кој подеднакво внимание придава на семејните односи и на вонсемејните влијанија на семејството, а кои се огледуваат во влијанието на соседството, училиштето, локалната заедница. ( ganec, 2002).

Направен е детален опис на факторите на развој на отпорност кој предвидува стабилен емоционален однос барем со едниот родител или друга блиска личност, социјална поддршка внатре или надвор од семејството, емоционална отворена и поддржувачка атмосфера во училиштето, активно соочување со стресот и др.

(Loesel, 1992; Bliesener&Loesel,1992; Bender, Bliesner&Loesel, 1996, според Ajduković, 2000a).

Како што напоменавме дефинирање на ризичните и заштитните фактори може да биде во три области:

- индивидуалните карактеристики на личноста (агресија, хиперактивност, когнитивните дефицити);
- семејните карактеристики (родителска девијација, дисфункционално семејство) ;
- карактеристики на животната средина (лоша организација на училиштето, неформалната група на врсници).

Неодамнешните истражувања и теоретските размислувања за превенција, заклучија дека сите деца и адолесценти имаат еден вид на "микс" на ризични и заштитни фактори кои ја детерминираат веројатноста дека проблемот ќе се појави. (Bašić, Ferić&Kranţelić, 2001).

Наведените ставови и разгледување на подрачјето на ризикот и неговите законитости, доведуваат до три заклучоци и тоа:

- Превенциските активности мораат да бидат насочени истовремено на повеќе фактори т.е.мораат да ги опфатат сите фактори;
- Превенциските интервенции да бидат повеќечлени т.е. да ги опфаќаат сите фактори кои постојат во општествените состави со кои децата и младите се во интеракција;
- Превенциските интервенции мора да бидат повеќеслојни т.е. за да помошта се случи на индивидуално ниво, таа мора да постои и на макро ниво.(Ajdukovic, 2000).

## 2. Ситуациона анализа: Состојбата на детското престапништво во Република Македонија

Република Македонија е земја со приближно 2 милиони жители од кои речиси една третина (597.702) се деца до 18 - годишна возраст. Според истиот извор, (ДЗС, www.stat.gov.mk), 16 % од населението во Република Македонија се деца од 7 до 18 годишна возраст за кои е надлежен Законот за правда за децата. Од нив спрема речиси 700 деца или 0,21% годишно се изрекуваат санкциии согласно Законот за правда за децата за некое сторено кривично дело. Последните извештаи на Државниот завод за статистика покажуваат дека околу 30.000 деца го користеле системот на социјална заштита и кон нив биле применети приближно 10.000 форми за заштита и 8.000 мерки на социјална заштита. Според претходните податоци на Државниот завод за статистика, вкупниот број на малолетни корисници на социјална заштита во 2011 година изнесува 21 756 што претставува намалување за 3,3% во однос на 2010 година. Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупниот број на малолетни корисници на социјална заштита во 2012 година изнесува 18,181.( ДЗС, www.stat.gov.mk).

Податоците покажуваат дека од погоре посочената бројка на деца, годишно околу 1300 - 1500 деца се пријавени како сторители на кривични дела, а двојно поголема е бројката на деца кои се во надлежност на административниот систем на социјална заштита, при што се вклучени и децата под 14 годишна возраст кои пројавуваат знаци на антисоцијално однесување или пак сториле кривично дело.

**Табела 1: Број на деца во ризик и малолетни сторители на кривични дела за 2012 год.** (според ДЗС, www.stat.gov.mk)

| 2012 година | Женски | Машки | Вкупно: |
|---|---|---|---|
| Деца со воспитно-социјални проблеми(деца во ризик) | 155 | 413 | 568 |
| Малолетни сторители на кривични дела (а во судир со законот) | 246 | 2700 | 2946 |
| Вкупно: | 401 | 3113 | 3514 |

Во последните пет години, малолетничкиот криминалитет учествува со околу 5 -10% од вкупниот криминал во земјата. Загрижува фактот што за 2009 година споредено со 2008, порастот на пријавени сторители на кривични дела изнесува 12%, а 4,6% на осудени малолетни сторители. Последните податоци од Државниот совет за превенција на детско престапништво говорат дека во 2013 година за 19% е во пораст детското престапништво во однос на претходната година.

**Табела 2: Број на пријавени и осудени малолетни сторители во периодот 2000-2009** (според ДЗС, www.stat.gov.mk)

| Година | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пријавени | 1815 | 1446 | 1266 | 1278 | 1488 | 1262 | 1500 | 1229 | 1355 | 1519 |
| Осудени | 939 | 877 | 776 | 826 | 877 | 762 | 844 | 676 | 715 | 748 |

Годишно околу 3000 деца и малолетници се корисници на одредени форми, мерки и услуги на социјална заштита, тука се вклучени и децата под 14 годишна возраст кои пројавуваат знаци на асоцијално однесување или пак сториле некаков прекршок или кривично дело. Според податоци на УНИЦЕФ (www.**unicef**.org/tfyrmacedonia), околу 22 000 деца се во ризик да дојдат во контакт

или се во конфликт со законот. Во последните години, процентот на децата под 14 годишна возраст со асоцијално поведение, но и на оние кои сториле кривично дело е околу 17 % од вкупниот број на деца вклучени во системот на социјална заштита.

Може да се заклучи дека, во однос на структурата на детскиот криминалитет, последната декада не покажува значителни разлики. Децата најчесто се вклучени во имотните кривични дела, делата против животот и телото, безбедноста на јавниот сообраќај, нарушувањата на јавниот ред. Промени можат да се забележат во поголемата присутност на насилството при сторување на престапите и употребата на оружје, особено со пораст на кривичните дела нанесување на телесни и тешки телесни повреди, тешките кражби, разбојништва и разбојнички кражби, како и насилството како кривично дело. Малолетничкиот криминалитет во однос на видот на кривични дела главно не е промент. Но се забележува намалување на долната возрасна граница, каде како деца во ризик се јавуваат 9 - 10 годишни деца, а како сторители на кривични дела деца на 12 годишна возраст што е уште еден аргумент за започнување на превентивните програми на порана возраст заради превенирање на овие состојби на ризик.

Рецидивизмот односно повторништвото кај децата е еден од проблемите во детското престапништво. Рецидивизмот кај вкупната испитувана популација изнесува 35,8%, и тоа кај деца на кои што им е изречена вонзаводска мерка изнесува 33,0%, додека пак кај деца со заводска мерка (вклучително и малолетнички затвор) изнесува 42,5%. Во однос на санкционирање на децата за сторени кривични дела, сместувањето во институција и лишување на детето од слобода (Малолетнички затвор - Охрид и Воспитно - поправен дом - Тетово) се применува како крајна мерка и тоа исклучиво за деца рецидивисти и во ситуација кога претходно применететите мерки не покажале позитивен ефект и корекција во однесувањето. Најприменувана воспитна мерка е Засилен надзор од страна на родители и Засилен надзор од страна на Центарот за социјална работа, што укажува на потребата од работа со родителите и подобрување на родителскиот надзор.

Од годишниот извештај за имплементација на Законот за правда за децата во системот на социјална заштита на ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје за 2012 година, може да се констатира дека најголема е примената на воспитни мерки во делот на санкционирање на децата и тоа центрите за социјална работа реализирале 1518 воспитни мерки кои биле изречени од страна на Судот. Во центрите за социјална работа воспитната мерка - Засилен надзор од страна на родител/старател е реализирана спрема 698 деца, од кои по прв пат оваа мерка им е изречена на 259 деца. Исто така, може да се заклучи дека упатување во воспитна установа и казната затвор се применува поретко, само во крајни случаи, за повеќекратни повторници и за тешки кривични дела, што укажува и податоткот дека казнената мерка - Малолетнички затвор во 2012 година, е изречена на 8 деца.

Центарот за социјална работа постапува по известувања добиени од Министерството за внатрешни работи, од јавното обвинителство, од училиште или од друга институција во која детето е згрижено и во која се воспитува, од родителите односно старателите, од самото дете, оштетениот и од друго лице, а во случаи на сторено кривично и прекршочно дело акти испраќа и Судот.

Компаративната анализа за состојбата во последните три години изготвена од страна на ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје за 2011, 2012 и 2013 година, укажува на следана состојба.

Во текот на 2011 година во центрите за социјална работа во РМакедонија добиени се вкупно:

- 2404 известувања/акти по кои стручните работници постапувале;
- на третман биле евидентирани 4084 деца/ малолетници, од кои 1847 за прв пат се евидентирани во тековната година.

Останатите деца се евидентирани претходните години и со нив се работело во тековната година се додека не се намали состојбата на ризик и се додека траат мерките за помош и заштита или изречената санкција од Судот.

Во 2012 година во центрите за социјална работа во РМакедонија добиени се вкупно:

- 3169 известувања/акти по кои постапувале стручните работници;
- на третман биле евидентирани 3778 деца/малолетници, од кои 2059 се ново евидентирани во тековната година.

Во 2013 година во центрите за социјална работа во РМакедонија добиени се вкупно:

- 3540 известувања/акти по кои е постапувано;
- на третман биле 4102 деца/малолетници, од кои новоевидентирани 2095. (табела 3 и табела 4)

**Табела 3: Добиени известувања и акти по кои постапувале Центрите за социјална работа во РМакедонија** (според ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, www.zsd.gov.mk )

| **Добиени известувања и акти по кои постапувале Центрите за социјална работа во РМ** | **Година** | | |
|---|---|---|---|
| | **2011** | **2012** | **2013** |
| Дете во ризик (до 14 год.) | 283 | 394 | 569 |
| Помлад малолетник во ризик (од 14-16год.) | 340 | 316 | 395 |
| Постар малолетник во ризик (од16-18год.) | 448 | 589 | 781 |
| Малолетен сторител на кривично дело (од 14- 18год) | 1333 | 1870 | 1795 |
| **Вкупно:** | **2404** | **3169** | **3540** |

Разликата помеѓу податоците прикажани по години во делот на примени

известувања по кои постапувале стручните работници и вкупен број на деца/малолетници кои биле на третман во центарот за социјална работа, укажува на поголема примена на Законот за правда за децата и поголема интерсекторска соработка на сите вклучени институции.

**Табела 4: Новоевидентирани деца и малолетници според возраст и категорија во Центрите за социјална работа во РМакедонија** (според ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, www.zsd.gov.mk )

| **Спроведена стручна работа спрема деца и малолетници во ЦСР според категорија и возраст (новоевидентирани)** | **Година** | | |
|---|---|---|---|
| | **2011** | **2012** | **2013** |
| Дете во ризик (до 14 год.) | 238 | 324 | 474 |
| Помлад малолетник во ризик (од 14-16год.) | 248 | 233 | 304 |
| Постар малолетник во ризик (од16-18год) | 350 | 410 | 411 |
| Сторител на кривично дело (од 14- 18год) | 1011 | 1092 | 906 |
| **Вкупно:** | **1847** | **2059** | **2095** |

Законот за правда за децата предвидува примена и на санкции, но секогаш предност им се дава на санкциите што во себе вклучуваат превентивни, заштитни и воспитни мерки. Додека пак, санкциите што се состојат во лишување од слобода на детето се применуваат во крајни и исклучителни случаи.

Целта на изрекувањето на санкцијата е детето да преземе одговорност за стореното дело. Тоа се постигнува со изрекување на праведна и соодветна санкција, која има  значење за самото дете и ќе придонесе кон негова ресоцијализација и реинтеграција.

Од санкциите, воспитните мерки и понатаму се примарен вид на спротивставување на престапништвото кај  децата. Тие се насочени кон личноста на детето, со цел негово превоспитување и насочување кон почитување на основните вредности и општествените правила. Воспитините мерки  се санкции со кои се влијае на развој и јакнење на личната одговорност на децата, влијаат на неговото правилно воспитување, а со цел создавање услови за негова реинтеграција во општествената заедница.

Со донесувањето на Законот за малолетничка правдаво во 2007 година, се обезбеди одвојување на децата/малолетниците во ризик и малолетните сторители на кривични дела од казнениот систем на полнолетните, со што се воведоа новини при нивниот третман и заштита. Како на пример: постапките за посредување и порамнување применети од центарот за социјална работа и јавното обвинителство; мерката „ Упатување во центар за деца “; алтернативните мерки и медијацијата. Но, анализите говорат за нивна слаба имплементираност во праксата и потреба од поттик на сите субјекти вклучени во системот на детска правда. Бидејќи овие новини, мерки треба да обезбедат  услови за примена на ресторативната правда, диверзијата и непунативност, што беше главен недостаток на казнениот систем кој до неодамна  се применуваше врз децата, а кои сега му даваат повеќе шанси на детето да се корегира, на за него безбеден и ефективно траен начин.

Законот за правда за децата упатува на примена на мерки за помош и заштита кои ги нуди како можни решенија при состојба на ризик на детето и неговото семејство, обезбедуваат состојбата на ризик да не се продлабочува, притоа овозможуваат превенција на детското престапништво и намалување на рецидивизмот.

Согласно Правилникот за формата и содржината и начинот на водење на Регистарот за примена на мерки на помош и заштита на деца и малолетници во ризик (Сл.весник бр.136/08), од страна на стручните работници во центрите за социјална работа во РМакедонија во 2011 година применети се 675 мерка на помош и заштита, а веќе во 2012 година имаме драстично поголем број на применети мерки за помош и заштита и тој изнесува 7694. Овој тренд продолжува и во 2013 година и имаме применети вкупно 7419 мерки за помош и заштита. Најмногу се применуваат оние кои се поврзни со Законот за социјална заштита односно помош на поединец и семејство, примена на вонинституционална заштита, теренска работа, обезбедување на лична документација и институционалната заштита и во делот на остварување на парична помош. Видлива е применливоста и на Законот за семејство и одредбите на Законот за правда за децата. Најмалку се применуваат мерките на помош и заштита поврзани со Законот за основно и средно обазование, како и со Законот за здравствена заштита, што говори за недоволна, односно слаба соработка или недостаток од ресурси во овие сектори.

Во спроведеното истражување од страна на Државниот совет за превенција од детско престапништво, "Градење на превентивна политика во Република Македонија" (www.dspmp.com.mk), 68,40 % од вкупниот број на анкетираните стручни работници од центрите за социјална работа ги применуваат мерките за помош и заштита и тоа: 35,6% од стручните работници ги применуваат неколку пати месечно; 20,50% ги применуваат неколку пати годишно и 12,3% имаат применливост на неделно ниво. Сигнификантно е што 9,6% од стручните работници никогаш не ги примениле. Последниот резултат, односно процентот од 9,6% повеќе укажува на непрепознавање на мерките на помош и заштита кои се применуваат од страна на стручните работници, односно упатува на отсуство на познавање на самиот Закон за правда за детето. Стручните работници кои ги применуваат мерките на помош и заштита, изразиле особено позитивен став кон надлежностите што Законот за правда за децата им ги дава на институциите, за да можат да го превенираат детско престапништво. Од вкупниот број на анкетирани стручни работници, 78,1% од нив сметаат дека овие надлежности се

во фукнција на превенција и справување со детското престпништво, а 79,5% сметаат дека мерките на помош и заштита се добро осмислени и може да превенираат состојби на ризик.

## II. Превенција на детското престапништво

### 1. Одредување на концептот на теоријата на превенција

#### 1.1. Наука за превенција

Поимот превенција спаѓа во секојдневно употребуваните термини и иако мислиме дека неговото значење се подразбира само по себе, сепак различно се определува. Зборот превенција потекнува од латинскиот збор *praevenire* – што означува - да се спречи. Во поширока смисла и во контекст на секојдневната употреба, превенцијата означува спречување на причините за развој на одредена појава. Сепак, во современата литература присутно е настојувањето превенцијата појмовно да се одреди со помош на т.н. позитивни термини. Ова значи дека дефиницијата на превенција треба да утврди што превентивните активности треба да овозможат и поттикнат, а не што треба да корегираат и спречат. Оваа констатација го одразува и личниот став на авторот на овој труд кој ќе се обиде со аргументи да го оправда истиот.

Превенцијата на криминалот не е некаква новина, бидејќи од секогаш луѓето имале потреба да се заштитат себе си и своите најблиски преземајќи низа мерки. Низ историјата формите на превенција варирале и се менувале, но и евалуирале од одмазда, преку застрашување до органзирано делување на органите на власт. Во поново време се зборува за превенција од криминал како општествена борба, организирано спротивставување односно пресретнување на различни форми на криминал уште пред да се случат, а во таа смисла и пресретнување на детското престапништво.

Интерес за превенцијата покажале поголем број експерти и научници, а посебно практичари и таа е предмет на проучување на разни научни дисциплини и области. Всушност се прават обиди да се најде местото и значењето на превенцијата во различни науки, бидејќи теоријата на превенцијата е млада научна дисциплина која е во развој и покажува тенденција на интердисциплинарност. Со овој труд, ќе се направи обид превенцијата да се проучи од педагошки аспект, ставајќи ја педагогијата во редот на науки кои со право ја застапуваат и имплементираат превенцијата на детското престапништво.

Превенцијата е мултидисциплинарна наука која е концепирана на базични и применети истражувања од најмалку 15 дисциплини: педагогија, психологија, медицина, социологија, право, криминологија и други. Многу од овие дисциплини имаат значајно влијание на превенцијата на рано образование на децата, психологија на заедницата, организација и развој на заедницата, социјален маркетинг, епидемиологија. (Basic, 2000 ).

Превенцијата има добиено статус на наука иако е релативно нова интердисциплинарна наука, која на глобално ниво се развива во последните 15 години, а нејзина цел е да се промовира теоријата на превенција и најважно е да дојде до примена во пракса. Терминот prevention science или наука за превенција за прв пат е употребен во 90 те години на 20 век за означување на практичен превенциски пристап кој е заснован на научни факти. (Basic, 2000 ).

Науката за превенција ги интегрира знаењата од теоријата, истражувањата и праксата на развојната превенција. Предмет на науката за превенција е проучувањето на теоретските основи, анализа на емпириската заснованост и процена на успешноста на практичната релизација на развојната превенција преку евалуации засновани на докази. Целта на оваа наука е промовирање на стртегиите и интервенциите со кои се создаваат услови за позитивен развој на децата во текот на целиот живот. Науката за превенција е една од дисциплините кои ги интегрира во себе истражувањата за човекот низ неговиот раст и развој. (Kellam and et al., 1992 според Basic, 2003 ). Науката за превенција се занимава со стекнување на информации и разбирање на ризичните и заштитни фактори

присутни во средина на еден млад човек, ставајќи ги овие наоди во акција со користење на различни ветувачки програми. (Bloom, 1996, според Bašić, Ferić-Šlehan, Kranțelić- Tavra, 2007).

Она што превенцијата ја прави научна дисциплина всушност се истражувањата кои даваат одговори на прашањата за постоењето на проблемите на одредена популација, за причините на нивното појавување (ризични и заштитини фактори) и можни интервенции за превенција на тие проблеми (превентивни интервенции, пракса заснована на научни докази (evidence-based and science-based practice). (Bašić, Ferić, Kranželić, 2002).

Значи анализа на состојбата се прави секогаш пред да се преземат одредени превентивни интервенции, за да се утврдат евентуалните причини и ризик фактори за да може целно да се интервенира. Но има ситуации во секојдневниот живот кога мора да се преземат некои превентивни активности итно и ургентно испровоцирани можеби од еден настан кој може за релативно краток период да добие широки димензии. Тогаш постапката е понеорганизирана и стихијна, без однапред утврдени причини за истата и нејзиниот ефект е неизвесен, но може и да е позитивен и да биде основа за понатамошно продлабочување на истиот и вршење на анализи. Или во делот на примерната превенција кога треба да развиваме позитивен развој кај децата, од кој бенефит ќе има една цела популација, не се неопходни анализи за потребата од таков вид превентивен програм, туку повеќе е неопходна евалуација за мерење на нејзиниот успех заради нејзина применливост во иднина.

Значи неопходно е да се прават истражувања поврзани со мерење на успехот на превентивните програми, стратегиите и постоечките модели. Овој тренд и потребите се толку големи што дошло до издвојување на оваа нова научна дисциплина - наука за превенција. (Coie et al, 1993, според Basic, 2003).

Превенцијата за прв пат се појавила и применила во сферата на здравството како модел на јавно здравје така што и првата типологија е направена од страна на Комисијата за хронични болести (Commission on Chronic Iliness, 1957) која ги дели превентивните интервенции на примарна, секундарна и терцијарна

превенција. Со зголемување на интересот на научната јавност за превенцијата, започнува континуирана истражувачка работа за ефектите на превенцијата и во другите области. Познавањето на заштитните фактори и факторите на ризик за злоупотреба на дрога, насилство, криминал меѓу децата и други девијации е многу важна, но неопходно е пренесување на ова знаење за системите на превенција во заедницата, со што ќе се намали инциденцата и преваленцата на нарушеното однесување на децата. Затоа, науката за превенција има две главни цели: да се идентификуваат факторите на ризик кои ја намалуваат веројатноста за појава на нарушувања во однесувањето на децата и заштитните фактори кои ги подобруваат социјалните односи, зајакнување на децата и младите луѓе и ќе ги заштитат од многу ризични однесувања, да развие и имплементира успешни стратегии и нивна примена во пракса. (Hawkins et al, 2001, според Bašić, 2007). Основно барање кое се поставува пред науката за превенција е проучување на теоретската основа, анализа на емпириската заснованост и проценка на успешноста на практичната реализација на развојната превенција. (Popović-Ćitić, 2007).

Во современата литература под наука за превенцијата се подразбира развојна превенција на детското престапништво односно превенција насочена на ризични и протективни фактори. Науката за превенција во себе ги сумира и интегрира сознанијата за теоријата, истражувањата и праксата на превенција на детското престапништво заради промоција на превентивни стратегии и интервенции со кои се создаваат услови за позитивен развој во тек на целиот живот.

Кај нас е развиен концептот на превенција како дел од повеќе науки кои се занимаваат со децата и како дел од нашата легислатива.

## 1.2. Дефинирање на превенцијата

Најголем ангажман постои околу обидот да се дефинира терминот и видот на превенција и да се диференцираат и класифицираат превентивните мерки и активности. (Krivokapić, 2002). Превенцијата е обично утврдена како систем на различни мерки и дејствија преземени од страна на државата и другите социјални актери за да се спречи појавата и повторување на нарушувањата во однесувањето и ризичното однесување. Но трендот на позитивно именување на превенцијата води кон тоа дека превенцијата не треба да се дефинира само како систем на мерки и активности, туку како процес кој има за цел, не да спречи манифестација на ризично однесување, туку да овозможи и да се поттикне социјалниот развој на младите луѓе, што ќе доведе до развој и зајакнување на про-социјално однесување и индиректно ќе го спречи манифестирањето на деликвентното однесување. (Hawkins et al, 1999, според Popović-Ćitić, Ţunić-Pavlović, 2005).

Современата наука превенцијата ја дефинира како процес содржан во развојот на поединецот, при што развојот е сфатен како комплексен и сложен процес на постепена и прогресивна промена кај личност што се случува во првите денови по раѓањето, па преку зрелост до крајот на животот, со крајна цел за создавање на сеопфатна, добро интегрирана, социјализирана и зрела личност. (Berk, 2000 и Oetting&Donnermeyer, 1998, според Popović-Ćitić, Ţunić-Pavlović, 2005).

Но, според Давидовски превенцијата може да се дефинира како заедничка примена на социјалните, психолошки и медицински мерки со цел унапредување на здравиот развој на личноста (примарна), спречување на манифестирање на пореметување во однесувањето (секундарна) и спречување на влошување на веќе манифестираните отстапувања во однесувањето (терцијарна). (Давидовски, 1994).

Во речникот на превенциските термини (Prevention Term Golossary) превенцијата се дефинира како еден проактивен процес кој го зајакнува поединецот и системите за да се исполнат предизвиците на животните настани и промени, креирајќи и зајакнувајќи ги условите за да промовираат здраво однесување кај поединецот и здрави животни стилови.

Само превенција може да ги редуцира сериозните проблеми на младите луѓе. Превенција има три главни цели:

- одложување на нарушувањата во однесувањата;
- намалување на бројот на децата кои манифестираат нарушување во однесувањето;
- намалување на проблемите поврзани со последиците од таквото однесување.

Значи, превенцијата е човечки, хуман императив, бидејќи сите различни, ризични однесувања на децата произведуваат голема болка и страдање, не само за децата и младите луѓе, но исто така и на целата заедница на различни начини (Bašić, 2007).

Од педагошки аспект превенцијата на детското престапништво е дефинирана во педагошката енциклопедија како ,,систем на меѓусебно координирани мерки и активности со кои општеството и неговите институции се спротивставуваат на пореметувањето во однесувањето кај децата и младите, на нивно појавување, повторување и прераснување во потешки облици". (Pedagoska enciklopedija 2, 1989, стр.244).

## 1.3. Видови на превенција

Со развој на превенциската наука, посебно во последните години се дојде до неколку значајни теории, концепти и модели кои претставуваат темел за избор на превенциското делување. Тоа е видливо низ неколку присутни концепти/теории како што се: ризични и заштитни фактори, отпорност и ризик, промоција на

менталното здравје, позитивен развој и др. кои стануваат темел на развојот на превентивните програми.

Така превенцијата добива поопшто значење и се дели на три нивоа :

- ✓ Примарна превенција – се применува пред да се случи појавата;
- ✓ Секундарна превенција – кога појавата ќе се појави, соочување со неа и начин како да се намали ;
- ✓ Терцијарна превенција – намалување на настанатата штета.

На нашите простори први во областа на превенцијата вршат истражувања Basic, Zizaк, Koller-Trbovic и типологијата ја даваат како континиум на ризик и интервенција и нејзина примена посебно во делот на заштита на децата и превенција од детско престапништво.

Најприфатена поделба на превенцијата на детското престапништво е на примарна, секундарна и терцијарна превенција:

- Под примарна превенција се подразбира дејствување во правец на предупредување на некоја појава односно интервенција преземена пред појавата на несакани дејства. (Popović-Ćitić&Ţunić-Pavlović, 2005). Таа има за цел да обезбеди високо ниво на компетентност и сила за да сите елементи во општеството бидат во функција на поддржување на позитивен развој на детето. Примарната превенција подразбира универзални пристапи кои имаат за цел да се спречи криминалот пред да се случи. Таа има за цел да се справи со општите услови во кои живеат децата и семејствата. Настојува да ги адресира основните причини или фактори уште пред децата да станат дел од системот на детското престапништво. Целта на примарната превенција е да се создаде заштитна средина за сите деца, што подразбира системски пристап преку обезбедување на владина поддршка, градење на капацитети, реформа на законите, следење и известување за кршења на правата на децата, промена на ставовите на општата популација и професионалците кои работат со децата, градење на

личните вештини кај децата и семејствата и сл. Ова значи дека примарната превенција е од витално значење и вклучува политики и актери од многу области;

- Секундарната превенција ги има за цел децата кои се во ризик да сторат кривично дело или деца кои сториле кривично дело. Имено станува збор за рано идентификување на децата во ризик или предвидување на потенцијалните деца и семејства во ризик. Секундарната превенција настојува да го дијагностицира, но и третира „неприфатливото однесување" пред истото да ескалира или се развие во потешки или сериозни облици на престап. Па така постојат различни програми за раната интервенција, т.н. селективно насочени програми за специфични ризици кај населението, каде тешкотиите допрва се очекуваат или многу веројатно ќе се случат. Целта е да се спречат овие деца да се продолжат по таков пат;
- Терцијарната превенција се однесува на превентивни програми кои ќе овозможат децата да преземат одговорност за стореното кривично дело и последиците од истото, но и ќе им помогне повторно да не сторат кривично дело. Ова најдобро се постигнува преку програми кои ќе ги подготват односно ќе обезбедат соодветен третман на децата за време на престојот и пред излегување од установите и ќе обезбедат долгорочна постпенална поддршка со цел да се реинтегрираат во заедницата/ општеството.

Иако оваа поделба овозможувала добар преглед на превенцијата и класификација на интервенциите, при практична апликација настанале потешкотии во разграничувањето на овие три сегменти. (Popović-Ćitić&Ţunić-Pavlović, 2005). Затоа Институтот за медицина во САД во 1994 во "Извештајот за истражување во областа на превенцијата" (US Institute of Medicine (IOM) (Prevention initiatives for child and adolescent mental health, 2002) врз основа на сознанијата на Mrazek and Haggerty (1994) предложил службена употреба на терминот универзална, селективна и индицирана превенција, која кореспондира со претходната поделба на примарна, секундарна и терцијарна превенција.

Оваа поделба подразбира:

1. Универзална превенција вклучува активности наменети за општата популација без оглед на присуството на ризични фактори. Таа подразбира креирање и имплементација на превентивни програми за превенција на ниво на целата општа популација, без претходна идентификација и селекција на населението со потенцијално повисок ризик за развој на различни форми на ризичното однесување. Општа претпоставка на која се засновува изборот на универзална програма е проценката дека целото население е во одреден ризик и превентивните интервенции може да бидат со позитивно значење и потенцијални придобивки за сите членови на населението;

2. Селективната превенција е насочена кон поединци или групи на населението чии ризици за развој на нарушување се многу повисоки од просекот. Така, специфичноста на овие групи се рефлектира во нивната изложеност на ризик факторите во поголем број и степен, отколку што е случај кај општата популација. Затоа, селективните превенциски програми се насочени на намалување на специфични фактори на ризик на кои групата е изложена како целина, без оглед на степенот на индивидуалниот ризик;

3. Индицирана превенција е насочена кон поединци кај кои се идентификувани минимални или видливи знаци и симптоми или некоја форма на нарушувања во однесувањето. Тоа се индивидуи кај кои врз основа на проценка на нивото на ризик, утврдени се индивидуалните карактеристики и карактеристики на животната средина каде што живеат и она што го прават, подложни се за манифестација на некоја форма на несоодветно однесување. Индицираните програми за превенција се еден вид на рана интервенција во насока на намалување на факторите на ризик и зајакнување на заштитните фактори. Како такви, тие секогаш мора да се засноваат врз основа на проценка на личните ризични фактори и нивото на изразеното нарушување на однесувањето. (Popović-Ćitić&Ţunić-Pavlović, 2005).

Можеме да прифатиме и да се задржиме на 4 актуелни пристапи во превенцијата кои на различен начин приоѓаат кон проблемот и негово решавање, но меѓусебно и се надополнуваат:

- „Законска превенција – се дефинира како зајакнување на законската регулатива и легислатива. Измени, дополнувања или носење на нови закони, правилници и други документи и се разгледува на државно ниво, што државата предвидува за заштита. Правниот пристап се засновува на законската регулатива, што подразбира пропишување на санкции за застрашување и казнување и кои немаат специјално превентивно дејство;

- Развојна превенција - сумира кои интервенции се преземени и организирани со цел да се превенира зголемување на бројот на деца во ризик и сторители на кривични дела, посебно оние интервенции кои директно влијаеле на заштитините и ризичните фактори;

- Ситуациска превенција - ги означува интервенциите насочени кон намалување на можностите, ситуациите, приликите и ризичните фактори за појава на различни облици на пореметување на однесувањето кај децата, да се измени конкретниот ситуационен контекст во кој пореметувањето на однесувањето се појавува;

- Превенција во заедницата - означува интрвенции насочени кон промени во социјалните услови кои влијаат на појава на пореметувањето на однесувањето кај децата и малолетниците на ниво на држава". (Башиќ&Јанковиќ, 2003,стр.16-17).

Не намалувајќи го значењето на правната и ситуациона и превенцијата во заедницата, во овој труд вниманието ќе биде насочено кон развојниот пристап на превенцијата на детското престапништво. Овој пристап, кој во литературата често терминолошки се означува како превенција насочена на ризичните и протективните фактори, ја одредува превенцијата како сеопфатен, континуиран и активен процес на редуцирање на ризичните и јакнење на протективните фактори

со цел создавње на услови за позитивен развој во тек на целиот животен тек. (Popović-Ćitić, 2007).

## 2. Превенција на детското престапништво во системот на социјална заштита и воспитно - образовниот систем во Република Македонија

Децата се автономни личности со специфични потреби и права, бидејќи имаат специфични психофизички карактеристики кои ги прават посебно осетлива и ранлива група. Децата се препознати како група за чија заштита не се доволни механизмите на заштита на човечките права, бидејќи се уште се во раст и развој , а тоа ги прави да бидат ранливи и често беспомошни. Од 17 век детето почнува да се третира како посебна личност со свои специфики и детството почнува да се разбира како посебен развоен период. Правата на децата денес се реалност призната од меѓународното законодавство. Под поимот права на детето се подразбира правата кои ги има секое дете без разлика во која држава живее, во кое политичко, верско, култролошко или економско опкружување и во согласност со кои традиции, обичаи и верувања се развива.

Иако поимот дете во поединечни земји различно се дефинира, според меѓународните стандарди во таа дефиниција се опфатени сите лица кои се до 18 годинишна возраст. Во поширока смисла на зборот, се смета дека децата се во ризик заради нивниот степен на ментален, физички и емотивен развој поради кој може да бидат изложени на повреди, експлоатација или злоупотреба. Постои посебен аспект на ризичност за децата во однос на можните долгорочни последици од штетата која била нанесена на дете на рана возраст. И во нашиот Закон за правда за децата постои терминот дете и се дефинира како ,, дете е секое лице на возраст до 18 години,, (Закон за правда за децата, Сл.весник на РМ бр.148/13 ) со што е направено усогласување со Конвенцијата за права на детето.

Од тие причини превенцијата на детското престапништво во нашата држава станува прашање од стратешки карактер и приоритет.

## 2.1. Меѓународни и национални стратешки документи и законодавна рамка од значење за децата во ризик

Настојувањето за промовирање на детските права започнуваат од 1924 година кога е донесена Женевската конвенција за правата на децата. Таа декларација го промовира правото на детето за нормален психо - физички развој, право на детето на храна, здравствена нега и социјална заштита, право на помош во неволја, заштита од искористување. Во 1984 година донесена е Општата декларација на Обединетите Нации за правата на човекот која на децата им осигурува слобода, еднаквост по раѓање, забранува ропство, мачење или понижување и обезбедува право на децата пред законот и право на судска заштита. Следен чекор направен е во 1959 година кога е потпишана Декларацијата за правата на децата која е ориентир за родителите, поединците и владите како на детето да му се даде најдоброто за негово среќно детство. (Kopić&Korajac, 2010).

Вистински почеток во движењето за правта на децата и револуционерен чекор е направен во 1989година кога Обединетите нации ја издадоа Конвенцијата за правата на децата. Од тогаш се усвоени различни, меѓународни документи кои ја одразуваат потребата на децата за посебна заштита и свест на глобалната заедница за неопходност од преземање на конкретни акции. Таа е ратификувана речиси од сите држави, а РМакедонија ја ратификуваше во 1993 година и со тоа стана земја потписничка и обврзничка на почитување на правата на децата согласно Конвенцијата. (Rezolucija br. 217 A i 2000A, OON).

Самиот концепт на почитување на правата на децата изложен во Конвенцијата за правата на децата е осмислен како комбинација на должноста на возрасните и правата на децата кои меѓусебно се надополнуваат. Конвенцијата за правата на децата содржи збир на меѓународни правни норми посветени на заштита и благосостојбата на децата. Со неа се воведуваат некои нови семејно - правни стандарди како на пример најдобар интерес на детето и нови поими како

што се заедничка одговорност на родителите, а детските потреби се категоризираат и добиваат свое правно обележје. Правата на децата се нов начин на уредување на односите на детето со сите поединци и институции со кои доаѓа во допир, посебно со членовите на семејството. Затоа многу е важна примената на Конвенцијата за правата на децата, бидејќи секоја држава поднесува годишен извештај за состојбите на детските права.

Иако преку документите за правата на децата се настојува да се осигураат подобри животни услови и поголеми права во општеството, факт е дека голем број на деца во светот изложени се на опасности кои го загрозуваат нивниото растење и развој. Децата се жртви на насилство, војни, расна дискриминација и разни други повреди на нивните права. Очигледно доаѓа до расчекор помеѓу декларативните права на децата кои им се осигуруваат преку документите и реалните права кои децата ги имаат во општеството.

Особено важен меѓународен документ за проблематиката која ја обработува овој труд се Насоките на Обединетите нации за превенција на малолетничката деликвенција или попознати како Ријадски правила, (Бужаровска и др.,2012) иако се незадолжителни за државите потписнички, посебно се усвоени заради третирање на прашањата за превенција на криминалитетот во областа на малолетничкото правосудтво. Ријадските правила претставуваат интегрален документ во рамките на меѓународните инструменти на малолетничкото правосудство. Покрај упатства за општа превенција, во препораките за процесот на социјализација посебно место зазема семејството, образованието, заедницата и јавните гласила. Во препораките за семејството, меѓу другото се истакнува важноста на преземање на мерки за унапредување на семејната кохезија и хармонија и за намалување на одделувањето на децата од нивните родители. Затоа потребно е да се преземат мерки за развивање на превентивни програми за учење на родителските улоги и обврски во однос на развојот и грижата за децата, развој на позитивен однос родител- дете и ќе ги направи родителите чувствителни за проблемите на децата поттикнувајќи го нивното ангажирање во семејни и

активности на заедницата. А во делот на образованието препораките се да се развиваат програми за превенција за млади во социјален ризик, за работа со родителите, сеопфатни полиси за превенција од дроги, алкохол и др., училиштата да бидат референтни центри за обезбедување на грижа, советувалишта за децата, обезбедување на позитивна ментална поддршка на децата, ангажирање на децата во образовниот процес како активни и ефективни учесници и сл. Според нив превенцијата мора да игра клучна улога во областа на малолетничкото правосудтво, како што е во нашиот Закон за правда за децата.

Република Македонија ги има ратификувано главните меѓународни документи и конвенции за заштита на правата на децата како Конвенцијата за правата на децата, Пекингшките правила односно Стандарди за минимални права на Обединетите нации за спроведување на малолетничка правда донесени во 1985 година, Хаванските правила за заштита на малолетниците лишени од слобода, Ријадските правила на Обединетите нации за превенција односно спречување на на малолетничкото престапништво и Препораките на Советот на Европа за социјалните реакции на малолетничката деликвенција бр.П(87)20 (Совет на Европа, Препорака Р, 2000) (Бужаровска и др.,2012) и др.

Донесувањето на Законот за правда за децата (Сл. весник на РМ бр.148/13), претставува голем напредок во заштитата на децата и заштита на нивните права, а посебно формирањето на Државен совет за детско престапништво кој ја изготви Националната стратегија за превенција на малолетничко престапништво (2010-2020), (ДСПМП,UNICEF,2010). Таа е првата стратегија во Република Македонија, која има за цел утврдување на стратешките насоки и приоритети за спречување на детското престапништво. Во Законот за правда за децата во шестиот дел се предвидуваат формирање на соодветни тела, форми и начини за превенција на детското престапништво.

Развиени се огромен број законски и подзаконски документи кои се занимаваат со детска заштита, спречување на детско престапништво, семејно насилство, трговија со луѓе и нелегална миграција. Дел од овие проблематики се третираат во различни правни инструменти како што се Законот за семејство

(Сл.весник на РМ 157/08), со Законот за социјална заштита (Сл.весник на РМ бр.79/09 ), Законот за правда за децата (Сл. весник на РМ бр.148/13), релевантното законодавство за образование и за кривична постапка.

Сите интервенции за правда за децата, од развој на политики до директна работа со децата, треба да се водат од следниве водечки принципи засновани врз основа на меѓународните законски норми и стандарди:

- Обезбедување на сигурност дека најдобриот интерес на детето примарно се разгледува;
- Гаранција за правичен и еднаков третман на секое дете, без ниедна форма на дискриминација;
- Унапредување на правото на детето да ги искаже своите гледишта слободно и да биде слушнат неговиот глас;
- Заштита на секое дете од злоупотреба, експлоатација и насилство;
- Постапување со секое дете со достоинство и сочувство;
- Спречување на судир со законот како клучен елемент на било која политика за малолетничка правда;
- Примена на лишување на децата од слобода само како последно средство и за најкраток соодветен временски период;
- Рационализирање на прашањето за децата во сите заложби за владеење на правото.(Конвенција за правата на детето, 2010)

Последователно на оваа дефиниција заштита на детето значи превенција и реакција на насилство, експлоатација и злоупотреба на децата. Кршењето на детските права се случува во секоја земја, па и во нашата. Затоа е неопходно да се извршат влијанија на носителите на политиките, институциите и други носители на должност да преземат соодветни активности за да се превенира и да се заштити детето.

## 2.2.Системот на социјална заштита во превенција на детското престапништво

### 2.2.1. Нормативна рамка на мерките за превенција на детското престапништво во Центрите за социјална работа

Во остварување на социјалната правда, социјалните права и услуги, намалувањето на општетствената нееднаквост и општа хуманизација на општеството посебна улога имаат социјалната политика и социјалната работа. Правата и услугите во областа на социјалната заштита се во надлежност на Министерството за труд и социјална политика. Овој сегмент има клучна улога и во превенција на криминалот кај децата што било заклучок и на Организацијата на обединетите нации дека превенцијата и третманот на детското престапништво е интегрален дел на социјалната политика.

Кога зборуваме за институциите за социјална заштита , најголемо внимание треба да се посвети на установите за социјална работа во кои спаѓаат сите 30 центри за социјална работа во РМакедонија и установите за институционална и вонисնтитуционална грижа за децата кои се наоѓаат во било каков ризик. Центарот за социјална работа односно органот на старателство има голем број надлежности, спроведува многу постапки и форми за заштита на децата, меѓу кои има и нормативно дефинирана улога во однос на превенцијата на детското престапништво.

Државата зазема форензички пристап кон одредбите за услуги на социјална заштита преку рана идентификација и рана интервенција со цел решавање и ублажување на штетните последици (член 24 од Закон за социјална заштита), идентификација на проблемот проследен со информирање за „можните решенија“ (член 27, исто) и право на помош за надминување на кризата во семејството (член 29, исто). „ Можни решенија “ може да се толкува со значење на каква било услуга во надлежност и капацитет на државата што таа ќе им ја понуди на оние кои се во нужда преку нејзините надлежни институции. (Функционална анализа на центрите за социјална работа во Република Македонија, 2013). Со членот 24 од

Законот за социјална заштита, државата се принудува да се фокусираат врз рана идентификација и интервенција кај семејствата и децата во нужда. Во Законот за социјална заштита (Сл. весник на РМ бр.79/09 ) во чл.4 и чл.6 се предвидува остварување на социјална превенција, а во чл.25 поконкретно се определува дека за остварување на социјалната превенција се преземаат мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на луѓе, особено преку едукативно - советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјална заштита. Реализацијата на мерките и активностите се остваруваат во Центрите за социјална работа во соработка со општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, предучилишните установи, училишните, здравствените установи и другите државни тела и органи, правни и физички лица и здруженија на граѓани.

Државата презема проактивна улога при воспоставување превентивни мерки за семејството да ужива бесплатно родителство и примарната обврска за воспитување на децата ја става врз семејството (член 5 од Закон за семејство). Државата презема проактивна улога наведувајќи дека таа ќе обезбеди посебна заштита за семејството, мајчинството, децата и децата без придружба (член 4, исто), а потоа се фокусира врз заштитата што ќе им ја обезбеди на оние семејства кои имаат нарушени односи или насилство (став 2, исто). Законот за семејство предвидува и интервенции за децата кои биле жртви на трговија со луѓе или жртви на семејно насилство, а интервентните напори уште повеќе се зајакнати преку соодветните програми и протоколи. Во Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 (Сл.весник бр.121/10) донесена од Владата на РМакедонија, во делот на лоцирани слабости на системот на социјална заштита се вели дека посебно внимание треба да се посвети и на развојот и унапредување на превенцијата и социјалните услуги.

Социјалната превенција, која досега не била оспорувана и чија што важност за спречување на појавата на социјалните проблеми отсекогаш била признаена од страна на креаторите на политиката во РМакедонија, се уште не е доволно

развиена. Се чини дека залагањата за социјална превенција се уште се само на ниво на наративни заложби, додека конкретни облици и форми преку кои би се реализирала се уште не се доволно застапени во практиката. Во делот за визија и цели на Програмата е предвиден  и развој на социјалната превенција како организирана, континуирана и координирана активност на локално ниво.

Во нашата пракса општетствената улога на центарот за социјална работа ја следат многу заблуди, контраверзии и еднострарност. Во општествените односи во кои живееме, центарот за социјална работа се најде пред големи предизвици – како да се одговори на осиромашување на народот, на различните облици на насилство, зошто и како превентивно да се работи на детско престапништво, форма која не е доволно развиена во услови кога и други права и услуги не се реализираат. Се добива впечаток како  ценатрот за социјална работа да е фрлен на маргините на сериозните општетсвени интереси и барања. Голем е потенцијалот на центарот за социјална работа  за превенција на детското престапништво, ако се има во вид дека тоа е единствена институција со екипирани стручни тимови од профили како педагози, психолози, социјални работници, дефектолози и правници кои најсоодветно и најкомпентентно може да одговорат на потребите на децата кои се нашле во ризик и да се превенираат овие состојби.

Во 30 центри за социјална работа кои ја имаат улогата на орган за старателство, вработени се и лиценцирани 45 педагози, на сите проблематики во кои како засегната страна се јавуваат децата. Посебно улогата на педагозите, специфичната педагошка работа и ангажираноста на педагозите во тимската мултидисциплинарна работа е неопходна во сите фази на третман со деца во ризик и сторители на кривични дела, а особено во делот на превенција на детското престапништво. Педагогот е вклучен во сите постапки кои ги води центарот за социјална работа согласно Законот за социјална заштита, Законот за семејство и Законот за правда за децата. Во сите наведени закони социјалната превенција е предвидена и има свое место, но нејзиното имплементирање во

пракса се уште не е на ниво на нејзина видливост, препознаеност и практицирање.

Педагогот кој е вработен во системот на социјална заштита е оспособен за работа на примарната превенција, детекција, дијагностицирање, рана интервенција и третман, работа на секундарна превенција, грижа за децата, младите и возрасни лица со ризик или со пореметување во однесувањето во нивното социјално опкружување, во функција на воспитување и реализација на воспитните мерки, социјализација, ресоцијализација и социјална интеграција. Педагогот е оспособен за работа во советувалишта за брак и семејства при центри за социјална работа, во дневни центри за деца на улица, установи за социјална заштита и научно истражувачки заводи од областа на социјалната заштита. Во последниот период, со зајакнување на меѓусекторската соработка педагозите од установите за социјална заштита се повеќе соработуваат со педагозите кои работат во невладиниот и граѓанскиот сектор, во дејноста на локалната заедница, стручните и хуманитарни организации.

Праксата покажува дека секундарната превенција е дел од работата на центрите за социјална работа, терцијалната превенција е дел на установите за згрижување, воспитување и образование на деца во ризик и сторители на кривични дела, а примарната превенција е нешто што се спроведува стихијно, помалку организирано, неевидентирано и непрепознатливо во секојдневната работа на педагозите и другите стручни работници. До 2000 година во рамките на Центарот за социјална работа Скопје функционираше Детско – младинскиот центар за децата од основни училишта во општина Кисела Вода и на тој начин центарот организирано работеше на примарна превенција.

Мерките за превенција на детското престапништво кои се преземаат во центрите за социјална работа, а во кои педагозите имаат активна партиципација се:

1. Мерки кои се преземаат спрема децата во ризик и нивните семејства во делот на примарната, секундарна и терцијарна превенција се во

согласност со Правилникот за формата и содржината и начинот на водење на Регистарот за примена на мерки на помош и заштита на деца и малолетници во ризик (Сл.весник бр.136/08): социјална превенција, вонинституционална заштита, проценка на ризиците, потребите и потенцијалите на детето, едукативно - советувалишна работа, советодавната работа со децата, групна работа со децата во ризик, програмата на менторство, вклучување во училиште, помош во учење, обезбедување на лична документација, обезбедување на здравствена заштита, надзор над вршење на родителското право, право на социјална помош (постојана парична помош на лица неспособни за работа и социјално необезбедени, едократна парична помош, право на здравствена заштита, детски додаток и др.);

2. Како дел од вонинституционалната заштита на децата развиени се Дневните центри за деца на улица, позитивна форма за работа со ромските деца кои функционираат како составен дел на Центарот за социјална работа во Скопје, Битола, а во Охрид и Скопје има и Транзитни центри за деца на улица за привремено згрижување на децата кои доаѓаат од други градови, а се затекнати во спомнатите;

3. Преку формата за вонинституционална заштита на децата во ризик - мал групен дом за деца во ризик во Кавадарци, системот на социјална заштита работи на секундрана превенција;

4. Теренската работа во кои се вклучени и педагозите во центрите за социјална работа. Тоа подразбира посета на домот на детето и семејството, соработка со училишта, соработка со локалната заедница, НВО и други институции кои може да дадат помош и поддршка на децата;

5. Патролните тимови кои на терен детектираат деца во ризик и маргинализирани семејства во загрозени средини и ги внесуваат во системот на социјална заштита;

6. Постоење на СОС линија 15 505 при Министерството за труд и социјална политика кое е поврзано со сите центри за социјална работа во РМакедонија кои брзо и ефикасно интервенираат во итни и загрозувачки ситуации за децата;

7. Дел од санкциите кои се применуваат спрема децата сторители на кривични дела согласно Законот за правда за децата, во делот на реализирање на воспитните мерки со засилен надзор, центарот за социјана работа реализира секундарната превенција со посебен акцент во работата на спречување на рецидивизмот;

8. Една од интервенциите која се покажа како успешна во унапредување на позитивниот социјален развој на сите нивоа на превентивно дејствување во центрите за социјална работа е менторството. Менторството е интервенција која се користи во програмите за превенција на детското престапништво комплементарно со други интервенции или ако се појавува како доминантна и единствена активност тогаш станува збор за менторска програма. Менторството за прв пат кај нас се примени минатата година во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје за деца на кои им е изречена воспитна мерка. Позитивно евалуираната програма покажа дека може да се примени и во други центри за социјална работа, бидејќи ефектите кои се покажаа кај децата беа веднаш видливи и трајни. Менторските активности ги намалија факторите на ризик , а ги зголемија протективните фактори. Децата од вклучување во менторската програма немаа направено ново кривично дело, а беше евидентен напредокот кај децата на образовен, личен и здравствен план;

9. Можни опции предвидени во делот на терцијарната превенција предвидени во законот се одвраќањето и алтернативните мерки, особено заштитниот надзор кај условната осуда со заштитен надзор,

општокорисната работа во чија реализација е вклучен и центарот за социјална работа и секако педагогот како дел од стручниот тим;

10. Преку групна работа со родителите ,,Едукативен центар за родители", педагозите од центрите за социјална работа работат на примарна превенција, не дозволувајќи состојбите да ескалираат и да попримат поризични форми, јакнејќи ги родителските капацитети за справување со различни девијантни облици на однесување на нивните деца и подготвувајќи ги да бидат поодговрни и поподготвени родители за растење на нивните помали деца;

11. Примената на институтот надзор над вршење на родителско право кој го спроведува органот за старателство односно центарот за социјална работа, може да се третира во делот и на примарна и на секундарна превенција.

## 2.2.2. Улогата на семејството и родителите во превенција на детското престапништво -

### Ангажирање и работење со семејства

Во сите постапки кои се преземаат во центарот за социјална работа во кои може да се препознае превенирање на детското престапништво, целокупното ангажирање и работење на педагозите и другите стручни работници е насочено кон детето и неговото семејството.

Семејството како примарна заедница која има најголемо влијание врз развојот на личноста на детето е една од најактуелните тема за истражување и анализирање, посебно поради моменталната сложена и комлексна ситуација во која се наоѓа денешното семејство и влијанијата на современите движења со барања за негово преструктуирање и проширување на неговата дефиниција.

Од друга страна мора да се има во предвид дека семејниот систем во голема мера е изложен и условен од влијанијата на целокупните општествени збиднувања и промени кои пак влијаат врз менување на неговата функција и воспитна улога. Иако семејствата се разликуваат по својот социо - економски статус, традицијата, релациите помеѓу членовите, морално - вредносниот систем, верската припадност и други карактеристики, сепак кога зборуваме за семејство треба да ги имаме во предвид сите видови семејства односно комплетните семејства, дефициентните, семејство во процес на развод, згрижувачки, старателски семејства. Значи родителот не мора биолошки да е поврзан со детето за да покаже грижа и љубов за него. На пример формата згрижување на деца го вклучува психо – социјалното родителство. Значи од сите семејства се очекува да ја вршат својата биолошка, економска, психо - социјална и воспитно – образовна функција, да се грижат и да ги сакаат децата, да ги заштитуваат од разни форми на занемарување и злоупотреба и на тој начин да превенираат евентуален влез во детското престапништво. Но како семејството ќе ги реализира своите функции најдобро се согледува низ призмата на задоволување на развојните потреби на детето.

Постојат многу фактори кои влијаат врз намалување на способноста на семејствата да си ја вршат својата функција, како што се невработеност, сиромаштија, проблеми во семејната структура, занемарување и злоупотреба на децата, семејно насилство, проблеми со зависности, проблеми со ментално здравје и сл. Тоа ги прави семејствата маргинализирани и социјално исклучени. Во тие услови многу е тешко да се биде компентентен родител кој ќе негува позитивно родителство, а тоа ја зголемува веројатноста децата да доживеат проблематично детство и да влезат во детско престапништво. Затоа е многу важно во ситуации на социјална исклученост, семејни кризи и проблеми за кои семејството нема развиено капацитет и одбрамбен механизам за брзо справување со ненадејната промена и излез од истата, институциите на системот да му помогнат. Интервенциите во семејната структура доколку таа појавува одредени дефекти треба да се соодветни и навремени, бидејќи доколку ја немаме

поддршката на семејниот систем сите други заштитни фактори како на пример училиштето, го губат своето влијание.

Целта на превенцијата е да не дозволиме семејството да го зафати ерозија и безизлезност. Родителството треба да се негува, родителството треба да се учи и поддржува. Институциите кои работат со семејствата, кои допираат до нив на директен или индиректен начин, треба да се ангажираат за нивно насочување, советување и подигање на нивните капацитети. Институциите треба да бидат партнери со семејството и тие да чувствуваат дека работиме ,,со,, нив, а не ,,на,, нив. Но за семејството е важно да се знае дека оваа поддршката не може вечно да трае, дека таа ќе заврши, дека тие мора да се оспособат сами да се справуваат со животните проблеми. На тој начин избегнуваме да создаваме зависни семејства, туку градиме силни семејства кои по пат на рефлексија на сопственото искуство ќе се изборат со идните кризи. Долгогодишната присутност на семејствата во системот на социјална заштита, со години користени права и услуги нема да ја зајакне семејната структура, туку создаваме идни зависни семејства, бидејќи децата учат да живеат со помош и тоа ќе го практицираат и во своите новоформирани семејства.

На секоја држава и се потребни силни семејства, родители кои имаат развиено капацитет за реализација на позитивно родителство, затоа важно е да се прифати Препораката (2006)19 од Советот на Европа (19 of the Committee of Ministers to member states on policy to support positive parenting, 2006) која е основа за подготовка и помош на семејствата да ја преземат улогата за превенција на детското престапништво (Rec, 2006).

Според Препораката (2006) 19 од Советот на Европа, позитивно родителство се однесува на родителско однесување засновано на најдобрите интереси на детето кое што го негува, јакне и е ненасилно за детето и овозможува негово признавање и насочување, а вклучува и поставување граници заради овозможување целосен развој на детето. За целите на оваа препорака терминот родители се однесува на лицата со родителско право или одговорност, а родителство се однесува на сите обврски на родителите, интеракцијата родител – дете, а целта е грижа за воспитување на децата.

Поддршката на семејствата треба да биде во насока на поддршка за родителството на следните три нивоа :

- Неформални врски : создавање и јакнење на постојните социјални врски и поттикнување на нови врски помеѓу родителите и нивните пошироки семејства, соседи и пријатели ;
- Полуформални врски: јакнење на советувалишта за помош на родители и деца, програми за зајакнување на семејствата, брачни советувалишта, само – помош и други услуги и групни облици на работа организирани од граѓански здруженија, НВО и сл;
- Поддршка од институциите: олеснување на пристап до јавните услуги.

Посебно внимание треба да се посвети на важната улога на татковците во грижата и одгледувањето на своите деца, водејќи сметка особено за принципот на родова еднаквост. Оваа препорака доаѓа поради фактичката состојба на живеење на татковците одвоено од децата поради разводи, оддалеченост на работно место и сл.

Улогата на родителите и семејството во превенција на детското престапништво е најзначајна и незаменлива и се препознава преку следниве карактеристики и форми:

- **Градење на семејни улоги и нивно јасно распределување.** Јасно поставените семејни улоги се најважни за здраво функционирање на семејството. Тоа е директно поврзано со семејната способност да се справи со проблемите на секојдневниот живот, со непредвидени кризи и нормални промени, а индиректно поврзано со превеницијa на детското престапништво. Заземањето на одредени улоги во семејството покрај задолженијата, со себе носат и очекувања. На пример од родителите се очекува да се грижат за своите деца, да им пружат љубов, внимание, да ги подучуваат и воспитуваат, а од децата се очекува да соработуваат со своите родители, да ги почитуваат семејните правила, да се образуваат, да се вклучуваат во донесување на одредени одлуки, посебно во оние што се однесуваат на нивниот живот и да преземаат одредени обврски соодветно

на нивната возраст. Флексибилноста во улогите, нивно правилно распределување без да се дава преголема обврска на некој член, одговорноста за нивното исполнување како и отвореното комуницирање помеѓу членовите е клуч за здраво функционирање на семејството. Успешните семејства периодично прават попис на своите силни и слаби страни и преземаат чекори за подобрување на семејната структура и атмосфера. Но семејствата што имаат проблеми, немаат јасно поставени и распределени улоги, а членовите не разбираат што се очекува од нив. Па така родителите не ја реализираат својата родителска улога, даваат негативен пример на децата, ги занемаруваат своите обврски кон нив, вршат директен девијантен притисок на децата, а со тоа се намалува родителската моќ за управување со семејството и поместување на позицијата родител - дете. Во вакви случаи децата лесно стануваат престапници;

- Добро и јасно поставените семејни улоги даваат гаранција за **градење на добри семејни односи и отворена комуникација**. Семејните односи претставуваат рамка за развој на способностите за емпатија, комуникација, добри односи со браќата и сестрите, упатуваат на чувство на припадност и приврзаност во рамките на семејството, врсничка, културна група и поширока социјална средина. Овие односи опфаќаат адекватно однесување кое е соодветно на возраста, полот, културната и религиска припадност, лична хигиена и достапност до информации од родителите/старателите. Сето ова го оспособува детето за грижа за себеси, што подразбира практична, емоционална и комуникациска способност за соодветна развојна независност, стекнување на самодоверба и самостојна активност надвор од семејството и подготовка за самостоен живот. (Zegarac, 2001).

  Градење на вакви особини кај децата значи заштита од детско престапништво и правење на правилни избори на детето и кога е надвор од семејството и кога е далеку од родителите;

- **Одржување и управување со семејниот систем** вклучува лидерство, донесување одлуки, партнерство, одржување на релации со членови на поширокото семејство и пријателства од пошироката социјална средина. Но исто така во овој дел спаѓа и наметнување на одредени стандарди на однесување на членовите, прифаќање на правила и воспитување на децата. Стандардите на однесување во едно семејство, всушност се градење на морално – вредносен систем во семејството кој се почитува од сите членови, а се пренесува преку личниот пример на родителите кое е најсилно воспитно средство. Доколку родителите имаат неморално однесување и е прифатен негативен морален систем, очекувано е и дека децата ќе го прифатат овој модел на однесување и лесно ќе влезат во детско престапништво. Но доколку во семејството владете позитивна морално – воспитна клима, со јасни граници на дозволеното и недозволеното, на позитивното и негативното која се гради од самото раѓање на детето и содржините се менуваат соодветно на неговата возраст, тоа значи цел систем на превенција на детското престапништво.

  Од друга страна отвореноста на семејствата значи прифаќање на други искуства, учење на туѓи грешки, прифаќање на различности, родова сензитивност и недискриминирачки однос кон луѓето. Семејства кои имаат проблеми, семејни тајни, конфликти, девијации се изолирани семејства, некомуникативни, семејства кои се плашат да го откријат својот проблем и да побараат решение.

  Одржувањето на семејниот систем се однесува и на водство и граници кои треба да се воспоставaт од страна на родителите и да му овозможат на детето да развие сопствен модел на морални вредности и однесување кое потекнува од семејниот став, но е согласно со општествените норми и опкружувањето во кое расте и се развива. Границите му овозможуваат на детето да ги регулира сопствените емоции и начин на однесување, да не влегува во асоцијални или престапнички дејствија, да развива вештини за решавање на проблемите во однос на другите, адекватно да ги манифестира емоциите и грижа кон другите. Осамостојувањето на детето и

негов развој во автономна личност со сопствени вредности и ставови е цел на секое воспитување, а се обезбедува преку одговорно и позитивно родителство;

- **Развивањето на емотивни врски** меѓу членовите во семејството е една од основните афективни задачи и одговорности на родителите. Негувањето, поддршката и пред се покажувањето на родителската љубов кон детето, е основа за отворена комуникација без страв и забрани. Тоа е гаранција дека секој проблем со кој ќе се соочи детето надвор од семејството, ќе може да добие семејна разрешница, а не прифаќање на предлози и однесувања кои може да го одведат детето во престапништво.

  Секое дете има свои емоционални потреби и од тоа дали тие се задоволени преку љубов, разбирање, поддршка или не, зависи и неговото однесување. Дали е детето незадоволно, луто, бесно, навредено, радосно или нерасположено за комуникација зависи од квалитетот на емотивните врски со родителите.

  Само ако неговиот емоционален резервоар е полн, од него може да очекуваме правилно однесување и надвор од семејството. А одговорноста за тоа неговиот емоционален резервоар да се одржува полн е на родителите. ( Кембел, 2009);

- **Семејството треба да е стимулативна средина за детето**, која го поттикнува неговиот интелектуален развој и ги препознава потенцијалите на детето низ интеракција, комуникација со него, поттик низ игра и други едукативни можности. Родителите кои се први пренесувачи на знаење, треба едукативно да го стимулираат детето преку охрабрување, игра, разговор, користење на добрите примери од средината, содржини и да интерпретираат позитивен личен пример. Тоа е патот кон создавање на позитивна и креативна семејно - воспитна клима. Но, процесот на воспитувањето подразбира постојани промени, прилагодување на новото време, на новите опасности и предизвици, но и кон можностите и новите сознанија. Затоа родителите мора да ги унапредуваат своите родителски вештини, за да одговорат поадекватно на потребите на денешните деца.

Родителството се учи, а денес има различни начини и форми за разрешување на родителските дилеми, зајакнување на родителските капацитети, збогатување на знаењата за развојните фази на децата, нормалните реакции и препознавање на отстапувањата во нивното однесување. Само на тој начин родителот ќе може да препознае знаци на асоцијално однесување, соодветно да реагира и превенира влез во детско престапништво.

Семејствата со ваква животна ориентација на детето му градат безбедно детство, со здрави морални принципи, со јасни животни ставови и амбиции, самоуверено и самостојно дете кое не потпаѓа под туѓи влијанија и има сопствено животно искуство.

## 2.3. Воспитно – образовниот систем во превенција на детското престапништво

### 2.3.1. Нормативна рамка на превенцијата на детско престапништво во воспитно – образовниот систем

Законската и стратегиската рамка на училишната превенција ја наоѓаме во гореспомнатите меѓународни и национални документи, а во овој труд посебно се става акцент и се разгледуваат Законот за основно образование, Законот за средно образование и Законот за педагошката служба. (Сл. весник на РМ бр.18/11г. со измени и дополнување).

Ако се направи анализа на овие закони може да се констатира дека во нив зборот превенција не постои и не се користи, иако истите се однесуваат и ги уредуваат односите со децата кои посетуваат основно и средно образование и се најбројна популација во овие институции. Оваа констатација не треба да се сфати како критика, туку како поттик за размислување дали тоа така треба да остане или е потребно нешто да се менува. Всушност, училиштето како одговорно за примараната превенција треба да очекуваме да развива и поттикнува позитивен развој кај децата. Овие закони таа содржина ја предвидуваат. Во чл. 29 од

Законот за основно образование на часот на одделенска заедница е предвидено да се разработуваат содржини за личноста и социјалниот развој на учениците, а во чл.86 во делот за подготовка на наставата од страна на наставникот предвидени се активности кои може да ги наречеме превентивни, а тоа се ,,соработка со родителите" , ,,водење на слободните активности на учениците", работа на проекти, организирање на културни – спортски општо корисни и хумани акции, екскурзии, излети...

Во делот на правата и обврските на учениците предвидени се правила на воспитно - образовната работа за ученици кои не ги извршуваат обврските. Така чл.59 предвидува примена на педагошки мерки како укор, усна опомена, писмена опомена, намалување на поведението, преместување на ученикот во друго одделение или во друго училиште. Ако сакаме да ја поддржиме тезата дека педагошките мерки се составен дел од превентивните училишни активности, тоа значи дека се изрекуваат со цел да поттикнат промена во некое однесување кај ученикот, а не за да го казнат. И советувањето на родителите како новина во Законот за основно и средно образование е предвидено со цел да се превенираат некои поризични состојби кај децата и затоа се вклучуваат нивните родители во групна советувалишна работа. Но што се случувало со детето за да направи 10 неоправдани односно 100 оправдани изостаноци или да добие повеќе од три слаби оцени или да пројави форми на насилство, неморално, неетички или антисоцијално да се однесува? Какви активности и форми на работа биле применети со ученикот и зошто и до тогаш родителите не се вклучени како партнери во справување со неадекватното однесување на детето. Зошто е пропуштена примараната превенција на училиштето ? Работата со родители во фаза кога негативното однесување на ученикот кулминира е секундарна превенција. Оваа ,,задоцнета форма" на работа со родителите наметнува многу прашања и поставува дилеми за размислување. Факт е дека секогаш во секое училиште постоеле и постојат ученици кои бараат дополнителни воспитни, образовни и интервенциски напори од страна на наставниците или стручната педагошко - психолошка служба со што ќе им помогнат во социјалната интеграција, бидејќи праксата на казнување на децата дополнително

допринесува за нивно социјално исклучување и поттикнува нови проблеми во однесувањето. Во известувањата што училиштето треба да ги упати во центарот за социјална работа во ситуација на несоработка на родителите, согласно законот, најчесто истите се без содржина на преземени активности и работа со детето или родителите.

Во послениот извештај што Министерството за образование и наука го достави до Државниот совет за превенција на детско престапништво во период од 1.09.2013 год. до 07.03.2014 год. вклучени биле вкупно 18774 родители во 421 основно и средно училиште во РМакедонија.

И Законот за педагошка служба во делот на надлежностите (чл.4) предвидува помош на ученици од детски психолог, организирање на работилници и обуки за правилен развој на децата, соработува и учествува во советувањето на родителите, дава стручно мислење за асоцијално или антисоцијално однесување на ученикот, предлага мерки за јакнење на грижата и развојот на здрава работна средина во воспитно - образовните установи и промовира програми и мерки за развој на психолошкиот, социјалниот, културниот и воспитно - образовниот потенцијал на учениците.

Нормативната рамка дава содржина на нешто што може да се нарече примарна, но и секундарна превенција. Да се обидеме да аргументираме зошто е потребна превенција на детското престапништво во училиштата. Постојат причини кои потенцираат дека превенцијата на детското престапништво во училишното опкружување е неопходна. Пред се таа е клучна бидејќи:

- Основното и средно образование е задолжително и сите деца треба да ги посетуваат училиштата, со мали исклучоци;
- Времето поминато на училиште е долго, а учењето и животното искуство кое се стекнува на училиште е највредно;
- Развојниот период на училишните деца е најзначаен бидејќи се формираат како личности со свои ставови, однесување, вредности како и адаптирање на средината и снаоѓање во неа;

- Училиштето располага со стручен кадар одговорен за образование и воспитување на децата.

Дополнителни аргументи ни даваат и статистичките податоци и истражувањата кои се вршени и покажуваат бројни потешкотии и проблеми кај децата во текот на нивното растење. Резултатите од секојдневната неорганизирана и стихијна ,,превентивна пракса на училиштето,, не се познати. Во светски рамки дури 74% од сите објавени превенциски програми биле реализирани во училиштата (Durlak, 1995, според Basic 2009).

## 2.3.2. Мерки за превенција на детското престапништво во училиштето

Зборувајќи за училиштата како за установи на организирано педагошко делување, зборуваме за едно од најважните места на детското здраво растење и формирање во самостојна, хумана, одговорна и креативна личност. Веднаш по семејството, училиштето е најважниот сегмент за позитивен развој на детето и има најважна улога во вклучувањето на детето во пошироката социјална средина и прифаќање на посакуваните обрасци на однесување. Но во современиот начин на живеење училиштето е постојано под социјалнопедагошкиот предизвик навреме да детектира, рано открие и интервенира во одредени непожелни начини на однесување кај децата.

Факт е дека училиштето како место за дневен престој на голем број ученици на различна возраст може да биде и извор на врсничко насилство, интернет насилство (искористување на мобилни телефони), неприфатливо однесување на децата, уништување на имотот и училишниот инвентар и сл. Оваа состојба секако е резултат на целокупното општествено - економско и социјално живеење, напредокот во технологијата и други причини. Не смееме ниту можеме да чекаме да се поправи состојбата во општеството за да преземеме сериозни превентивни мерки за детското престапништво. Можеби училиштето не може директно да влијае врз решавање на некои економски и социјални аспекти и проблеми, но може да се спротивстави на различни облици на детско престапништво преку

примена на превентивни програми како што тоа го покажуваат странските искуства.

Затоа секое училиште е заинтересирано за развивање на форми на превентивно делување и речиси во сите училишни курикулуми има можност за превентивно делување на детското престапништво. Во секојдневниот наставен процес, низ наставните содржините се препознаваат елементи на превентивно дејствување на наставникот кон ученикот, на часот на одделенска заедница, воннаставните активности, трибини и работилници на одредени теми, училишните приредби и проекти кои често се во соработка со родителите и локалната заедница и сл. Друг вид на активост може да биде обезбедување на содржини за одредени појави кои сакаме да ги превенираме во училиштето, кои може да се наменети за учениците и родителите и тоа преку печатење на флаери, брошури, видео презентации, предавања, формирање на тимови со одредени задачи, партиципација на децата и сл.

Овие активности и содржини може да се обединат во единствен училишен превентивен програм. Но наведените активности во праксата различно се присутни по број, интензитет, различен квалитет, посетеност и тоа зависи од многу фактори. Значи примарно превентивните програми во училиштето не треба да се спроведуваат само кога ќе се појави одреден проблем во училиштето, тие не треба да санираат ризични состојби, туку треба да се реализираат во континуитет со цел да развијат и поддржат позитивен развој кај децата. Искуствата на применети програми покажуваат дека најуспешен пристап на училишна превенција е оној што ги опфаќа сите субјекти во училиштето, и ученици и наставници, пристап кој започнува уште во предучилишните установи, кој минува низ целиот воспитно - образовен процес, а не се ограничува на одредени ученици или поединечни часови и предмети, програм кој е насочен на градење на позитивна училишна клима, а позитивното однесување се наградува и пофалува. Најуспешни се оние превентивни програми кои имаат поддршка од наставниците, родителите и локалната заедница во која се наоѓа училиштето.

Голдштајн е еден од најпознатите автори на програмите за превенција од насилство и направил преглед на мерки за превенција кои во САД се применети

во почеток на 90 те години на минатиот век. Голдштајн регистрирал 137 различни интервенции кои ги групирал во девет категории според целните групи на кои се насочени: (Гашич – Павишич, 2004).

1. Интервенции насочени на ученикот - различни облици на помош на ученикот во учење, групно, индивидуално и врсничко советување, обука за интерперсонални вештини, обука за совладување на стрес, за решавање на проблеми и конфликти, морално воспитување, обука за заменување на агресијата, составување на кодекс за права и одговорности, како и партиципација и учество на учениците во различни училишни одбори, комисии за безбедност и сл.;
2. Интервенции насочени кон наставниците – спроведување на обуки за справување со агресијата меѓу учениците, контакти помеѓу учениците и наставниците надвор од училницата, групни дискусии помеѓу раководниот тим на училиштето со наставниците и учениците, индивидуализирана настава, поголема интеракција на наставниците со родителите и обуки за зајакнување на капацитетите на наставниците;
3. Интервенции насочени кон училишните програми – организирање на курсеви за ликовна и музичка уметност и развивање на естетски знаења и вештини кај учениците, курсеви за правата на децата, развивање на центри за учење и други облици на образование надвор од редовната настава;
4. Во четвртата група спаѓаат интервенции насочени кон управата на училиштето – јасно одредување на одговорностите и авторитетите помеѓу раководниот тим во училиштето, постоење на прирачник со закони кои се однесуваат на децата, координираност помеѓу училиштето и другите институции со кои соработува, како на пр. со полиција, креирање на прирачник за училишните процедури, правилник за правата и одговорностите, обука за демократско управување со училиштето, ,,видлив" директор на училиштето и сл;
5. Интервенции насочени кон училишната (физичка) средина – осветлување, намалување на големината на училиштето, намалување

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

на бројот на ученици во одделенијата, отварање на изолираните простории, брзо поправање на штетите, инсталирање табли за графити, лесен пристап до училиштето и училниците, денови на екологија и чистење на училиштето, означување на училишниот инвентар и сл.

6. Интервенции насочени кон родителите – формирање на одбор за спречување на отсуствување на учениците од настава, обука за развивање на родителски вештини, гостување на родителите на настава како предавачи, поголема законска одговорност на родителите кон нивните деца, формирање на центри за семејно воспитување, договори помеѓу децата и родителите во однос на одредени проблеми и сл.;
7. Во интервенциите насочени кон лицата од обезбедувањето на училиштето потребно е тие лица кои ги проучуваат законите кои се однесуваат на заштита на децата, да состават училишен прирачник за безбедноста во училиштето, да бидат обучени за комуникација со деца, советување и сл;

   Корисно е во обуки да биде вклучен и административно – техничкиот кадар на училиштето бидејќи и тие доаѓаат во контакт со децата, прават поблиски релации со децата и комуницираат со нив;
8. Во интервенциите насочени кон заедницата спаѓаат програми за помош и поддршка, организирање на општествено корисни акции, заеднички прослави и сл;
9. Интервенции насочени кон државата односно општеството – иницијативи за подобрување на законската регулатива, учество во работни групи и давање предлози од праксата, воспоставување на подобра координација помеѓу локалните служби и централната власт и сл. (Гашич – Павишич, 2004).

Посебен проблем претставува вреднувањето на превентивните програми бидејќи училиштата не располагаат со инструменти и постапки за нивно оценување, освен ако одредена програма не е евалуирана од надворешен супервизор кој располага со знаења и вештини за истото. Најчесто се

подготвуваат извештаи за бројот на присутни, спроведените содржини, потешкотии, добри страни, но нема мерење на ефектите од програмите. Голема примена во секојдневната пракса има и самовреднувањето (самопроцена, давање на извешати..) што придонесува за подигнување на квалитетот на сопствената работа. За евалуацијата на програмите важно е да не се вреднуваат само на крај на активноста, туку од почеток на истата и при изведување на самата активност. Ова е подрачје кое треба да се развива и да се применува рефлексивниот пристап.

Кога зборуваме за состојбите во РМакедонија треба да се запрашаме дали знаеме кои програми се применуваат во нашите училишта, ги знаеме ли резултатите од истите, дали е реализирана нивна евалуација? За жал нашите програми не минуваат низ научна евалуација и не се прават лонгитудинални студии кои би ни го покажале ефектот од нивната примена.

Тоа го покажува и последниот извештај даден од страна на Министерството за образование и наука до Државиот совет за превенција на детско престапништво, според кој во делот на примарната превенција во основните училишта во тековата 2013/14 година спроведени се неколку програми со учениците и тоа:

- Градење слика за себе како член на семејството;
- Препознавање и изразување на сопствените емоции;
- Справување со загуба и жалење;
- Справување со емоции;
- Справување со насилничко однесување;
- Превенција од злоупотреба на дроги и психотропни супстанци.

Во средните училишта во тековната 2013/14 учебна година со учениците спроведени се следниве превентивни програми:

- Здраво живеење;

- Ризично однесување;
- Авантури;
- Алкохол и сообраќај;
- Дроги и психоактивни супстанци.

Во истиот период нема спроведено превенитвни програми наменети за родителите и за родители и деца. Спроведените програми до сега не се евалуирани, а се планира во учебната 2014/15 година да се евалуираат од страна на Бирото за развој на образование во соработка со УНИЦЕФ.

Причините за воведување на превентивни програми засновани на докази се наоѓаат во порастот на информации и знаења за превенцијата и науката за превенција, но и во емпириски евалуирани програми. Најголем број на деца се наоѓаат во училиштата, помошта која треба да ја добијат преку рано интервенирање и континуирана работа со нив и нивните родители изостанува, а всушност целта на превентивните програми е влијание на позитивниот развој на децата, нивно зајакнување, развивање на соодветни социјални вештини кај нив, животни вештини, отпорност, решавање на проблеми и донесување на одлуки, менторски програми и превенирање на првите манифестации на ризично однесување. За тоа се потребни повеќе ,, влезови на превентивните програми":

- Програми за позитивен развој;
- Програми за превенција на ризични однесувања на децата;
- Специфични програми за одредени облици на ризично однесување (агресивност, кражби, насилство, малолетничка бременост и бракови и сл.);
- Програми за зајакнување на семејствата. (Basic, 2012).

На пример во светот е развиена широка палета на програми за училишното насилство односно врсничко насилство во училиштата. Тие се анализирани и се

поделени на четири групи базирани на модалитетот на третманот кои се разликуваат по методологија, учесниците и карактеристики на интервенција. Тоа се:

1. Универзални програми кои се применуваат во одделението и кои се наменети за сите ученици, пограми кои не се селектирани. Најчесто, во овие програми постои селекција на училиштата во кои се применуваат (таму каде што е појавен овој облик на насилство заради на пр. лоша економска состојба и/или криминалното соседство, етничка нетолеранција и сл.);
2. Селектирани /индицирани програми се применуваат слективно, на оние ученици кај кои е присутен некој од факторите на ризик како што е агресивно однесување, хиперактивност и др. Овие програми можат да се спроведуваат со селектирани ученици вон одделението или во одделенијата во кои се наоѓаат овие ученици;
3. Специјални училишта или одделенија: децата кои ги посетуваат овие училишта или одделенија заради некои проблеми во однесување или учење;
4. Сестрани/мултимодални програми: овие програми вклучуваат повеќе модалитети, вклучувајќи ги програмите кои се применуваат во одделенијата и вон нив. (Jo Wilson&Lipsey, 2005, според Батиќ, 2011).

Значи според овој пример, превентивните програми во училиштата може да се применат на ниво на училиште, на ниво на одделение, на ниво на избор на поединци / ученици.

Друг проблем е што секоја превентивна програма бара фискални импликации, а не постои контрола на исплатливоста во превентивните вложувања. Препорака за перспективно вложување на училиштата во превентивната пракса е во имплеметирање на програми кои се веќе влезени како редовна училишна пракса, кои се испробани или е добиена донација за нивно имплементирање и со кои треба да се опфатат сите ученици (универзална превенција). Но важно е училиштето да има опција да побара програми и на селективно ниво. Тие

програми треба да се засновани на анализи преку следење на потребите и ризиците на децата, засновани на докази и во училиштето да се внесат преку поврзување на училиштето и заедницата и поврзување на теоријата и праксата.

Добра пракса во нашите училиште е Програмата за образование за животни вештини која се применува во сите основни училишта и претставува законска обврска. Се реализира на часот на одделенската заедница со учениците од прво до деветто одделение. Со примена на оваа програма се подига свеста кај најмладите за штетноста од пушењето, алхохолот и дрога. Во наставната програма, како и во прирачниците за образование за животни вештини се опфатени теми поврзани со здравјето на учениците, односно со ризичното однесување. Во прирачникот за учениците од четврто до шесто одделение, се разработува темата за превенција од пушење и пиење алкохол, во прирачникот за учениците од седмо до деветто одделение, се разработува темата за превенција од злоупотреба на психотропни суспстанции, во прирачникот за Унапредување на здравјето, се дава конкретен пример на ученички проект на тема: Младите и пушењето (Извештај од Министерство за образование и наука до Државниот совет за превенција на детско престапништво).

Се поставува и прашањето кој треба да е носител на овие превентивни програми. Дали тоа да биде исклучиво стручната (педагошко – психолошка) служба или и самите наставници може да бидат носители на одредени програми. Педагогот во училиштето треба да биде носител на превентивните програми во училиштето во смисла на учество при нивниот избор, за што често пати е потребна и претходна анализа, нивна организација, следње, учество и водење на програмите, но и нивно евалуирање. Од друга страна педагогот како член на стручната служба во училиштето може да работи тимски и со помош и поддршка од психологот, дефектолог или друг стручен профил. Наставниците пак се тие кои најдобро ги знаат своите ученици, нивното семејство, родителите, браќата и сестрите, но и потенцијалите, потребите и ризиците на секое дете, а и поминуваат најдолго време со нив. На тој начин и наставник кој покажува посебен интерес и афинетет во оваат област може да биде носител или дел од тимот одговорен за

превентивните програми. Дискутабилна е позицијата на педагогот во современото училиште каде со измените во законот за основно и средно образование му е одземена круцијалната надлежност, а тоа е советувањето на родителите каде е резервен играч во случај кога во училиштето нема вработено психолог.

Поаѓајќи од овие состојби, а имајќи во предвид дека педагогијата е наука која во центарот на своето внимание го има воспитувањето на детето, потребно е да се истражува кое е местото на превенцијата во педагошката наука и колку педагозите се занимаваат со превенцијата при своето воспитно, педагошко делување. Според литературата, педагошката превенција е синоним за примарна превенција и посебен акцент се става на компентентноста на воспитувачите, наставниците, педагозите и сите оние кои работат со деца, кои низ својата работа со децата (без разлика дали е воспитно - образовна, советодавна, советовалишна и сл.) превентивно влијаат во однос на појава на пореметување во однесувањето. Педагошката превенција во себе ги вклучува сите претходни достигнувања во цел комплекс на науки, посебно за основа ја има педагогијата и теоријата на воспитувањето на која се гледа афирмативно, наспроти превоспитувањето кое е тежок и сложен процес. Воспитувањето е едно од основните човечки права. Но воспитната пракса денес во нашата ситуација станува се потешка и покомплицирана поради фактот дека се повеќе деца живеат во дефициентни семејства, во семејства со дисфункционални односи или во комплетни семејства, но без родителска грижа, деца чии родители се зависници или психички болни.

Во педагогијата не постои единствена метода за превенција на детското престапништво и не се проучуваат и усвојуваат посебни методи за овој вид работа, но во општо познатите и прифатени педагошки методи се даваат насоки и за превентивно делување. Така во рамките на вербалната метода на педагошко делување покрај објаснувачко - репродуктивната, стимулациска и др. се користат и проблемско - ситуациската и превентивна метода со примена на различни техники како пресретнување, замена на мотивите, позитивен пример и сл.

,, Со превентивните воспитни средства ги потиснуваме и избегнуваме негативните влијанија и децата ги ориентираме на позитивно, ги зајакнуваме позитивните влијанија, упатуваме на позитивни примери и тоа со помош на надзор, предупредување, свртување на внимание и сл.” (Pedagoska enciklopedija 2, 1989, стр.245).

Современата педагогија ја презентира педагошката метода активно - мотивациска супституција на пореметување во однесувањето на децата, која ги поврзува педагошките начела и законитости и може да се примени во работа со деца и малолетници кои покажуваат пореметување во однесувањето, но и во работа со ризична популација (деца во ризик) за да се спречи појава на детско престапништво односно да ги обезбеди услови да не дојде до вакво однесување. Значи целта на оваа метода е активно мотивирање на децата за одредени позитивни воспитно - образовни содржини кои ќе станат супститут за нивното неприлагодено однесување. Посебен акцент се става на превенција од агресивното однесување бидејќи овој вид на пореметување во однесувањето е најдоминантен во училиштата и пошироко. (Opic, 2009).

Одредени познати превентивни програми применуваат методи за работа со децата кои се покажале како многу ефикасни и кои може да се применат селективно или сеопфатно. На пример превентивната програма - Учење на замена на агресијата на Голдштајн е всушност учење на просоцијално однесување односно учење на вештини, обука за контрола на бесот и морално воспитување. Учењето на вештини се постигнува со примена на моделирање, играње на улоги со сценарио за вежбање на позитивни начини на однесување, повратни информации за постигнувањата и учење на генерализација односно применливост на научените социјални вештини во реалниот живот. Вештините кои се учат се поделени во шест категории и тоа: почетни социјални вештини (како да започнат разговор, да се претставаат, да дадат комплимент и сл.; напредни социјални вештини (како да побараат помош, да се извинат, да дадат упатство и сл.); размислување и изразување на чувствата (бес, агресија и сл.); користење на алтернативи на агресија (одговор на предизвици, преговарање, помагање на

другите и сл.); планирање (поставување на цели, донесување на одлуки, приоритети и сл.). Обуката за контрола на бесот содржи идентификување на бесот, знаци на бес, контрола на бесот преку наредби на самите себе, техники на намалување на бес, да користат самоевалуација за реални ситуации на бес и сл. Моралното воспитување е насочено на зајакнување на чувствата на праведност, правда, чесност. (Гашич–Павишич, 2004).

Најсовремените видови превентивни програми на младите им се достапни преку компјутер. Таков програм е на пример, компјутерски програм за обука во управување на бесот (Smart Talk), наменет за агресивни ученици чија цел е да се подобрат нивните вештини за решавање на конфликти.

Воспитната девалвација на училиштето станува глобален проблем бидејќи ,,академските знаење" стануваат доминантна задача што училиштето треба да му ги даде на ученикот, при тоа заземајќи позиција на "воспитна неутралност " и со видлива диспропорција во "образовните и воспитни задачи". (Zlokovic, 2010). Во такви услови училиштето често пати треба да прифати деца кои веќе покажуваат и престапничко однесување и се сторители на кривични дела, а мора да се признае дека текот на школувањето на овие деца е оптеретен со многу тешкотии. Колку подолго трае ризикот и интензитетот на изложеност на детето е поголем и во поголем временски период, доаѓа до кумулативен ефект на последиците кои се движат од бегање од настава, слаби оцени, оштетување на училишниот инвентар, повторување на одделението, разни форми на насилство кон наставниците и врсниците и може да кулминира со прекинување на образованието и напуштање на училиштето. Тоа значи прекин со една од главните социјализациски институции која прокламира адаптирање на општествените норми, тоа значи дека овие деца остануваат без основни квалификации, не го оформуваат процесот на образование, шансите за вработување се минимални и така се продуцираат полнолетни криминалци.

# III. Планирање на превенцијата и на превентивните програми

## 1. Развој и значење на превентивните програми

Терминот планирање значи процес на размислување при што се донесува одлука за активностите кои треба да се реализараат за креирање на одредена состојба. Во областа на науката за превенција, планирањето се користи во два контекста: планирање на превенција и планирање на превентивни програми.

Планирање на превенцијата е поширок поим од планирање на превентивни програми. Планирање на превенцијата значи процес на проектирање на целокупното превентивно делување на одредено подрачје во одреден временски период. Во овој процес планирањето на превентивните програми е само една од фазите, значи станува збор за многу потесен поим и означува дизајнирање на конкретен програм ( Citic - Popovic, 2004).
Многу е важно да постои разграничување на овие поими, бидејќи неадекватно користење на истите внесува забуна и планирањето на превенцијата како поширок поим често неоправдано се сведува на планирање на превентивни програми. Дополнително и користењето на терминот програмирање на превенцијата внесува дилеми бидејќи означува исто што и програмирање на превентивните програми.

На запад, поради развиените бази на ефективни превентивни програми, планирањето на превентивните програми, се сведува само на селекција на програми кои ќе се применат и нивна евентуална адаптација или модификација кон карактеристиките на заедницата.

Историски гледано превентивните програми поминале пат од насоченост кон недостатоците односно видот и карактерот на проблемот до промена на фокусот кон силите на поединецот и пошироката социјална средина. Со лонгитудинални студии биле идентификувани ризичните и заштитните фактори кои стануваат појдовна точка за планирање на програмите на превенција. Програмите почнуваат да се дизајнираат, така што програмските интервенции се

доведуваат во врска со факторите на кои се делува, а не на самите проблеми. Полна експанзија овие програми доживуваат во 90 те години на 20 век, кога се вршат евалуации на ефектите на програмите, дефинираат критериуми за проценка на ефективноста на превентивните програми и се креираат првите бази на овие програми. Успешно евалуираните програми биле со јасно одредена структура, содржина и начин на примена, вклучувајки ги и факторите на кои се делува со програмската интервенција, со следење на обука за нивна примена, техничка поддршка, материјали кои биле достапни на потенцијалните реализатори. (Поповић-Ћитић, 2007).

Програмата е сет на планирани активности со цел да се постигнат специфични цели за одреден временски период. Превентивните програми претставуваат фокусирани напори за промена, намалување на некоја појава, состојба или однесување или креирање на нова позитивна. Тие ја сочинуваат конкретната превенциската пракса, а во литературата понекогаш се означува и како програмирање (Prevention Term Glossary).

Но ефективноста на превентивната програма, не зависи секогаш исклучиво од самата програма туку и од карактеристиките на заедницата во која се применува. Затоа во САД концепирани се два модела кои меѓусебе се многу слични, кои ја претставуваат концептуалната рамка на практичниот процес на планирање на превенцијата кои укажуваат на постапките на градење на инфраструктурата неопходна за ефективна и одржлива превенција. Се препорачува да се применуваат:

1) Пет чекори на стратешко планирање на превенцијата *(Five Steps of Strategic Prevention Planning);*
2) Седум чекори до успешен превентивен програм(*Seven Steps to the Successful Prevention Program*);
3) Систем на заедница која се грижи*(Communities that Care System)*(Поповић-Ћитић, 2007).

Но во превентивните програми треба да се промовира нормалниот развој пред да е потребно да се преземаат интервенции кога ќе се развијат проблемите.

Нова рамка на програмската ориентација е:

- Концептуален пресврт во пристапот со децата и младите, од модел на ризик кон модел на развој на потенцијалите;
- Јакнење на локалната мрежа;
- Здружување на силите на програмите на државните институции и програмите на невладиниот сектор;
- Значајни напори во евалуација на програмите за да имаме избор.

За сето ова е неопходно:

- да се дефинира проблемот;
- да се идентификува целната популација одредена според одреденото ниво на ризик;
- да се идентификува соодветна програма која се нуди;
- воспоставување на меѓусебна поврзаност помеѓу слични и различни програми;
- одредување на локација;
- избор на стручни лица;
- административна поддршка;
- финансирање;
- евалуација на програмата;
- постојано проверување и промена во програмата. (Попович–Читич, 2007).

Подготвеноста на средината е клучен предуслов за успешно планирање и примена на превентивни програми. Во контекст на превенција, подготвеноста подразбира степен до кој средината е адекватно подготвена за превентивно дејствување, односно заинтересираност, способност на средината да иницира, поддржи и реализира активности од превентивен карактер. (Popović-Ćitić& unić-Pavlović, 2005). Една од најважните причини за неефективна примена на

превентивните програми е неусклadeната природа на програмата со степенот на кој е подготвена средината за прифаќање на програмата за превенција. На тој начин може да се објасни зошто одредени превентивни програми кои успешно се спроведени во други земји кај нас не остваруваат ниту минимални ефекти. Затоа при планирање на превенцијата многу е важно да се направи проценка на подготвеноста на средината за превентивно дејствување.

Согласно резултатите од проценката на подготвеноста се прави избор на нивото, стратегија и интервенција на превентивно дејствување кое може да биде имплементирано и поддржано во одредена средина.

## 2. Карактеристики на успешни превентивни програми

Нашето скромно искуство во делот на спроведување на превентивните програми, но и од светските сознанија, искуства и препораки при спроведување на превентивни програми, укажуваат дека често е неопходен мултисекторски пристап и активно учество на повеќе општествени фактори. Посебно треба да го имаме во предвид фактот дека детското престапништво се третира интердисциплинарно со вклученост на различни сектори и стручни профили на што упатува и Законот за правда за децата и затоа примена на ефективните програми на превенција на детското престапништво треба да е во соработка со сите или одредени институции во системот.

Истовремено компонентите на превенција и интервенција во одредени сектори би требало да бидат поврзани, да се координираат и взаемно да се дополнуваат и поттикнуваат. За жал, тие во наши услови обично се третираат како одвоени и неповрзани, а и оние превентивни програми кои се спроведени кај нас добиваат статус на ,,проекти" под што се подразбира краткорочност, неодржливост и неевалуираност на ефектите. Доскорешното отсуство на сеопфатна стратегија придонесуваше услугите да бидат фрагментирани, некоординирани и неефективни во решавање на проблемите на децата. Со донесувањето на Националната стратегија за превенција на малолетничко престапништво создадени се реални можности за надминување на оваа состојба

и покоординативно и поефективно решавање на проблемите со детското престапништво. Но иако се создадени услови се уште не е евалуирана ниту Националната стратегија за превенција на малолетничко престапништво , ниту имаме увид во примената на нејзините предложени мерки од страна на секој сектор поединечно.

Превентивните програми се успешни кога:

- идентификуваат потреби;
- развиваат различни стратегии за нивно задоволување;
- градат мостови меѓу многуте установи и служби кои можат да ги задоволат тие потреби.

Така подготвените и спроведени програмите делуваат како врзивно ткиво што ги поврзува посебните интервенциски "цигли" во заедничкото креирање на широки и силни системи кои може да поддржат различни и меѓусебно поврзани потреби на децата, младите и возрасните во заедницата. (Bašić, Ferić-Šlehan&Kranțelić-Tavra, 2007).

Значи, превентивна програма може да биде спроведена и во рамките на еден сектор односно институција на пр. во училиште, центар за социјална работа, установа за сместување на деца, НВО сектор, но важно е програмата да биде евалуирана и претставена на другите институции и сектори и да е поддржана од ресорното министерство.

Со цел превентивните програми да бидат ефективни и успешни потребно е да се почитуваат некои принципи, меѓу кои најважни се:

- Фокусирање на мулти - средината која влијае на децата, младите и нивните семејства. Оваа животна средина ги вклучува семејството, училиштето, заедницата, медиумите и општеството во целина;
- Ефективните превентивни програми и интервенции се прилагодени на развојот и искуственото ниво на децата и младите луѓе. Ова значи дека

децата и младите со висок ризик имаат поразлични потреби од децата изложени на понизок ризик;

- Намалување на ризикот и зајакнување на заштитните фактори - ризичните процеси се кумулативни, односно кога има повеќе, најголема е ранливоста, а постоењето на заштитните фактори ја намалува ранливоста. Ризичните процеси се намалуваат, а заштитните се зајакнуваат со рана и постојана поддршка која е насочена кон специфични потреби;
- Подобрување на развојните придобивки и развојните бенефиции кои се важни, не само за оние кои се изложени на ризик, туку за секој поединец. Повеќе бенефиции придонесуваат за позитивен развој и позитивни резултати;
- Чувствителност на разновидност, со цел да се обезбеди ефективна поддршка. Изворите на разлики вклучуваат: пол, култура, социо-економскиот статус и сл;
- Создавање континуитет на нега и поддршка, идејата за континуитет на негата и поддршка е да се обезбеди детето токму со она што му е потребно. Повисоко ниво на ризик бара повеќе интензивна и долготрајна поддршка;
- Интервенирање со цел да се изгради и одржи посакуваното однесување – менувањето на однесувањето не е лесно да се постигне. (Pratt, Hernandez, 2003, според Bašić, Ferić-Šlehan, Kranțelić-Tavra, 2007).

Денес се присутните превентивни програми засновани на неколку концепти како што се:

1. Концептот на ризични и заштитните фактори;
2. Концептот на позитивен развој;
3. Концепт на развојни предности;
4. Концептот на отпорност и ризик;
5. Концепт на еластичност;
6. Концепт на превенција во локалната заедница и др.

По последните случувања во науката на превенција може да се заклучи дека стратегијата се насочува кон комбинирање на претходните концепти / модели. Обично се комбинираат **концепти на ризик и заштитните фактори**, чија цел е намалување на ризичното однесување и концептот на позитивен развој, кој има за цел да се спречи првата појава на ризично однесување. И тој концепт е појдовна точка во поставувањето на стратешките интервенции и програми во областа на превенција, заштита и психо - социјална поддршка на децата, младите и возрасните жители на заедницата, што го прави основна насока за многу проекти за превенција во светот.

**Концептот на позитивен развој** е најнапреден и најсовремен модел, кој тврди дека проблемите на младите треба да им се пријде долго време пред овие проблеми на било кој начин да се појават или пред да се појави било каков ризик во примарни места за живеење. Значи, во основа на овој модел е дека примарната превенција се рефлектира во инвестирањето во квалитетот на животот на целокупното население. (Bašić, Ferić, Kranțelić, 2001).

**Концептот на јакнење на развојните предности**, ги развиле истражувачите од Search Institute - Минеаполис, САД. Моделот е резултат на долгогодишни истражувања во областа на отпорност на децата во ризик, деца кои успеале во животот и покрај силните причини да се очекува спротивното. Кај овие деца дејствувале некои заштитни фактори во развојот. На врвот на листата на овие заштитни фактори се позитивни односи кои децата ги имаат со компентентни, одговорни и грижливи возрасни. Со овој модел се пратставува само еден начин на организирање и концепирање на потребите на децата и младите за растење во здрави, зрели и одговорни возрасни. Авторите веруваат дека овие предности се применуваат без разлика на полот, семејните услови, географска локација, расната или етничка припадност. Разгледуван како целина, придобивките од развојниот модел претставува нова парадигма за децата. Овој модел прави голема промена на фокусот од негативно кон позитивно. Исто така, укажува на тоа дека сите области во општеството потребно е да играат активна улога и придонесуваат за здрав развој на децата.( Leffert et al. 1997, според Bašić, Ferić&Kranțelić, 2001).

Еден од  пристапите кои денес во светот се користи како основ за планирање и програмирање на превенцијата на детското престапништво е **концептот на еластичност**. Моделот на еластичност како еден од современите пристапи на превенцијата на детското престапништво кој се заснова на концептот на фактори на ризик и фактори на заштита  и нуди концептуален оквир за разбирање и објаснување на начините на дејствување на протективните фактори, развиен е во последната деценија на 20 век, од страна на американската авторка Бони Бенард, која во тек на долгогодишна истражувачка работа ги утврдила основните теоретски поставки на моделот на елестичност, кој денес има импликации во планирање на превентирвни активности посебно во училишна средина и во локалната заедница. Основни начела на овој модел се да во превенција се ангажираат расположливите сили и потенцијали, јакнење на личните сили на поединецот и ангажирање на ресурсите и потенцијалите на семејството, локалната заедница и училиштето. (Popović-Ćitić, 2004). Основното поаѓалиште на овој модел е дека голем број млади и покрај ризичните фактори на кои биле изложени не развиле девијантни особини. Врз основа на тоа се преземале голем број истражувања на заштитните фактори и изучување на индивидуалните карактеристики на т.н ,,еластични деца,, кои развиле просоцијално однесување и покрај ризичните фактори во кои живееле. Овие деца поседуваат извесни особини, лични карактеристики кои ги направиле отпорни. Синтезата на тие особини и карактеристики опишана е како една посебна способност - еластичност или резилиентност како транскрибовен термин од resiliency. Еластичноста се дефинира како способност успешно и релативно брзо да се надминат негативните ефекти на делување на ризичните фактори и покрај изложеноста на нив да се развие просоцијално однесување. Значи градење на еластичност и јакнење на такви карактеристики кои младите ќе ги направи еластични во контакт со ефективни ризични фактори.

Еластичност е заштитник кој ги слабее негативното дејство на ризичните фактори. Тоа се ,,лични сили" или ,,внатрешни предности". Основ за развој на еластичноста дава универзалниот вроден капацитет кој може да се активира исклучиво со адекватна помош и поддршка од социјалното опкружување. Тоа

значи изградување на еластичноста како резултат на динамичниот процес на интеракцијата на вроден капацитет на личноста и делување на социјалната средина. (Popović-Ćitić, 2004).

Познат концепт во светот, а применет и во Хрватска е **превенција во локалната заедница** која е фокусирана на акција, со намера за промена на социјалните услови кои се верува дека предизвикале или поттикнале различни начини на однесување на децата во локалната заедница. Различни пристапи за кои се верува дека се најдобар одговор за промени на локалните услови се:

- организирано вклучување на граѓаните во заедницата;
- мобилизирање на постоечките ресурси и изградба на нови и нивно одржување;
- заштита на загрозеното население (според Hope, 1995, според Bašić, Ferić-Šlehan&Kranțelić-Tavra, 2007).

Предностите на пристапот превенција во заедницата може да се опишат во неколку клучни точки:

- вклучување на сите области на заедницата во промовирањето на здрав, позитивен развој на младите луѓе;
- проактивност - идентификување и насочување кон приоритетни области, пред младите луѓе да бидат вклучени во проблемот односно пред проблемот да стане дел од животот на младите;
- специфичност за заедницата - секоја заедница ги користи своите податоците во развојот на сеопфатни и долгорочни планови за зајакнување на постојните ресурси. (Horachi et al, 1996, според Bašić, Ferić-Šlehan&Kranțelić-Tavra, 2007).

Како позитивна практика применета во Хрватска е моделот на превенција на детско престапништво ,,Заедница која се грижи". Овој динамичен и сеопфатен модел го развиле авторите Hawkins и Catalano (Hawkins, 1992), научници на универзитет во Вашингтон, во рамките на Стратегијата за социјален развој која била насочена кон јакнење на заштитните фактори кои влијаат на спречување на

ризичните однесувања на младите и промовирање на позитивниот развој на младите. Овој модел на превенција ги вклучува сите сегменти на заедницата, проактивен е и насочен кон приоритетни подрачја и предиктори на проблемите на децата и младите пред нивно вклучување во проблематично однесување. Осмислен е да им помогне на клучните луѓе кои носат одлуки во заедницата полесно да ги користат информациите кои се добиени по пат на научни истражувања. За значењето на овој модел говори фактот дека истиот е преземен во многу заедници во САД, Германија, Холандија, Ирска, Велика Британија, Австрија, а сега и во Хрватска.

Во барањето на најадекватен модел или систем на неколку модели на превенција, многу е важна концептуалната рамка која ќе ги задоволи потребите на граѓаните и ќе обезбеди позитивни промени во насока на благосостојбата на сите деца, млади и возрасни во заедницата. Значи, потребно е истовремено да се работи на повеќе нивоа, при што е важно:

- Да се знае големината и содржината на проблемите со кои се сретнуваат децата;
- Да се започне што порано, во однос на проблемот и во однос на возраста на децата;
- За решавање на проблемите на децата и младите да се создадат услови и вклучат важни личности од средината (Bašić, Ferić-Šlehan& Kranțelić-Tavra, 2007).

За да се оценат програмите како потврдено ефективни и да бидат засновани на докази мора да се исполнат четири услови:

- Евалуационите истражувања треба да потврдуваат дека програмата доведува до очекуваните резултати;
- Резултатите мора да се препишат на програмата, а не на други надворешни фактори или настани;
- Евалуациите анонимно се рецензирани од страна на тројца експерти во областа и
- Програмата треба да е акредитирана и категоризирана од страна на државна организација или призната институција.

Програмите засновани на докази кои се акредитирани треба да се содржани во база или регистар на ефективни признати програми ( Popovic-Citic, 2008).

Имплементација на одреден модел на превентивна програма содржи информации за специфични компоненти на програмата, начинот на кој на програмата се спроведува, како и детали за контекстот во кој се спроведува програмата. Имплементацијата на програмата подразбира: интегритет и кредибилитет на програмата (во предвид се зема степенот до кој клучните компоненти на програмата се доставени како што е планирано); изложеност на програмата (се однесува на зачестеноста и времетраењето на нејзино користење), квалитетот на спроведувањето на програмата (се однесува на квалитетот и стилот на испорака), вклучување односно учество на корисници (учеството и реакциите на учесниците во програмата според што се гледа колку е соодветна програмата за корисниците), можноста за диференцијација (проверка на условите на планираната програма). (Dane, 1998 според Bašić, Ferić-Šlehan&Krențelić-Tavra, 2007).

Процесот на имплементација на програмата е многу важен посебно заради увид во ефективноста на програмите, односно за проширување на програмите кои се покажале како најдобрите практики. Почитување на компоненти на успешна имплементација осигурува дека докажано ефективни програми се имплементирани верно и во нова средина. (Bašić, 2007).

Но со реализација на превентивни програми треба да се почне многу порано од очекуваните промени и негативни манифестации. И во науката за превенција раната интервенција има големо значење.

Ефективното креирање и имплементацијата на програмите за превенција бараат претходна проценка и анализа на специфични целни групи како и присутното ниво на ризик и заштита. Врз основа на овие податоци, се утврдува нивото на превентивното дејствување. Правилен избор на состојбата е предуслов дали програмата ќе придонесе за намалување и елиминирање на влијанието на ризик факторите на развојот и зајакнувањето и промовирањето на заштитни фактори.

Потребно е да се направи правилен избор на нивоата на превентивно дејствување, што е предуслов дали програмата ќе придонесе за елиминирање на ефектите на факторите на ризик и зајакнување на заштитните фактори. Во сето ова треба да учествуваат и многу различни ресурси на заедницата, што значи дека во превентивните активности треба да учествуваат администрацијата и владата, социјална заштита, здравството, образованието и културата, спортот, полицијата, медиумите и други ресурси на заедницата.

Важен аспект при примена на превентивните програми е и методологија на работа што ќе се користи при реализација на програмата.

Превентивните програми најчесто се изведуваат во форма на едукативно - искуствени работилници (работилница=анг. Workshop) со група на ученици, обично до 20 учесници. Основни карактеристики на работилниците се:

- Игровен контекст на размена;
- Циркуларно учество на сите учесници, вклучувајќи ги и водителите на работилниците;
- Недирективен пристап кој вклучува давање на фидбек, а не совети, анализа и интерпретација.

Еден од принципите за учеството во работилница е доброволнолноста, што подразбира прифаќање на некои основни претпоставки: дека сакаме да работиме на себе си, дека сме подготвени да се развиваме и го подобрувме односот кон другите. Всушност, во оваа постапка се работи за учење и тоа не само когнитивно, туку и искуствено, што вклучува пред се емоционално учење. Во работилниците исто така е присутно и кооперативно, интерактивно и учење по модел, бидејќи се случува во група на деца, односно во социјален контекст. Понекогаш треба подолг период да се работи на мотивација на учесниците за вклучување во групата, а периодот за тоа е различен кај деца и кај возрасни. Понекогаш принципот на доброволност не може да се почитува посебно кога станува збор за судски налог или судско решение за вклучување во процеси на лекување, одвикнување или спречување, за доброто како за личноста така и за неговата околина.

Структурата на работилницата, независно од целта се состои од: воведен дел, главен дел и завршен дел. Се работи на одредена тема, со добро подготвен материјал и помагала. Техниките кои се користат во работилничката постапка се од активен и партиципативен карактер, што подразбира дека сите активно учествуваат и никој не може да биде пасивен набљудувач. Со препознавање на сопствените потреби, освестување на силните и слабите страни во себе си, зајакнување на сопствената личност се стекнуваат првите искуства како да се разберат и прифатат другите. Во група децата учат да слушаат, да препознаваат невербална комуникација кај себе си и кај другите, да се изразуваат себеси при што работат на сопствените емоции, ја подобруваат комуникацијата со врсниците, родителите, наставниците. Техниките за работа се различни, многубројни и зависат од групата и целта која сакаме да ја постигнеме: цртање, боење, библиотерапија, играње на улоги , разјаснување на ставови, работа во мали групи, следење на видео клипови, кратки филмови и сл. Групата е погодна за работа затоа што децата учат за себе споредувајќи се со другите, и на тој начин градат концепт за себе. Истовремено групата занчи поддршка, осознавање дека и другите имаат сличен проблем, можност да се види колку е некој добар, успешен, да се научи од другиот, да се прифати позитивен концепт. Превентивните програми обично имаат холистички пристап бидејќи се занимаваат со когнитивни, имагинативни, афективни, физички и социјаните страни на личноста.(Батиќ, 2011)

## 3. Познати модели на превентивни програми во детското престапништво во светот

Прв познат превентивен програм е работен во САД т.н. "Чикаго 1934". Во овој период била карактеристична поделбата на сиромашни и богати, конфузија во системот на вредности и изолација и оттуѓеност. За таа цел бил основан центар за воспитување и организирање на слободни активности како место каде ќе се намали социјалната дистанца.

Од тој период до денес има многу обиди за создавање на превентивни програми во различни области фокусирани на децата, па така и во областа на

детското престапништво. Некои обиди биле посупешни, други помалку ефективни, со големи отстапувања од идеја до спроведување во пракса, едни се проверени и евалуирани, засновани на докази и применливи, а други се уште се борат за својата оправданост.

Во некои земји постојат институции кои водат регистар односно собираат информации за постојни превентивни програми и нивната ефикасност, формираат база и даваат препораки на училиштата кои од тие програми да ги применат и информации како да ги набават програмите. Меѓу нив има голем број и разновидни програми и дел од нив се многу добри и успешни, прифатени во различни земји.

Судејќи спрема досегашните евалуациони студии во оваа област, два пристапа во превентивните програми се оценуваат како најветувачки:

- Тренинг вештините за решавање на интерперсоналните проблеми, фокусирани на начин на кој детето ги запазува социјалните ситуации, осмислени во вид на серија чекори во решавање на проблемите преку игри, учење, приказни, моделирање, играње улоги и позитивно поддржување;
- Тренинг на родителските вештини каде водачот на програмата ги подучува родителите да ги идентификуваат и следат проблемите на поинаков начин преку сесии базирани на учење на одредени родителски техники, преговарање, договарање и вежбање на истите. (Kazdin, 1993, според unić, Kovačević, 2010).

Во контекст на овој став секако е и аргументот дека поголем број на современи автори се повикуваат на опсежната студија за ефективни превентивни третмани на детското престапништво која се засновувала на 82 евалуации во период од 1966-1995 (Brestan et al, 1998, според unić&Kovačević, 2010). Потврдено ефективни програми чиј ефект бил емпириски докажан биле:

- Програми за тренинг на родители заснован на прирачникот *Living with children* (Patterson&Gullion,1996) кој е краткорочен и

бихевиорален по својата природа, има за цел да ги подучува родителите како да ги воочат девијантните обрасци на однесување кај своите деца, да ги следат, да ги наградуваат просоцијалните однесувања и да го игнорираат или слабо казнуваат негативното однесување на децата;

- Програми за тренинг на родители кој опфаќа моделирање по пат на лекции снимени на ДВД / ЦД и групни дискусии кои се водени од сертифициран водител на групата - Strengthening Families Program (SFP10-14).

Но не задржувајќи се само на два програма кои се највисоко евалуирани, во нашето истражување во литературата пронајдовме дека современата пракса на превенцијата во последниве десет години издвојува повеќе доминантни програми на превенција кои биле евалуирани и позитивно оценети, со конкретни ефекти на дадената популација во даден временски период. Најпознати се :

- Заедници кои се грижат*(Communities that Care System)*;
- Програма насочена на редукција на факторите на ризик (*Boolyng PreventionProgram);*
- Програми насочени на јакнење на протективните фактори (*Child DevelopmentProject);*
- Програми насочени на превенција на насилничко однесување (*Second Step: A Violence Prevention Curriculum);*
- Програми насочени на превенција од злоупотреба на droги и др. психотропни супстанци(*Keeping Clear Mind);*
- Програми за превенција од напуштање на училиштето (*Reconnected Youth)* ;
- Програма за зајакнување на семејствата (*Strengthening Families program (SFP10-14);*

- Учење на замени на агресијата *(Aggression Replacement Training)*;

- Просоцијален програм за агресивни млади *(Prosocial Curriculum for Aggressive Youth);*

- Градители на мирот *(Peace Builders);*

- Игра на добро однесување *(Good Behavior Game-GBG);*

- Поврзување на интересите на семејството и наставникот (*The Linking the Interests of Families and Teachers (LIFT);*

- Компјутерски програм за обука во управување на бесот(Smart Talk).

Врз основа на утврдената состојба и потребата од итност од превенирање на детското престапништво во третиот дел од овој труд ќе биде претставена Програмата за зајакнување на семејствата (Strengthening Families program (SFP10-14) како програма која е применета, евалуирана, со исполнети услови да биде акредитирана (доколку се создадат услови во нашата држава за создавање на ваква база).

Критериуми за успешна превенција се :

1. Најдобар период за превенција е возраст помеѓу 9 и 13 години, бидејќи тенденцијата на престапништвото е намалување на возраста на сторителите, периодот е од важност за развој на интелегенцијата и за равој на морално расудување;
2. Основен облик на работа треба да е групната работа, во која групата ќе биде средство, а основна содржина би била однос кон авторитети, вредност, цели и начин на остварување и развој и формирање на идентитетот;
3. Неопходно е да се направи избор на конкретен превентивен програм пред започнување на било која активност и тоа подразбира:
   - знаења од теорија на превенцијата и превентивните програми;
   - знаења за детскиот развој, концептот на ризични и заштитни фактори и ментална хигиена;

- знаења за појавата заснована на истражувања( или ситуациона анализа), јасна цел на програмата и предвидување на начин на евалуација ( Давидовски,1994).

На крај на теоретскиот дел од овој труд важно е да сублимираме одредени начела на кои треба да се засновуваат превентивните напори за да имаат ефект:

- Главна мисија на секое училиште и друга институција која работи со деца е да им се помогне на децата да ги избегнат високоризичните ситуации и ризичното однесување. Знаењата, вредностите и вештините се неопходни за избегнување на ризичното однесување и треба да бидат составен дел од образованието на 21 век;
- Превенцијата треба да се адресира на повеќе причини (ризици, потреби, состојби, околности). Превенцијата е насочена на резултатите и ефектите;
- Превенцијата мора да биде континуирана и реална, а не фрагментирана и повремена;
- Идејата на превенцијата е младите да прават самостоен и позитивен избор во сите аспекти на нивниот живот и во отсуство на возрасните;
- Успешната превенција е насочена и кон децата и кон возрасните. За да се поддржи развој на децата треба да се насочиме и кон вредностите, ставовите, однесувањето и животните стилови на возрасните во целокупното социјално опкружување, кои се пример за децата;
- Превенцијата бара соработка и комуникација помеѓу многу сектори и институции, не може да се очекува превенција да спроведува само еден сектор;
- Превенцијата треба да се следи, учи, развива. Да се следи и учи превенциската теорија и пракса, најновите концепти, информации како и добро спроведени и евалуирани програми. Да се учи од добрите практики;
- Успешна превенција не постои без евалуација т.е. евалуацијата е клучен дел на успешната превенција.(Basic,Jankovic, 2003).

# 4. Модел на превентивна програма “Програма за зајакнување на семејствата”

Имајќи во предвид дека семејството е најважен фактор, кој може да биде ризик фактор, но и протективен фактор за детето, во светот се развиени различни модели на превентивни програми кои се насочени на семејствата, но во центарот е позитивниот развој на детето. Интервенциите кои го вклучуваат целото семејство се многу поделотворни од оние кои работат само со децата или само со родителите, бидејќи не може да очекуваме промената да дојде само од една страна.

Дури има и тврдења дека оние превентивни интервенции кои во центарот го ставаат исклучиво детето, без вклучување на родителите, може да имаат и негативно влијание на функционирање на целото семејство. (Ferić, 2002).
Родителите се најважните чинители во животот на едно дете, чија функција и улога се менува согласно возраста, потребите, потенцијалите и ризиците на детето. Посебно во периодот на адолесценција родителите имаат многу важна улога во развојот на децата. Ако во детството не е воспоставена здрава и блиска релација родител - дете, тогаш проблемите во периодот на адолесценција се извесни и можни. Всушност релацијата со родителите е најдолгото и најважното искуство на секој човек, таа релација е двонасочна и колку детето е ставено во ситуација да учи и прифаќа одредени правила и норми, толку и родителот е ставен во позиција да учи за потребите на своето дете. Затоа вклучувањето во овие превентивни програми наменети за деца и родители е од големо значење за целото семејство и семејната кохезија.

Целта на овие и слични модели на превентивни програми е превенирање на одредени ризични однесувања кај децата уште пред да се појават. Значи спаѓаат во делот на примарната превенција. Колку е возрата на детето помала, толку е поголема можноста за превенирање на некои облици на однесување бидејќи паралелно со детето се работи и со родителите и се зајакнуваат родителските капацитети за навремено справување со проблеми кои би можеле да се јават на подоцнежна возраст.

Многу меѓународни истражувања (Resnick, 2000; Reese et al, 2000 според Ferić, 2002) покажуваат дека зајакнувањето на семејството односно родителите е клуч на ефикасната превенција на детското престапништво. Емпириски е утврдено дека повеќекратните животни стресори и повремените кризи како на пр. семејно насилство, здравствени проблеми, партнерски проблеми, финансиски стресори како невработеност, сиромаштија, нерешено стамбено прашање може да го намалат родителскиот капацитет и родителската компентентност во справување со секојдневните проблеми поврзани со воспитување на децата. Во ситуација на социјална исклученост, многу е тешко да се биде одговорен и компентентен родител. Истражувањата покажале дека за најголем дел од децата најранлив е периодот на промена и премин кон нешто поразлично како на пример од понизок кон повисок степен на образование, од одделенска во предметна настава, од основно во средно училиште и тие често се соочуваат со предизвиците на врсничката група од типот да научат да се согласуваат со групата и да се прифатени од врсниците.

Academy for Children and Families (www.health.nsw.gov.au) наведува дека е неопходно и потребно да се развиваат и зајакнуваат пет заштитни фактори на семејството и тоа:

- Приврзаност – развојот на блиските релации помагаат подобро да се разберат децата и родителите меѓусебно и да развијат позитивна комуникација;
- Учење на родителството – информациите што родителите ги добиваат за развојните фази на детето им помага да ги препознаат отстапувањата од очекуваното однесување и да му помогнат искористувајќи ги сопствените родителски потенцијали;
- Отпорност на родителите – препознавањето на знаците на стрес, родителите ги унапредуваат сопствените вештини за решавање на проблемите и ги зголемуваат капацитетите за соочување со проблемите;
- Социјални врски – родителите со широка мрежа на пријатели, роднини, соседи имаат подобра поддршка во социјалното опкружување;

- Конкретна поддршка и помош – обезбедување на ресурси и услуги за помош и заработка за задоволување на потребите на семејството.

Врз основа на теоретската анализа, резултатите од ова истражување како и некои национални и странски искуства, во овој труд даден е предлог на превентивен модел ,, Програма за зајакнување на семејствата,, или Strengthening Families program (SFP10-14) наменета за родители и нивните деца кои се на возраст од 10 до 14 години, кој е со меѓународно значење, евалуиран и презентиран како ефикасен, применет во основни училишта во РМакедонија и евалуиран од страна на супервизори.

## 4.1.Создавање и кратка историја на "Програмата за зајакнување на семејствата" - Strengthening Families program (SFP10-14)

"Програмата за зајакнување на семејствата" (Strengthening Families program-SFP10-14), наменета за родители и нивните деца кои се на возраст од 10 до 14 години (ПЗС 10-14) е изготвена за ,, Проектот Семејство,, - истражувачки потфат на Центарот за истражување на семејството во рамките на Државниот универзитет на Ајова. Првиот автор на ПЗС 10-14 е д-р Вирџинија Молгард, вон. проф. во пензија и експерт за семеен живот, Отворена катедра на државниот универзите на Ајова. Подоцна во тимот се приклучуваат и д-р Карол Камфер, вон.проф. на Универзитетот на Јута и Елизабет Флеминг, експерт за семеен живот, Државен универзитет на Ајова. Во 1996 и 1997 год., три национални организации ја оцениле оваа програма како позитивна и ефективна и тоа Заводот за малолетничка правда и спречување на деликвенција, Национален институт за спречување на злоупотреба на наркотици и Министерството за образование на САД. ПЗС 10-14 е програма составена од седум сесии која има за цел намалување на ризичните фактори на семејството во кои живеат децата и изградба на заштитини фактори кај децата и нивните семејства. Ревизијата на оваа програма се засновувала на ризичните фактори на семејството и заштитните фактори кои биле идентификувани со помош на релевантно истражување. Дополнителни теоретски концепти биле извлечени од Проектот за младите и за

семејствата на Ајова – лонгитудинална студија со кои биле опфатени децата и нивните родители.

Во 1993 година "Проектот Семејство" спроведува експериментално тестирање на ПЗС 10-14 односно евалуација што е многу ретко за превентивни програми. Тестирањето е спроведено кај 442 семејства кои биле случајно избрани како дел од евалуација на програмата од една страна и контролна група од друга страна. Семејствата пополнувале обемни прашалници и биле снимани со видео камера за време на организираните семејни интеракции во своите домови и тоа пред и по завршување на програмата и последователно по една, по две години, четири и шест години. Анализата на податоците од спроведената евалуација односно вреднување на програмата покажале дека децата и родителите значително напредувале кон посакуваното однесување. На пр. утврдено е дека децата биле поспособни од своите врсници да се спротивстават на девијантните облици на однесување. Родителите во програмскиот примерок манифестирале подобрено однесување што е цел на оваа програма на пр. ефективно да ги следат реакциите на своите деца и да научат мирно да ги слушаат кога децата се вознемирени... Тоа придонело до значително подобрување на вештините на родителите во општото управување со децата и до нивни позитивен афективен развој. За време на последователната евалуација по една година, постигнатиот позитивен напредок се задржал. Конкретно, исходите во делот на проблематичното однесување на децата, како користење на забранети супстанции, проблеми во поведението, проблематично однесување поврзано со училиштето, неоправдани изостаноци, спротивставување на врсниците и здружување со асоцијални врсници, намалено користење на алкохол, генерално покажале позитивни ефекти на програмата. Собраните податоци оделе во прилог на хипотезата дека е можно програмата да иницирала позитивни промени со текот на времето во однос на исходот кај децата. Меѓутоа еден од исходите/ефектите кај децата – непријателско однесување и давање отпор, не покажале ефекти од интервенцијата со програмата. Меѓу седумте исходи/ефекти кај децата кои биле испитувани, индикаторите за овој исход се најблиски до врската со темпераментот или личните особини на децата за кои се покажало дека се отпорни на промена.

Врз основа на позитивните наоди од студијата, како и поради фактот дека проектот бил спроведен само кај белци, донесена е одлука програмата да се ревидира за да биде соодветна и за други целни групи. Во ревизијата учествувале и родителите кои ја поминале програмата и давале сугестии за потребните адаптации. ( Molgard, idr.., 2013).

Ова е всушност програма за деца кои се уште не манифестираат проблеми, се зајакнува семејството кое се уште нема евидентни и интензивни проблеми со децата, а истите се очекуваат во периодот на пубертет - адолесценција кој што следи. Програмата покажала ефикасност во зголемување на способноста на децата да поставaт соодветни лимити и граници под притисоците на врсничката група, а родителите да покажат љубов и поддршка на нивните деца и да ги практицираат научените родителски вештини. Истражувањето исто така покажало долгорочни влијанија врз адолесцентите при покажување на отпор за користење на штетни супстанци и агресивно однесување, а поголема амбиција при здобивање со академски перформанси.

Евалуирани се и ефектите во родителството. Наодите покажувале дека одредени однесувања што родителите ги научиле во програмата придонеле да ги подобрат општите родителски вештини, афективниот аспект на релацијата родител – дете како и воспоставување на правила во семејството.

Од тој период до денес (од 1993 година) оваа програма се спроведува во повеќе од 20 земји и е дефинирана како превентивна програма во областа на примарна превенција преку зајакнување на капацитетите на семејствата и превенирање на проблемите поврзани со ХИВ/Сида, криминал и наркоманија. Ова е дефинирана и насочена превентивна програма во областа на примарната превенција, комплементарна на стратешките планови на државите во кои се спроведува. Од 2010 година се спроведува и во Србија и е поддржана од Министерството за образование и наука на Република Србија и други владини и невладини организација како и од организацијата на Обединетите нации.

## 4.2. Практични услови за спроведување на “Програмата за зајакнување на семејствата”

ПЗС 10-14 е наменета за семејства со деца од 10 – 14 годишна возраст. Таа не е терапевтска програма, туку здрава едукатвно – превентивна програма низ која преку различни семејни ситуации се потикнуваат размислувања, процеси и промени. Прикажаните ситуации се животни, секојдневни, не се непознати. Програмата е визуелна и не заснована само на вербални презентации, туку веднаш се дава конкретно решение за даден проблем, преку прикажување на модел на друго семејство и се дискутира за проблемот.

Програмата е составена од седум сесии кои се одвиваат низ седум средби, се работи со двете групи паралелно (група на родители и група на деца) по еден час, а во наредниот час двете групи се спојуваат и се работат сесии за семејсвото. При тоа се користат различни активности на учење преку игра, дискусии, работа во пар, пленарно и преку гледање на сцени преку кратки филмови во кои се прикажуваат ситуации во семејствата и се предлага нивно решение. За сесиите се користат девет видео ленти кои содржат сцени во кои се прикажуваат типични ситуации во семејствата помеѓу децата и родителите, во кои играат глумци од различни раси.

Големината на групите се движи од 8 до 13 семејства односно 20 до 30 лица. Програмата е соодветна за комплетни семејства, за дефициентни семејства – самохран родител, за семејства со деца од претходни бракови. Идеално би било секое дете да биде со две возрасни лица односно со родители или вклучување на баба, дедо, очув, старател, тетка, чичко или друг семеен близок пријател на детето. За да се учествува во програмата неопходно е да во семејството има барем едно дете на возраст од 10 -14 години.

ПЗС 10-14 содржи посебни активности преку кои се постигнуваат следните цели:

- На родителите/старателите да им се помогне да стекнат вештини за воспитување со кои ќе им пружат поддршка на своите деца и ќе добијат информации за развојниот период во кој се нивните деца за подобро разбирање на нивните реакции ;
- На родителите/старателите да им се помогне да научат како да ги насочуваат своите деца;
- На децата да им се овозможи градење на здрава ориентација кон иднината и почитување на родителите, семејството и семејните вредности;
- На децата да им овозможат стекнување со вештини за совладување на стресот, притисокот на врсниците и спротивставување на криминалот и дрогата.

Соодветна локација за реализирање на програмата е училиштето или некој центар во локалната заедница кој располага со најмалку две одвоени простории. Во првиот час родителите и децата се во посебни простории, а семејните сесии се одржуваат вториот час во просторија која е доволно голема за двете групи. Вообичаено е помеѓу двете групни активности да има пауза по договор.

Потребна е дводневна, професионална обука за секое лице да биде сертифицирано како тренер односно водач на ПЗС 10-14. За реализација на програмата мора да биде сертифицирана група од најмалку три лица – фацилитатори и тоа двајца ја водат групата на деца и еден групата на родители. За време на семејната сесија улогите на водачите на групата се менуваат од предавач во фацилитатор, а секој водач презема одговорност за една подгрупа составена од три до четири семејства. Подготовките за секоја сесија траат приближно од 1 до 2 часа. Водачот на групата наизменично треба да седне со секое семејство поединечно за да им даде соодветна помош и поддршка. Водачот на ПЗС 10-14 мора да поседува добри вештини за презентирање и фацилитирање, да има искуство во работа со деца и родители, да има способност за флексибилност со родителите и децата во изведување на активностите.

Материјалите за ПЗС 10-14 се обемни, многу конкретни, упатни, лесни за следење. Изготвен е Водич за водителите на програмата во кој за секоја сесија има подготвени материјали кои се користат со упатства за изведба на активноста, работни листови, мастери и примероци, видео материјали, како и некои дополнителни упатства за материјали кои треба да ги подготви водачот на сесијата.

1. *Сесија за родители*

Секоја сесија за родители се засновува на видео серијата од ПЗС 10-14. Водачот на групата ја најавува темата односно содржината на сесијата и ги започнува активностите. Се следи и видео материјал на ЦД, а на крај на секоја прикажана ситуација се појавува прашање на кое групно дискутираат и е со ограничена минутажа која одбројува и ги лимитира коментарите и дискусиите, бидејќи потоа продолжува на екранот некоја друга семејна ситуација за следење.

Сесиите се наменети за подобрување на родителските вештини преку едуцирање на родителите за прашања како што се социјалните влијанија врз децата, поставување на јасни правила и дисциплина, родителските очекувања кои треба да се соодветни за возраста на децата, семејната кохезија, како и поставување на правила во однос на неконзумирање на дрога и алкохол.

2. *Сесија за деца*

Во сесијата наменета за деца имаме повеќе игровни активности, кои поттикнуваат на размислување и разговор, на креативност при изработка на материјалите. Во сесијата 5 и 6 има и видео материјали. Децата изучуваат вештини кои се комплементарни на оние што ги учат нивните родители и вклучуваат комуникација, поставување на цел, а се занимаваат со стресот и силните емоции, како да кажат ,,не" на негативни содржини, како да се справат со врсничкиот притисок и сл .

*3. Семејни сесии*

Семејните сесии се одвиваат со спојување на двете групи кои претходно имале посебни активности, но за комплементарни содржини кои на семејната сесија се дополнуваат, заокружуваат, се работи заеднички, родителите и децата имаат партнерски однос, се воспоставува комуникација и се отвараат прашања за кои во домашни услови можеби малку се дискутира, а повеќе се наметнува од позицијата на моќ што ја има родителот. Обично атмосферата е позитивна, спонтана, блиска често со присуство на шега и смеа.

Секоја сесија се завршува со мото кое го изговараат сите учесници во конкретната група. Обично до крајот на програмата сите го знаат своето мото на памет и се повеќе го чувствуваат како дел од себе и содржина која ги претставува, а не некоја наметната содржина од надвор. Тоа се позитивна пораки различни за групата деца, за родителите и за семејствата. Исто така по секоја сесија учесниците добиваат и домашна задача која е од секојдневниот живот на семејствата, да се забележи одредена ситуација, случка, чувство. Секоја група покрај свое мото има и свој знак, кој сите заедно го сочинуваат знакот на програмата. На крај на ПЗС 10-14 се доделуваат сертификати на сите учесници односно по едно за секое семејство, со презимето на семејството. Сертификатите може да бидат силен потсетник за искуството на семејството, може да биде во рамка, да се организира да биде свечен чин и секое семејство да добие ЦД изготвено од водачите како сведок на искуството кое го добиле.

Како дел од содржината на сесија 7 е и пополнување на евалуационен лист од страна на родителите и децата. Тука од учесниците се бара да ги споредат знаењата и вештините што ги имале пред и по програмата. Во делот на евалуација на програмата е предвидено по три месеци телефонски лидерите/водачите на програмата да им се јават на семејствата врз основа на случаен примерок и разговараат со нив по однапред предвидени прашања.

Во самиот Водич дадена е проценка на трошоците на програмата за материјалите што се користат, но има и предвидена опција за сендвичи кои се даваат на паузата помеѓу двете активности доколку се располага со средства

бидејќи временски обично активностите се одвиваат во попладневните часови, по работните обврски на возрасните. Вкупните трошоци изнесуваат околу 15 US$ по семејство за седум сесии, под претпоставка да се поседува основната опрем (лап топ, ЛЦД, потребни ЦД со снимен материјал).( Molgard I dr.2013).

**Табела 5: Содржини на сесиите**

| | Сесија за родители | Сесија за деца | Семејна сесија |
|---|---|---|---|
| 1. | Љубов и граници | Цели и соништа | Поддржување на целите и соништата |
| 2. | Одредување на домашни правила | Почитување на родителите | Почитување на сите членови во семејството |
| 3. | Поттикнување на добро однесување | Совладување на стрес | Користење на семејни состаноци |
| 4. | Последици | Почитување на правила | Семејни вредности |
| 5. | Градење на мостови | Како да се справиме со притисокот на врсниците | Градење на семејна комуникација |
| 6. | Заштита од злоупотреба на забранети супстанции | Притисок од врсниците и добри другари | Семејствата и притисокот од врсниците |
| 7. | Поддршка за семејствата за задоволување на одредени посебни потреби | Обраќање кон другите за помош | Обединување на сите елементи |

## 4.3 Спроведување на “Програмата за зајакнување на семејствата” во Република Македонија и нејзина евалуација

Во РМакедонија “Програмата за зајакнување на семејствата” започна во октомври 2012 година во организација на Министерството за образование и наука на РМ и UNODC – United nations Office on drugs and crime. Беше реализирана пет дневна обука наменета за наставниците и директорите на 5 основни училишта каде за прв пат се спроведе програмата како и за претставници од соодветните министерства, невладини организации, државни тела.

По реализирање на обуката и стекнување на сертификати за тренери односно водачи на програмата, истата се спроведе во пет основни училишта, четири во Скопје и едно училиште во Кочани. Училиштата добија техничка поддршка потребна за реализација на програмата.

За евалуирање на програмата покрај обврската што ја имаат самите водачи на програмата согласно упатството, се спроведе супервизија на сите активности кои се реалзираа од страна на независни супервизори кои се исто така сертифицирани за изведување на програмата. Евалуацијата се спроведе преку директно учество на супервизорите во активностите во сите три групи во сите седум сесии и се пополнуваа однапред подготвени листи кои се исти по концепт, но различни по содржина зависно од содржината предвидена во прирачникот. Листите се доставија до Канцеларијата на Обединетите нации за борба против дрогата и криминаl - UNODC канцеларијата во Србија кои се лиценцирани за спроведување и ширење на програмата.

Но независно од спроведената евалуација на програмата од независни супервизори, спроведовме анкетирање на наставниците кои беа вклучени во реализација на оваа програма, со цел да ги утврдиме нивните стекнати искуства,

мислења и ставови во однос на имлпементација на програмата, нејзиниот квалитет и применливост.

За потребите на овој труд, како позитивен и практично примент модел на превентивна програма ,,Програма за зајакнување на семејствата,, во РМакедонија, кој сакаме да го предложиме и препорачаме да се имплементира и во останатите училишта, истражувањето се спроведе помеѓу педагозите – наставници кои ја работеа програма. За таа цел конструиран е ***Прашалник за наставниците вклучени во "Програмата за зајакнување на семејствата"*** (прилог бр. 2).

Од вкупно 15 наставници кои беа ангажирани во спроведување на оваа програма, 9 од нив го пополнија прашалникот со кој направивме еден вид на интерна евалуација и ги добивме следните заклучоци:

- Примерокот е составен од 9 наставници вработени во ООУ "Кочо Рацин" - Скопје, ООУ "Гоце Делчев" - Скопје, ООУ "Живко Брајковски"- Скопје, ООУ "Партение Зографски" - Скопје и ООУ "Св. Кирил и Методиј" - Кочани, каде што беше спроведена Програмата за зајакнување на семејствата. Нивното вклучување беше на принцип на доброволност и повеќето од нив имале искуство со спроведување на превентивни програми, но учествуваа и наставници кои досега не спроведувале вакви активности;
- Тимовите кои работеа на програмата беа сочинети од тројца членови односно водачи на сесијата за родители, сесија за млади и сесија за семејства и директорите на училиштата кои го менаџираа процесот. Формираните групи на деца и групи на родители се движеа од 18 до 20 члена;
- Спроведувањето на самата програма, водителите ја опишуваат како релативно едноставна, но бара време за подготовка на активностите. Прирачникот за "Програма за зајакнување на семејствата" го оценуваат како упатен, со јасни насоки, со

дополнителни материјали кои лесно се користат. Како недостаток го наведуваат ограниченото време помеѓу видео презентациите кое е наменето за развивање на дискусии за кои родителите имале потреба да споделуваат искуства и свои ставови;

- Нивото на соработка со родителите и децата го оценуваат како одлично, самите групи за кратко време станале компактни, учесниците лесно вербализирале меѓу себе, споделувале свои ставови, а посебно интересни ги посочуваат сесиите за родители и деца кога заеднички работат, учат нови начини на решавање на проблемите, надминуваат конфликти и проблеми;

- Најприфатени активности од страна на групите на родители, водачите ги издвојуваа: работи кои добро ги правам како родител - во која родителите се преиспитуваат дали почесто поставуваат граници или почесто покажуваат љубов кон своите деца, одредување на правила во својот дом, примената на бодовната листа, пишување убави комплименти и пораки за градење позитивен однос, петминутни задолженија, укинување на некоја ситна привилегија, активното слушање. Најприфатлива активност од страна на децата била: справување со притисокот од страна на врсничката група;

- Најтешко прифатена активност за родителите била активноста со користење на реченици кои почнуваат со ,,Јас се чувствувам... кога...бидејќи..Јас сакам ти да...,,, родителите се запознаваат со еден нов начини, модел на комуникацијата со своите деца;

- Водачите на Програмата за зајакнување на семејствата сметаат дека истата треба да продолжи во нивното училиште, да се имплементира и во други училишта и да стане задолжителна активност. Оваа програма ја подобрува комуникацијата во семејствата, ги зближува членовите на семејствата, делува

превентивно за појава на поголеми конфликти во семејството и спречува конзумирање на дроги и други психотропни супстанци. Во оваа програма може да се вклучат и разведени родители, самохрани родители, но препорака е во комплетните семејства да се вклучат двајцата родители за да промените се прифаќаат на идентичен начин. Програмата е добро школо за родители;

- Водачите на Програмата за зајакнување на семејствата споделија некои искуства од нивната вклученост во оваа превентивна програма:

,,Особено ново и интересно на родителите им беше тоа што имаа можност во една ваква група во која не се познаваат меѓусебе да ги споделат своите искуства, но и да ги слушнат туѓите искуства и мислења. На почетокот беше навистина тешко да се започне разговор во кој требаше да се искажат и споделат свои лични и приватни случки и искуства, но во текот на следните сесии атмосферата беше позитивна и опуштена за да може секој од родителите да се чувствува пријатно и без предрасуди да го сподели своето искуство од веќе применетите активности со кои се запознаа преку оваа програма.,,

,, Особено интересно за сите беа семејните сесии. Родителите и децата беа среќни што заеднички во училиштето играат, работат, се запознаваат подобро меѓусебе, но ги запознаваат и семејствата на своите другарчиња, прават споредби и корекции.,,

,, Програмата за зајакнување на семејството придонесува за зајакнување на комуникациските вештини на членовите, откривање на чувствата и препознавање на вистинските семејни вредности. Овие активности може да се применат на родителските средби на некоја тема што е актуелна во одреден период, а и да се заинтригираат и заинтересираат родителите за оваа програма,,.

# ВТОР ДЕЛ

## Методологија на истражување

# 1. Предмет на истражување

Детското престапништво е мошне комплексна и сложена појава која е присутна и во нашата држава. Особено, тенденцијата на зголемување на бројот на деца кои манифестираат одредени облици на престапништво и намалување на нивната возрасната граница, го поттикна нашиот интерес за истражување на проблемот на превенција на детското престапништво. Од друга страна, иако проблемот на детското престапништво и негова превенција не е нова појава, за неа малку се говори и пишува во нашата педагошка литература, а со тоа отсуствува и нејзината застапеност како теоретска и практична содржина на студиите за педагогија и стручното усовршување на педагозите на повисоките образовни степени. Поради тоа педагозите вработени во различни институции кои работат со деца се слабо подготвени за работа на оваа проблематика иако со постоечката законска регулатива на педагозите им се дадени и им престојат комплексни задачи во имплементација на превенцијата во нивните области. Како последица од таа состојба меѓу другите фактори е и ненавременото и нестручно реагирање на професионалците односно на педагозите на појавата на детско престапништво и негово превенирање.

Предмет на нашето истражување се педагошките аспекти на превенцијата на детското престапништо во центрите за социјална работа, основните и средни училишта и тоа преку испитување на ставовите и мислењата на педагозите вработени во тие институции. И покрај свесноста за тешкотиите и ограничувањата со кои се соочува секое истражување кое утврдува ставови и мислења на професионалци каде субјективниот елемент и самопроценката се доминантни, имајќи го предвид примерокот на опфатеност, работното искуство, ентузијазмот и потребата да се направат позитивни промени во областа на превенцијата на детското престапништво од педагошки аспект сметаме дека искажаните ставови ќе придонесат за креирање на позитивна политика во оваа област.

## 2.Релевантни истражувања на проблемот

Во светски рамки, иако науката за превенција е релативно млада, сепак реализирани се низа истражувања кои се однесуваат на значењето и потребата од превенирање на детското престапништво, креирани се и евалуирани превентивни програми и истражувања за да се идентификуваат најефективните од нив. Кај нас поголеми и позначајни истражувања на полето на превенцијата на детското престапништво нема, освен како дел од други истражувања насочени на друга тема, а се споменува превенцијата. Секако за одбележување е истражувањето на Државниот совет за превенција од детско престапништво ,,Градење на превентивна политика,, кое е исто така идејно концепирано од авторот на овој труд кој беше и во тимот за реализација. (www.dspmp.cov.mk).

Досега во неколку наврати во трудот е потенцирано дека она што превенцијата ја одвојува како наука се истражувањата кои даваат одговор на прашањата за постоење на проблемот поврзан со детското престапништво (епидемиолошки истражувања), за причините на оваа појава (етиолошки истражувања) и начините за нејзино спречување (превентивно – интервенциски истражувања).(Basic, 2003).

Посебно во САД во последната деценија на минатиот век , спровендени се низа истражувања од типот на епидемиолошки и етиолошки и по констатирани ризични и заштитни фактори на одредена популација на деца, по пат на распишувани наградувани конкурси се одбирале превентивни програми кои се спроведувале и истите се евалуирале од независни супервизори и оценувачи и се спроведувале превентивно – интервенциски истражувања .

Од значење било да се направи типологија на широкиот спектар на престапничко однесување на децата кое се движело од полесни облици па до потешки облици. Затоа првите истражувања покажале најмалку два поттипа на пореметување во однесувањето на децата. Loeber i Schmaling во 1985 год. на темел на мета – анализа на 22 истражувања, поставиле биполарна еднодимензионална типологија на однесувањето на децата и тоа на една страна

се т.н. видливи пореметувања ( непослушност, изливи на бес, агресија, напади, импулсивност и сл.), а на другиот крај се скриени пореметувања ( користење на алкохол и дрога, кражби, насилничко однесување и други тешки кривични дела). Овие начини на однесување не се јавуваат поединечно туку како збир на однесувања кои ги нарекувале проблематични, антисоцијални, асоцијални, деликвентни и сл. (Saric, Zganec, 2003).

Спектарот на манифестни однесувања на децата секојдневно се проширува, облиците на отстапување од нормалното и развојно очекуваното однесување на децата стануваат се подевијантни, така да истражувањата мора да се фокусираат кон откривање и проучување на причинителите и да ги предвидуваат формите на превенција и заштита на децата.

Затоа се продолжило со етиолошки истражувања. Познати се истражувањата Студија на младите во Питсбург (1999), Развојна студија во Рочестер (1999) и Студијата на млади во Денвер, а сите три биле дел од Програмата за истражување на причините и нивната поврзаност со деликвенција на младите во САД. Првата е спроведена на примерок од 1517 градски момчиња од прво, четврто и седмо одделение и имала лонгитудинален карактер, децата ги следеле 10 години. Заклучокот бил дека на 15 години се развива сериозна деликвенција, пронајдени се три патишта кои прогресивно водат кон деликвенција (конфликт со авторитети, скриени облици на деликвенција на кои родителите не реагирале и агресивноста), и ги идентификувале ризичните фактори за таа популација на деца. Второто истражување се спровело на 1000 високоризични, градски адолесценти и заклучиле дека деликвентното однесување и членството во банди води кон малолетно родителство, зависност од дроги и напуштање на училиштето. (Basic, 2003).

Во светски рамки во литературата застапен е ставот дека критичен период за манифестирање на првите знаци на престапничко однесување е околу петнаесетата година, затоа и нашиот понуден модел во трудот е превентивната ,, Програма за зајакнување на семејствата,, , која ги подготвува родителите на децата од десетата до четиринаесетата година да бидат поосетливи за периодот кој ги очекува.

Се спроведувале и истражувања за идентификување на заштитните фактори, посебен акцент се ставал на семејството, идентификување на дефекти во неговата структура и пронаоѓање на начини за негово зајакнување. Бројни емпириски истражувања укажуваат на важноста на семејството, на позитивното родителство, приврзаноста на децата со родителите.

Заклучоците од истражувањата воглавно се движат во насока на најпосакуваниот родителски стил односно авторитативниот воспитен стил кој е заштитен фактор кој може да спречи развој на детско престапништво. Децата чии родители го негуваат овој воспитен стил се независни, задоволни, општествено одговорни, емоционално прилагодени со контрола над сопственото однесување. ( Maccoby, 1980; Maccoby I Martin,1983 според Saric, Zganec, 2003).

Авторитативниот родител презема одговорност за грижата и контролата на своето дете, способен е да спроведе цврста контрола кога е потребно, пропорционална со потребите на детето, но не контролираат само заради контрола, туку за да пренесат и вградат во детето прифатливи начини на однесување. Овие родители му нудат на детето објаснувања за своите одлуки и поттикнуваат преговарање. Комуникацијата е важна за овие родители и постои почит за желбите и гледиштата на детето. Овие родители поставуваат доследни ограничувања и стандарди за прифатливо однесување - за сега и за во иднина. Затоа децата кои растат покрај родители што негуваат авторитативно родителство се со жива и среќна природа, со чувството на сигурност, самодоверба, со способност за контрола на емоциите, добро развиени социјални вештини, со способност за остварување и одржување пријателства и прифаќање на авторитети кога тоа е придружено со рационално објаснување.

Лонгитудиналното истражување спорведено од Windle (1994) покажало дека децата ги одбираат пријателите кои наликуваат на нив, кои живеат во слични околности и се воспитувани на сличен начин од родителите. Па така децата кои имаат проблеми во семејството, деца отфрлени од родителите полесно се приближуваат до врсничка група со деструктивно однесување.

Лонгитудиналното истражување на Browna и соработниците (1993) со повеќе од 3000 адолесценти покажало дека квалитетното воспитување на децата во

семејството е најсилен заштитен фактор на децата и од влез во детско престапништво. Докажале дека родителите се најсилниот модел за своите деца и дека тие ги прифаќаат родителските стандарди и вредносни системи. (Saric, Zganec, 2003).

Agnew (1983) во своето истражување докажал дека влијанието на физичкото казнување на децата врз појава на детско престапништво е посебно изразен во интеракција со неконзистентен воспитен стил на родителите, било да се изразува преку строги граници и казни или низ неконзистентни барања кон децата. Loeber I Dishion (1983) во емпириското истражување утврдиле дека најсилен предиктор на детското престапништво е воспитниот стил на родителите во споредба со социоекономскиот фактор на семејството кој е послаб предиктор. (Saric, Zganec, 2003).

Овој заклучок го добивме и од истражувањето спроведено во нашата држава во 2008 година како дел од магистерскиот труд на Н. Петровска ,,Влијанието на семејството врз појава на малолетничката деликвенција,, кое беше спроведено на 160 родители чии деца манифестираа деликвентно однесување. Истражувањето покажа дека дефициентното односно непотполно семејство кај нас не се јавува како криминоген фактор во онаа мера во која најчесто се очекува и се верува, туку дека причините за деликвентното однесување на децата треба да се бара во нашето потполно семејство, каде имаме присуство на двајца родители, но кои не ја остваруваат својата родителска функција, во неговиот состав и функционирање, во воспитниот стил на родителите. Истражувањето покажа дека нашите родители се повеќе склони кон казнување на своите деца отколку кон наградување иако казнувањето не дава содржина, не е пропратена со објаснување, таа ја намалува родителската моќ и ја деградира позицијата на родителот.

Познати се емпириските истражувања кои ја испитувале поврзаноста на семејната структура со деликвентното однесување на децата на Geralda Patterson и соработниците (1992), познатото истражување - Cambridge Study in Delinquent Development, на Farrington(1995), Farrington, Barnes, Lambert(1996), на Rankin I Kern(1994) и други. Во Хрватска Башич и Жижак (1994) меѓу првите ја

истражувале поврзаноста на семејната комуникација со деликвентното однесување на децата на училишна возраст.(Ajdukivic, Delale,2003).

Во Хрватска постои едан студија за спроведено истражување за следење на причините за детското престапништво и е реалзирана во 1990 година.(Bajer I Kljajic,1990 според Basic,2003). Но во првите години на 21 век почнуваат да се спроведуваат низа истражувања и да се испробуваат одредени модели на превентивни програми посебно во локалната заедница кои се евалуирани и се пренесуваат како добри практики, а се веќе спомнати во трудот. Познат е проектот ,, Модел на интервенција за превенција на пореметувањата на однесувањето на децата,, (главен истражувач е проф. Др. Јосипа Башич), а целта била пронаоѓање на адекватни модели на интервенции од примарно превентивни, преку рани интервенции до сложени третмани и рехабилитација на деца. Истражувањето е вршено на релативно голем субпримерок на деца, родители, субјекти во локалната заедница, со вклученост на повеќе од десет институции во кои децата престојуваат, а е спроведено во тек на 10 или 11 месеци. Податоците биле значаен ориентир на локално ниво во РХрватска и поттик за развивање на други истражувања во оваа област.( Basic,2003).

Во 1998 година во Хрватска е реализирано обемно истражување на деца од преучилишна возраст (примерок од 1016 деца) за утврдување на присутноста на ризичните фактори кај деца на мала возраст за појава на просоцијално и агресивно однесување. Резултатите биле темел за добро осмислена превентивна програма со која се јакнеле заштитните фактори, а ризичните се пренасочувале и модифицирале за да станат предност за децата.(Basic, Kranzelic,2003).

Предучилишната возраст е одлична за почеток на превентивни програми кои ќе бидат со адаптирана содржина на возраста и потребите на децата, а особено за родителите на децата кои навреме ќе учат за родителскиот потенцијал, ќе ги учат родителските вештини и развојните фази на децата за подобро разбирање на нивните реакции, однесувања, но и навремено детектирање на одредени отстапувања.

Врз основа на добиените резултати и заклучоци се развивале превентивните програми со сите специфики на популацијата за кои биле

конструирани, кои подоцна станувааат позитивни практики кои се имплементираат во праксата и на други заедници.

## 3. Дефинирање на основните поими

За да се објасни предметот на истражување, дефинирани се основните поими кои се од суштинско значење за него односно: детско престапништво и превенција (примарна, секундарна и терцијарна).

Во стручната литература и во општествената практика се наидува на различни појмовно - содржински одредувања на појавата за која станува збор во овој труд. Огромен е бројот на јазичните ознаки кои треба да ја одредат оваа појава, како малолетничка деликвенција, асоцијално поведение, детско престапништво. Иако терминот малолетничка деликвенција најдолго се употребуваше во нашата пракса и е најексплоатиран и најпознат термин, сепак Законот за правда за децата направи промени во терминологијата и пронаоѓање на похуман термин кој ќе ги означи децата кои се во судир или во допир со законот без нивна стигматизација и виктимизација и го промовираше терминот детско престапништво.

Според Законот за правда за децата, во чл.19 – "дете е секое лице на возраст до 18 години" и се однесува на двата пола. Со прифаќање на оваа дефиниција во нашето законодавство се направи усогласување со дефиницијата во Конвенцијата за правата на детето. Според решението на Законот, опфатени се не само децата сторители на казниви дејствија, туку одредбите се протегаат на децата чиј развој е загрозен. Значи пошироко сфатено детското престапништво ги вклучува децата во ризик и децата сторители на кривични дела. Важна вредност е во тоа што казнено правната заштита на децата се позиционира во единствен систем на детска правда.

Превенцијата е објаснета во првиот дел од трудот, но ќе се обидеме во овој дел да се задржиме на примарната и на секундарната превенција и нивно објаснување во контекст на доменот на работа на педагозите кои се предмет на нашето истражување. Имено во основните и средни училишта, педагозите

претежно работат на примарна превенција на детското престапништво, а во фокусот на внимание на педагозите во Центрите за социјална работа е работа со деца кои се веќе во судир со законот, евидентирани престапници односно работат на секундарна превенција. Сепак не смееме да правиме строга поделба, бидејќи границата помеѓу примарната и секундарната превенција е тенка и често пати педагошкото делување на педагозите не можеме строго да го поделиме и ставиме во рамка. ,,Превенцијата на детското престапништво е систем на меѓусебно координирани мерки и активности со кои општеството и неговите институции се спротивставуваат на пореметувањето во однесувањето кај децата и младите, на нивно појавување, повторување и прераснување во потешки облици,,(Pedagoska enciklopedija 2, 1989, стр.244). Но современото одредување на превенцијата е уште поширок и посеопфатен процес насочен на создавање на услови кои го овозможуваат и поттикнуваат правилниот развој на младите во сите сегменти од најраната возраст, што ќе биде појдовен став во ова истражување.

## 4. Цели и задачи на истражувањето

Целта на истражувањето е да се утврдат ставовите и мислењата на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за потребата од практично имплементирање на превенцијата на детско престапништво како дел од нивната педагошка работа.

Бидејќи целта на ова истражување е повеќедимензионална, заради нејзино потпоно разбирање ја расчленивме на повеќе истражувачки задачи.

Од вака концепираната цел произлегуваат следниве задачи:

1. Да се идентификуваат причините односно ризик факторите за појава на детско престапништво согласно професионалното искуство што го имаат педагозите од центрите за социјална работа, од основните и средни училишта;
2. Да се утврдат ставовите и мислењата на педагозите за значењето и потребата од имплементација на превенцијата во пракса;
3. Да се утврди нивото на знаење (теоретско - практично и легислативно ) на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за превенцијата на детско престапништво;

4. Да се утврдат ставовите и мислењата на педагозите за постоечките услови и ресурси за спроведување на превенција во центрите за социјална работа и училиштата;

5. Да се идентификуваат причините за отсуство на превенцијата на детско престапништво во центрите за социјална работа и во училиштата;

6. Да се идентификуваат методите кои професионалците ги сметаат за најкорисни за унапредување на превенцијата на детското престапништво;

7. Да се утврдат разликите во ставовите на педагозите од центрите за социјална работа, основно и средно училиште за надлежноста - носител на активностите на превенцијата на детското престапништво;

8. Да се утврдат ставовите и мислењата на педагозите во врска со потребата од меѓусекторска соработка за работа на превенцијата во областа на детското престапништво;

9.Да се утврди ставот на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта кој е најголем проблем на децата кој е идентификуван како подрачје во кое треба најитно да се преземат превентивни активности;

10. Да се утврдат образовните потреби на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училиште за стручно - професионалното усовршување во областа на превенцијата, како и за формите и темите од оваа област.

## 5. Хипотези на истражувањето

Утврдениот предмет, цел и задачи на истражувањето ни даваат основа за да ги поставиме следните хипотези:

**Општи хипотези:**

1.Постои потреба од поорганизирана и систематизирана имплементација на превенцијата на детското престапништво во релевантните области односно институции на педагошкото делување;

2.Ставовите и мислењата на педагозите во центрите за социјална работа и во основните и средните училишта во однос на значењето и потребата од имплементација на превенцијата на детското престапништво во областите во кои е нивното педагошко делување се позитивни.

**Посебни хипотези:**

1. Не постои статистички значајна разлика во ставовите на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта дека најдоминантна причина односно ризик фактор за појава на детското престапништво е дисфункционалното семејство;

2. Нивото на знаење на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за теоријата на превенцијата е на ниско ниво;

3. Педагозите од основните и средни училишта не се доволно запознаени со Законот за правда за децата, нивните надлежности согласно овој закон, како и со новоформираните тела за превенција на детското престапништво предвидени во законот и нивните активности;

4. Педагозите вработени во центрите за социјална работа го познаваат и имплементираат Законот за правда за децата, запознаени се со новоформираните тела за превенција на детското престапништво предвидени во законот и нивните активности;

5. Постои позитивен став и подготвеност кај педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за членување во локалните совети за превенција на детско престапништво во нивните општини;

6. Педагозите не располагаат со потребните ресурси и услови за спроведување на превенцијата во своите области;

7. Недостатокот од работен материјал и материјално - техничка поддршка е една од пречките за успешна имплементација на превенцијата во пракса од страна на педагозите во центрите за социјална работа;

8. Недостатокот од стручни упатства и материјали за спроведување на конкретни активности поврзани со превенција е најизразената причина за слабата примена на превентивни активности во основните и средни училишта;

9. Не постои статистички значајна разлика во ставовите на педагозите од центарот за социјална работа, основните и средни училишта дека недоволната соработка на родителите со институциите е една од потешкотиите за успешно спроведување на превенцијата;

10. Претпоставуваме дека групната форма на работа е најефикасна форма која ја идентификуваа педагозите од центрите за социјална работа и од основните и средни училишта која може да се примени во спроведување на превенцијата на детското престапништво ;

11. Претпоставуваме дека вклучувањето на родителите во различни превентивни програми, ќе имаат позитивно влијание врз зајакнување на нивните родителски капацитети, подобрување на релацијата родител - дете и поддршка на семејството во справување со проблемите во однесувањето на децата;

12. Не постои статистички значајна разлика во ставовите на педагозите од центрите за социјална работа и педагозите од основните и средни училишта за

тоа на која институција е надлежноста - носител на превентивните активности и планирањето на превенцијата;

13. Претпоставуваме дека не постои доволно развиена меѓусекторска соработка во областа на превенцијата на детското престапништво;

14. Не постои статистички значајна разлика во ставовите на педагозите од центрите за социјална работа и педагозите од основните и средни училишта во идентификувањето дека дисфункционалното семејство и користењето на дрога од страна на децата се подрачја во кои треба итно да се интервенира за да се превенира детското престапништво;

15. Постои статистички значајна разлика помеѓу педагозите од центрите за социјална работа и педагозите од основните и средни училишта во однос на начините и формите на стекнување на нови знаења и стручно усовршување во областа на превенцијата на детското престапништво;

16. Педагозите во центрите за социјална работа, основните и средни училишта имаат потреба од дополнителна обука и нивно професионално усовршување за практично спроведување на превенцијата;

17. Постои разлика во образовните потреби на педагозите од центрите за социјална работа од една страна и педагозите од основните и средни училишта од друга страна за темите кои им се потребни како дополнителна обука .

## 6. Варијабли на истражувањето

Во нашето истражување присутни се поголем број на варијабли со различен квалитет и интензитет.

Како независни варијабли за кои претпоставуваме дека влијаат или не влијаат врз ставовите и мислењата на педагозите на полето на превенцијата на детското престапништво, се работното место односно институцијата во која

работат  (педагог во центар за социјална работа, педагог во основно училиште, педагог во средно училиште), степен на образование, работно искуство.

Зависни варијабли ќе бидат ставовите и мислењата на педагозите за потребата од имплементација на превенцијата на детското престапништво во пракса, степен на познавање на законската регулатива за детско престапништво, степен на информираност за теоретските основи на превенцијата на детското престапништво, ставовите и мислења на педагозите за потреба од стручно усовршување за превенција на детско престапништво, како и ставовите и мислењата за потреба од координирање на меѓусекторската соработка во областа на превенцијата на детско престапништво.

## 7. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Предметот на истражување, поставената цел, задачите и хипотезите ги детерминираат и методите, техниките и инструментите што ќе се користат во ова истражување.

Во ова емпириско истражување, планирано е да се користи дескриптивниот метод низ моделите на:

- Аналитичко - дескриптивниот приод, кој ќе ни овозможи да дојдеме до одредени сознанија за теоретските и практичните поставки на нашиот предмет на истражување. Од големо значење се трудовите на авторите кои го проучувале и истражувале ова поле;
- Компаративно – дескриптивниот приод ќе ни овозможи споредување и опишување на појавите кои ги испитуваме, нивната поврзаност, зависност , разлики и сл.
- Интерпретативно – дескриптивниот приод ќе овозможи интерпретирање на податоците добиени со квантитативните техники и нивно толкување.

Техниката на анализа на содржина е неопходна бидејќи со нејзина помош ќе се истражуваат поголем број примарни и секундарни извори кои се однесуваат на

превенцијата на детското престапништво. Техниката на анкетирање ја користевме за да ги дознаеме ставовите и мислењата на педагозите за значењето и применливоста на превенцијата на детското престапништво. При анкетирање како инструмент за прибирање на податоците е користен прашалник односно анкетен лист за педагозите. Конкретно за ова истражување е изготвен ***,,Прашалник за утврдување на ставотите на педагозите за превенција на детско престапништво,,*** ( прилог бр. 1) наменет за педагозите кои се вработени во центрите за социјална работа, основните и средни училишта во РМакедонија. Прашалникот покрај општите податоци, содржи еден дел за состојбата и причините за детското престапништво, дел за превенција на детското престапништво и последниот дел се однесува на стручната подготвеност на педагозите за работа во областа на детското престапништво. Прашалникот го сочинуваат 27 прашања од затворен и од отворен тип. Понудените одговори се со алтернативен избор.

## 8. Примерок на истражувањето

Истражувањето се спроведе во сите 30 Центри за социјална работа во Република Македонија. Истото се одвиваше во две фази. Во првата фаза се направи анализа на состојбата на детското престапништво за 2011, 2012 и 2013 година, преку системот на LIRIKUS – Електронска програма за внес на корисници на социјалните услуги, Извештаите за имплементација на Законот за правда за децата изготвени од страна на ЈУ Завод за социјални дејности и податоците од Државниот завод за статаистика, која се презентираше во теоретскиот дел од трудот. Во втората фаза се спроведе анкетирање на 40 педагози вработени во 22 Центрите за социјална работа во РМакедонија, од вкупно 45 вработени и лиценцирани педагози.

Паралелно се спроведе анкетирање на педагозите вработени во основните и средни училишта на ниво на Република Македонија кои работат во стручната педагошка служба или во настава. За таа цел се примени *,,Прашалник за*

*утврдување на ставотите на педагозите за превенција на детско престапништво,,* (прилог бр. 1).

Со истражувањето сакавме да опфатиме две групи на даватели на услуги во доменот на превентивната заштита на детското престапништво односно педагозите вработени во системот на социјална заштита и педагози вработени во воспитно – образовниот систем односно во:

1. педагози од центрите за социјална работа во РМакедонија;
2. педагози и наставници од основните училишта;
3. педагози и наставници од средните училишта.

Од 30 центри за социјална работа во РМакедонија, во 8 нема вработено педагог и тоа во Тетово, Ресен, Валандово, Виница, Делчево, Гевгелија, Демир Хисар, Македонски брод. Од вкупно 45 педагози вработени и лиценцирани во останатите центри за социјална работа во РМакедонија, во истражувањето беа опфатени 40 педагози.

Во истражувањето беа вклучени 22 средни училишта и 40 основни училишта од различни градови во РМакедонија.

Примерокот на испитаници е составен од вкупно 167 педагози (дел од нив се наставници) поделени во три субпримероци и тоа педагози од центри за социјална работа (N = 40), педагози од основни училишта (N = 75) и педагози од средни училишта (N= 52 ) – (табела бр. 6). Испитаниците работат во различни градови од државата. Од 75 испитаници од основните училишта 37 се педагози, а 38 се наставници кои се исто така дипломирани педагози. Од вкупно 52 испитаници од средните училишта, 20 се педагози, а 32 се наставници. Во основните и средни училишта 4 анкетни листи се пополнети од психолози во стручната служба во училиштата. Но имајќи во предвид дека во тие училишта нема вработено педагог, а психологот ја врши работата и на педагогот согласно законот, сметавме дека нивното искуство и знаење во областа на превенција на детското престапништво во воспитно – образовниот процес е големо и може да ги

сметаме одговорите за сосема валидни и ги вбројуваме во групата на педагози, бидејќи нивниот процент на учество е мал за да правиме посебен субпримерок. Во Центрите за социјална работа сите 40 испитаници се дипломирани педагози.

Со оглед на фактот што станува збор за случаен примерок, очекуваме дека резултатите од овој примерок ќе бидат репрезент на состојбите во РМакедонија во делот на превенцијата на детското престапништво.

**Табела бр.6:** Структура на примерокот на испитаници во истражувањето распределени по групи и инстутуции

| Институции | Педагози | | Наставници | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | % | f2 | % | f | % |
| Центар за социјална работа | 40 | 23,95 | / | / | 40 | 23,95 |
| Основни училишта | 37 | 22,15 | 38 | 22,75 | 75 | 44,90 |
| Средни училишта | 20 | 11,97 | 32 | 19,18 | 52 | 31,15 |
| Вкупно | 97 | 58,07 | 70 | 41,93 | 167 | 100,0 |

Според степенот на образование, структурата на анкетираните испитаници покажува дека станува збор за професионалци со високо образование, од кои 13 се со магистратура (табела бр.7, графикон бр.1). Значи станува збор за виско едуцирани професионалци, кои според своето образование се компентентни да коментираат во областа, а фактот што речиси 24% се магистри говори за нивната амбиција и желба да се стекнат со повеќе знаење за да може посоодветно да ги вршат своите работни задачи.

**Табела бр. 7** Степен на образование на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта

| Степен на образование | Педагози - ЦСР | | Педагози и наставници - ОУ | | Педагози и наставници - СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | Вкупно |
| Високо образ. | 38 | 95,00 | 71 | 94,66 | 45 | 86,53 | 154 |
| Магистратура | 2 | 5,00 | 4 | 5,33 | 7 | 13,46 | 13 |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |




**Графикон бр.1** Графички приказ на резултатите од табела бр. 7

Може да се констатира дека во центрите за социјална работа најголем процент се професионалци со работно искуство до 5 години, значи млад стручен кадар што треба да покаже ентузијазам, залагање и креативност во работата како и брзо и ефикасно одговарање на предизвиците во работата и што во ова истражување го гледаме како предност. Од друга страна добро е што речиси идентичен процент имаме и на стручен кадар со над 20 години работен стаж, што говори за големо искуство во професионалната област и животно искуство што укажува дека компентентно можат да одговорат на прашањата од оваа област. Речиси 52% од испитаниците се со работно искуство над 10 години што ветува квалитет во работата, а и младите колеги имаат ментори кои ќе ги водат во областа и ќе им го пренесат своето искуство од работата. Просечно работно

искуство на педагозите во центрите за социјална работа е 9,32 години. (табела бр.9)

**Табела бр.8:** Работно искуство на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта

| Работно искуство | Педагози - ЦСР | | Педагози - ОУ | | Педагози - СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | Вкупно |
| до 5 год. | 11 | 27,50 | 6 | 8,00 | 6 | 11,53 | 23 |
| од 5 од 10 год. | 8 | 20,00 | 18 | 24,00 | 9 | 17,30 | 35 |
| од 10 од 15 год. | 5 | 12,50 | 20 | 26,66 | 22 | 42,30 | 47 |
| од 15 од 20 год. | 6 | 15,00 | 15 | 20,00 | 10 | 19,23 | 31 |
| над 20 год. | 10 | 25,00 | 16 | 21,33 | 5 | 9,615 | 31 |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |

Во областа на образованието ситуацијата е поинаква. Имено во основните и средни училишта најголем процент на професионалци се со над 10 години работен стаж што е оптимален период за здобивање на работно искуство, а од друга страна и подготвеност за стекнување на нови знаења и усовршување во професијата. Просечно работно искуство на испитаните професионалците во основните училишта е 12,45, а во средните училишта е 9,68 години.(табела бр.8 и 9, графикон бр.2).

**Табела бр.9:** Просечно работно искуство на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта

| | Број на испитаници | Просечно работно искуство (X) | Мин. години работно искуство | Мак.години работно искуство |
|---|---|---|---|---|
| Педагози - ЦСР | 40 | 9,32 | 1 | 35 |
| Педагози - ОУ | 75 | 12,45 | 1 | 34 |
| Педагози - СУ | 52 | 9,68 | 1 | 33 |

Овој податок е важен и во однос на разгледување на прашањата поврзани со нивото на знаења за теоријата на превенција на детското престапништво бидејќи голем дел од испитаниците своето иницијално образование го стекнале според студиски програми во кои не се обработувале овие теми .




**Графикон бр.2** Графички приказ на резултатите од табела бр. 8

## 9. Обработка на податоците

Природата на истражувањето овозможува интерпретациски пристап според хипотетичкиот конструкт на проблемот кој го разработуваме. Увид врз релевантноста на хипотезите се обезбеди преку поврзување на податоците за варијаблите во анкетниот лист и затоа интерпретацијата се реализира според редоследот на хипотезите и се засновува на дескриптивна анализа на добиените фреквенции и проценти, а кај одредени прашања е добиена и поддршка со други статистички пресметки. Има дескриптивен начин на коментирање по фреквенции и проценти на резултатите и табеларно и графичкото претставување на резултатите.

Анкетирањето со изготвениот ,,*Прашалник за утврдување на ставотите на педагозите за превенција на детско престапништво,,* (прилог бр. 1) беше

спроведено компјутерски, анкетниот лист беше специјално дизајниран и доставен до испитаниците за ова истражување. Предност на online анкетата е тоа што испитаникот може да ја одговори кога сака, има доволно време и без притисок одговара на прашањата или може воопшто да не одговори. На овој начин многу лесно ги собравме податоците и од географски оддалечените места и лесно стигнавме до целната група на испитаници на нивните службени e-mail адреси. Временскиот период на истражувањето го опфаќа периодот на втората половина на 2012 година и 2013 година.

При квантитативната обработка на податоците беа користени следните статистички постапки:

- групирање, табелирање и графичко прикажување на податоците со програмот Microsoft Office Excel 2007;
- дистрибуција на фреквенција (f);
- тестирање на значајноста на разликите помеѓу пропорциите за големи независни примероци меѓу групите со помош на t–тест, а како сигнификантна е земена разликата на ниво на значајност од $p<0,01$ до $p<0,05$.

# ТРЕТ ДЕЛ

# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## I . Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето во согласност со поставените хипотези

Анализата и интерпретацијата на резултатите добиени од емпириското истражување ни овозможуваат да добиеме увид во мултифакторската етиологија односно влијанието на одредени ризик фактори кои се идентификувани како причина за појава на детско престапништво.

Добиените резултати не упатуваат и на проблемите поврзани со детското престапништво кој треба најитно да се решаваат односно превентивно да се делува на нив заради нивна амортизација и искористување како фактори на заштита.

Се добива и увид за потребите на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за нивна доедукација и проширување на теоретски знаења за превенцијата, знаења за нормативната рамка за детското престапништво и негово превенирање, нивно перманентно стручно усовршување преку најсоодветни форми за учење на возрасните и теми кои ги идентификуваа како неопходни.

Преку добиените резултати, нивната анализа заедно со заклучоците и дадените препораки кои произлегоа од истражувањето во пракса, сметаме дека понудивме материјал кој може да биде некој вид на водич за планирање на превенцијата, посебно на педагозите. Всушност материјалот може да биде од корист на сите заинтересирани субјекти за преземање на одредени мерки од областа на превенцијата односно на одговорните во локалната заедница, општинските совети за превенција на детското престапништво, центрите за социјална работа, основните и средни училишта, невладиниот сектор, на родителите и сите заинтересирани. Резултатите и препораките ќе имаат значаен придонес само ако најдат практична примена во планирање на превенцијата и развивање на превентивните програми, а со цел навремено и превентивно интервенирање во спречување на детското престапништво.

## 1. Ставовите на педагозите во однос на причините за појава на детско престапништво

*Хипотеза бр. 1*

Идентификувањето на основните причини за појава на детското престапништво е една од најважните алатки за планирање на превенцијата. Соодветното лоцирање на факторите на ризик е основа за зајакнување на протективните фактори. Фактот што педагозите од сите три институции односно од центрите за социјална работа, основните и средните училишта на прашањето кои се причините за детското престапништво, како доминантен фактор на ризик односно причинител децата да влезат во престапништво го сметаат дисфункционалното семејство, говори дека најголема потреба има превентивно да се делува директно во структурата на современото семејство. Всушност 90% од одговорите на педагозите вработени во центрите за социјална работа, речиси 94% од одговорите на педагозите и наставниците од основно училиште и 83% од одговорите дадени од педагозите и наставниците од средните училишта, укажуваат на нивниот став дека дисфункционалното семејство односно нарушените односи во семејството е основна причина за детското престапништво и со тоа ***ја потврдуваме првата хипотеза.*** Нивната позиција и директната работа со децата, но и соработката со родителите ги води кон заклучокот дека семејството претставува креатор на условите во кои детето расте и се развива и има најдиректно влијание врз него. (табела бр.10)

Терминот дисфункционални семејства (Riskin &Faunce,1970, според Milojkovic, Srna, Micovic, 1997) е спротивен од функционални семејства и се користи во делот на типологија на семејства. Дисфункционалните семејства не ги исполнуваат своите функции и како резултат на тоа се нарушуваат семејните односи и релации. Во дисфункционално семејство има носител на проблемот, но и носител на симптомот кој манифестира одредено однесување за да проблемот се препознае во средината и во овие семејства тешко се пронаоѓа решение за проблемот. Во дисфункционалните семејства има слабо вербално изразување

помеѓу членовите, слаба размена на емоции, поместена хиерархиска моќ и позиција родител – дете, примена на несоодветни воспитни стилови, семејно насилство, девијантно однесување на родителите и слично.

**Табела бр. 10 :** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за причините за појава на детско престапништво

| Причини за појава на детско престапништво | Педагози – ЦСР | | Педагози - ОУ | | Педагози – СУ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Дисфункционално семејство | 36 | 90,00 | 70 | 93,33 | 43 | 82,69 |
| Влијание на врсничка група | 11 | 27,50 | 39 | 52,00 | 14 | 26,92 |
| Влијание на медиуми | 1 | 2,50 | 11 | 14,66 | / | / |
| Намалена воспитна функција на училиштето | 17 | 42,50 | 1 | 1,33 | 1 | 1,92 |
| Влијание на интернет содржините и социјалните мрежи | 7 | 17,50 | 10 | 13,33 | 5 | 9,61 |
| Неорганизирано слободно време | 13 | 32,50 | 19 | 25,33 | 19 | 36,53 |
| Друго | / | / | / | / | / | / |

Но секако дека не е возможно да инсистираме на еден фактор како ,,предизвикувач" на одредена појава, бидејќи децата растат во контекст и на семејниот и на социјалниот систем, затоа за ова прашање испитаниците имаа можност да одберат повеќе одговори односно да идентификуваат повеќе причини. На тој начин може да се направи градација во силата на причинителите и да се работи на нив преку превентивни активности. Значи педагозите лоцираат и други ризик фактори на кои треба да се обрне внимание и тоа: влијанието на врсничката група, намалената воспитна функција на училиштето, неорганизираното слободно време, но и влијанието на медиумите и интернет содржините се цел спектар на надворешни ризик фактори кои посебно во комбинација со индивидуалните карактеристики поттикнати од периодот на адолесценција во кој влегуваат децата може да предизвикаат голема ранливост и да поттикнат влез во престапништво.

Врз основа на анализа на добиените резултати, може да се констатира дека педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта покрај дисфункционалното семејство како основна причина за појава на детско престапништво наведуваат и други причини кои влијаат врз креирање на однесувањето на децата. Тоа се влијанијата на врсничка група, влијание на медиумите, намалена воспитна функција на училиштето, неорганизираното слободно време, намалена воспитна функција на училиштето и др. Овие податоци добиени преку прашалникот, одговараат на логиката на реалноста каде не може да се инсистира само на една причина односно ризик фактор за појава на детското престапништво. Со оглед на различните причини кои што педагозите ги посочуваат како "виновници" за појава на детско престапништво во табелите кои што следат (табела бр.11 и 12 ) е извршено споредување на ставовите по однос на ова прашање.

**Табела бр. 11 :** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и педагозите од основните училишта за причините за појава на детско престапништво

| Причини за појава на дет.престапништво | Педагози – ЦСР | | | Педагози – ОУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Влијание на врсничка група | 11 | 40 | 0,275 | 39 | 75 | 0,520 | -2,687 | 113 | p<0.01 |

Врсничката група претставува значаен индикатор во процесот на социјализација на децата, но покрај нејзиното протективно значење, таа во одредени случаи може да биде и ризичен фактор за појава на детско престапништво. Во поново време се повеќе се зборува за врсничко насилство кое како ризик фактор е лоциран во речиси 79% од добиените одговори на педагозите во основните училишта и средни училишта, но не и кај педагозите во центрите за социјална работа. Овој став е најизразен кај педагозите од основно училиште, дури 52% од нив сметаат дека влијанието на неформалната врсничка група е големо. Тоа се потврдува и со меѓусебно споредување на вредностите каде статистички значајна разлика имаме со педагозите од средните училишта на ниво

од p<0.01 и со педагозите од центрите за социјална работа на ниво од p<0.01. Тоа е така бидејќи оваа појава е видлива во училиштата, помеѓу децата кои често пати се систематски вознемирувани и напаѓани од страна на своите соученици и истата е пропратена со вербални, социјално – психолошки и физички напади и притисоци. Наставниците и педагозите од училиштата се сведоци на насилничко однесување на децата во училишната средина, која како свесна и намерна активност предизвикува страв во групата, повредува, создава паника и хаос.

**Табела бр. 12 :** Ставови на педагозите од основните и средни училишта за причините за појава на детско престапништво

| Причини за појава на дет.престапништво | Педагози – ОУ | | | Педагози – СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Влијание на врсничка група | 39 | 75 | 0,52 | 14 | 52 | 0,269 | 2,974 | 125 | p<0.01 |

Неорганзираното слободно време е ризик фактор кој е лоциран како време во кое се вршат најголем број на кривични дела, кога на децата им завршува наставта, а родителите се уште не се вратени од работа и настанува вакум простор каде нема надзор и нема позитивни содржини.

Речиси 43% од педагозите во центрите за социјална работа, сметаат дека е намалена воспитната улога и функција на училиштето и го гледаат како ризик фактор, а само 2% од педагозите од училиштата го делат овој став што можеби имаме влијание на субјективизам. Во ставовите помеѓу педагозите од основните и средни училишта немаме значајни разлики кои би требале да се коментираат, бидејќи имаат заеднички став кој го застапуваат.

Медиумите отсекогаш имале силно влијание врз развојот на децата, а денес тоа е засилено со достапноста на интернетот и социјалните мрежи кој е нов, дополнителен ризик на денешново време, што секако не постоеше до пред 5-6 години. Медиумите имаат силно влијание во градењето на јавната свест, а тоа најмногу како ризик фактор го идентификувале педагозите од основните училишта, каде децата во текот на денот имитираат негативни ликови и јунаци од филмовите кои завршуваат со меѓусебни вербални и физички пресметки,

прераскажуваат турски серии и се идентификуваат со султани и султанки, како и содржини од агресивни видео игри. Агенцијата за аудио и аудио визуелни медиумски услуги како регулаторно тело на медиумите треба да прави интервенции во содржините кои се прикажуваат.

Секако сите граѓани, професионалци, тела и други здруженија кои се засегнати за да се продуцира здрава генерација треба да реагираат врз креирање на политиката на медиумските содржини. Посебно локалните совети за превенција на детско престапништво кои следат што се прикажува во нивната општина и секако Државниот совет за превенција на детско престапништво потребно е да ги прават овие укажувања на повисоко ниво. Но педагозите мора да се адаптираат на сите промени што ги носи новото време и преку едукации и проширување на сопствените знаења треба да превенираат негативни состојби што може да ги предизвикаат социјалните мрежи.

## 2. Познавање на теоријата за превенција на детско престапништво и педагошката работа

*Хипотеза бр.2*

Основно барање кое се поставува пред науката за превенција е проучување на теоретската основа, анализа на емпириската заснованост и проценка на успешноста на практичната реализација на развојната превенција. (Popović-Ćitić, 2007). Теоретското познавање на превенцијата, препознавање на видовите на превенција, примена на превентивните програми и нивната евалуација е основа за педагошкото делување на педагозите во училиштата и центрите за социјална работа.

Во ова истражување направивме обид да констатираме колку педагозите имаат познавање за теоријата и видовите на превенција на детско престапништво, при тоа имајќи во предвид дека овие теми не биле застапени во нивното академско образование, но се значајни и поврзани со нивните работни

места односно нивниот професионален ангажман и работа со деца. Нивното познавање од оваа област може да го процениме преку неколку варијабли односно одредување на поимот превенција на детско престапништво и што подразбираат под него, дали препознаваат на кој вид превенција работат и кои активности што во моментот ги спроведуваат може да се вбројат во широкиот превентивен спектар.

Нашите испитаници без посебна подготовка беа ставени пред предизвикот да се определат што подразбираат под поимот превенција на детското престапништво. Беа понудени одговори кои ги одразуваат сите активности на превенцијата, некои се со афирмативен, а некои со негативен предзнак. Во делот "друго" каде се очекува професионалците да дадат свое мислење, поинакво поимање или предлог, немаше одговори. Значи полесно им било да направат избор од понудените алтернативи. (табела бр. 13).

Разликата е во тоа што педагозите од центрите за социјална работа најмногу се согласуваат со дефиницијата дека превенција е спречување на девијантното однесување на децата (65%) и намалување на ризичните фактори на кои се изложени децата (42,50%), а училишните педагози се определиле за дефиницијата со афирмативен предзнак дека таа е поттикнување на правилен развој на децата и младите (60% и 67,30%). Логиката во овие избори ја гледаме од природата на нивната секојдневна работа, односно педагозите во центрите за социјална работа работат со деца во ризик, деца кои веќе манифестираат одредени отстапувања во однесувањето и тоа е најчесто резултат на влијанија на ризик фактори за кои се посебно осетливи во нивно препознавање. Тие работат на спречување на негативните однесувања кај децата, спречување на рецидивизмот на престапништвото.

**Табела бр. 13** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за подразбирање на поимот превенција на детското престапништво

| Подразбирање на поимот превенција на детско престапништво | Педагози - ЦСР | | Педагози - ОУ | | Педагози - СУ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Спречување на девијантно однесување на децата и младите | 26 | 65,00 | 24 | 32,00 | 11 | 21,15 |
| Поттикнување на правилен развој на децата и младите | 6 | 15,00 | 45 | 60,00 | 35 | 67,30 |
| Реакција на насилство, експлоатација или злоупотреба на деца | 5 | 12,50 | 2 | 2,67 | 4 | 7,69 |
| Намалување на ризични фактори на кои се изложени децата | 17 | 42,50 | 20 | 26,66 | / | / |
| Создавање на заштитна средина за раст и развој на децата | 9 | 22,50 | 13 | 17,33 | 7 | 13,46 |
| Рана идентификација на децата во ризик | 6 | 15,00 | 15 | 20,00 | 3 | 5,76 |
| Друго | / | / | 1 | 1,33 | / | / |

А училишните педагози работат со ,,здрава" популација на деца, каде позитивните, поттикнувачки содржини се основа на нивната секојдневна работа. Тоа се потврдува и со меѓусебно споредување на трите групи испитаници односно со тестирање на значајноста на разликите меѓу пропорциите на групите. Имено имаме статистички значајна разлика на ниво на значајност од $p<0.01$ помеѓу педагозите од центрите за социјална работа и педагозите од основните училишта.

**Табела бр. 14** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и основните училишта за подразбирање на поимот превенција на детското престапништво

| Подразбирање на поимот превенција на детско престапниш. | Педагози – ЦСР | | | Педагози – ОУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Спречување на девијантно однесување на децата | 26 | 40 | 0,65 | 24 | 75 | 0,320 | 3,561 | 113 | p<0.01 |

Со тестирање на значајноста на разликата меѓу пропорциите на педагозите од центрите за социјална работа кои под поимот превенција на детско престапништво подразбираат спречување на девијантното однесување на децата и педагозите од средните училишта, се јавува статистички значајна разлика на ниво на значајност од p<0.01.

**Табела бр. 15** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и средни училишта за подразбирање на поимот превенција на детското престапништво

| Подразбирање на поимот превенција на детско престапништво | Педагози – ЦСР | | | Педагози – СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Спречување на девијантно однесување на децата | 26 | 40 | 0,65 | 11 | 52 | 0,212 | 4,649 | 90 | p<0.01 |

За коментирање е и податокот дека 12,50% од одговорите на педагозите од центрите за социјална работа го одразуваат ставот дека превенцијата е и реакција на насилство, експлоатација или злоупотреба на децата, од причина што центарот за социјална работа е првата брана, надлежна институција за преземање на мерки за спречување на секаков вид занемарување и злоупотреба на деца.

Раната идентификација на децата во ризик значи спречување на поекстремни облици на детско престапништво и навремено реагирање на институциите преку преземање на соодветни мерки. Раната идентификација на децата во ризик испитаниците ја сметаат за значајна, 15 % од одговорите кај педагозите од центрите за социјална работа и 20% од одговорите на педагозите во основните училишта. Раното идентификување на децата во ризик е значајна во пораната возраст на децата односно до 14 година која е возможна активност во основно училиште од каде што произлегува и ставот на педагозите од основните училишта. (табела бр. 16). Тоа е затоа што превенцијата како активност обично се врзува за деца на помала возраст односно предучилишна и училишна, а средношколците се во фаза на адолесенција, на возраст од 15-18 години, кога доминантно е адолесцентрното ,,не", специфичен развоен период на бунтовност, самодокажување и пркос, што секако не треба да не спречи во реализирање на превентивните активности. Но оваа популација ни е особено ранлива и затоа фокусот на работа треба да е со оваа категорија на деца, да се санираат пропустите од претходните години, да се компензираат влијанијата на ризичните фактори со некои заштитни што ќе ги обезбеди училиштето и да им се помогне овој период на нестабилност полесно да го поминат. Како резултат на оваа состојба се честите физички пресметки во средните училишта што во неколку ситуации во изминатите години кулминираше со убиства, каде дете уби дете. Затоа и се забележува статистички значајна разлика помеѓу педагозите од основните училишта и педагозите од средните училишта на ниво од $p<0.05$ со што се потврдува претходно изведениот заклучок. Возраста на децата во средно училиште ја надминува можноста за рано интервенирање и тоа е реалност со која се соочуваат педагозите во средните училишта која влијае врз градење на нивниот став.

**Табела бр. 16** Ставови на педагозите од основните и средни училишта за подразбирање на поимот превенција на детското престапништво

| Подразбирање на поимот превенција на детско престапништво | Педагози – ОУ | | | Педагози – СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Рана идентификација на децата во ризик | 15 | 75 | 0,2 | 3 | 52 | 0,058 | 2,524 | 125 | p<0.05 |

Во однос на препознавање на кој вид превенција работат, 60% од педагозите во центрите за социјална работа како доминантен вид ја избираат секундарната превенција, што е одраз на нивните секојдневни активности. Но 7,50% велат дека не работат на превенција што е загрижувачки податок од два аспекта или не ја препознаваат, а ја работат, или навистина не преземаат никакви активности и реално не ја работат.(табела бр.17)

**Табела бр. 17**: Вид на превенција на детско престапништво на која работат педагозите од центрите за социјална работа, педагозите од основните и средни училишта и наставниците од основните и средни училишта

| Вид на превенција на детско престапништво | Педагози - ЦСР | | Педагоз и - ОУ и СУ | | Наставн ици - ОУ и СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **Вкупно** |
| Примарна превенција | 13 | 32,50 | 40 | 70,17 | 18 | 25,71 | 71 |
| Секундарна превенција | 24 | 60,00 | 3 | 5,26 | 3 | 4,29 | 30 |
| Терцијарна превенција | / | / | 1 | 1,75 | / | / | 1 |
| Не работам на превенција | 3 | 7,50 | 13 | 22,81 | 49 | 70,00 | 65 |
| Вкупно | 40 | / | 57 | / | 70 | / | 167 |




**Графикон бр.3** Графички приказ на резултатите од табела бр. 17

Во овој дел значајно ни беше да ги идентификуваме ставовите на педагозите кои работат директно во наставниот процес и затоа имаме група на наставници од средните и основни училишта и група на педагози кои се дел од стручната служба во училиштата. На прашањето: Според вашето работно место, на кој вид превенција на детско престапништво работите, 70,17% од педагозите од основните и средни училиште се определиле за примарна превенција, што е всушност добро препознавање на улогата на училиштето и нивната позиција. Примарната превенција е од витално значење, а тоа значи дека нашето училиште е заштитна средина на децата. Но загрижувачки податоци добивме од наставниците во основните и средни училишта каде дури 70,00% од испитаниците велат дека не работат на превенција и само 25,71% ја препознаваат својата улога во делот на примарна превенција. Овој податок води кон заклучокот дека наставниците во основните и средни училишта се фокусирани на образовниот дел од курикулумот, не ги препознаваат воспитните елементи во наставата, ниту превентивни активности кои спонтано или организирано ги спроведуваат. Тоа се потврдува и со тестирањето на значајноста на разликите меѓу пропорциите помеѓу овие две групи

на испитаници со t-тестот и постоење на статистички значајна разлика на ниво на значајност од p<0.01.

**Табела бр. 18**: Вид на превенција на детско престапништво на која работат педагозите од основните и средни училишта и наставниците од основните и средни училишта

| Вид на превенција од детс. престапништво | Педагози – ОУ и СУ | | | Педагози – наставници | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Примарна превенција | 40 | 57 | 0,702 | 18 | 70 | 0,257 | 5,557 | 125 | p<0.01 |
| Не работам на превенција | 13 | 57 | 0,228 | 49 | 70 | 0,700 | -6,048 | 125 | p<0.01 |

Можноста за давање на отворени одговори на прашањето какви превентивни активности спроведуваат и дали може педагозите да ги препознаат овие активности во својата секојдневна пракса, откри различни ставови и мислења на педагозите со изнесување на објаснувања за истите.

Педагозите кои работат со децата во ризик и сторителите на кривични дела не препознаваат дека работат на превенција.,,Работам на интервенција, а не на превенција", ,,превенција треба да ја работи посебен стручен тим, а не оној што работи на конкретна категорија на пр. со деца во судир со законот", ,,нема време за превентивни активности", и други слични одговори добиени од педагозите од центрите за социјална работа. Значи кај секое дете има простор за преземање на превентивни активности, зашто спречуваме нивното однесување да поприми посериозни форми и облици и работиме на тоа да не се појави рецидивизам односно повторништво. Најпрепознатлива форма во делот на превенција е едукативниот центар за родители односно групната работа со родители, со која се зајакнуваат родителските капацитети со што превентивно работиме да бидат покомпентентни родители за своите помали деца, но и кон своите деца во ризик.

Највидлива и најпрепознатлива превентивна активност од страна на педагозите во училиште е онаа што е организирана, најчесто со некоја невладина или граѓанска организација, асоцијација или со Црвен крст. Најчесто тие активности се организирани, наменети за одредена група на ученици, со одредено времетраење и без нивен континуитет и одржливост. Педагозите сметаат дека за да една активност се нарече превентивна треба да е посебна, надвор од редовната настава и распоред, да е работилница или трибина и доколку не се појави таква сметаат дека не работат на превенција.

Педагозите од училиштата споделија свои позитивни искуства. Во ООУ "Гоце Делчев" од Виница постои "Протокол за превенција од насилно однесување", кој е со дефинирани одговорни лица, задачи и со него се сите запознаени. Во ООУ "Војдан Чернодрински" - Скопје ефективна превентивна активност го сметаат проектот "Љубов во нашето училиште наместо насилство". Во ООУ "Песталоци" од Скопје тимот на лидери за превенција од насилно однесување подготвил Акционен план за 2011/2012 година со спроведување на прашалници за учениците, наставниците и родителите, со подготвена процедура во случај на инцидент, образец за евиденција на инциденти и слично. Во повеќе училишта се нагласува дека воспоставените ,,Правила на однесување" даваат позитивен ефект, а се превентивна активност со многу содржини од кои произлегуваат работилници, дискусии, дебати. Програмата за животни вештини се издвојува како содржина која има превентивни елементи и дава видливи и брзи ефекти кај учениците. Исто така препознаени се и активности на тема превенција од болести на зависности, решавање на конфликти и справување со агресивно однесување на децата, со "Едукација и знаење до превенција од сексуална злоупотреба на децата /педофилија", промоција на хумани вредности на Црвен крст на град Скопје и сл. А и соработката со родителите и постоењето на родителските совети ги гледаат како превентивни форми за навремено информирање на родителите и преземање на одредени активности и рано интервенирање. Педагозите во основните и средни училишта во превентивна

активност ја препознаа и новата форма на советување на родителите согласно законот.

Податоците добиени во истражувањето ***делумно ја потврдуваат поставената хипотеза*** дека нивото на знаење на педагозите од центарот за социјална работа, основните и средни училишта за теоријата на превенцијата на детското престапништво е на ниско ниво. Не можеме во целост да ја прифатиме поставнета хипотеза и да ја потврдиме, бидејќи дадените одговори упатуваат на постоење на добра база на сознанија кои се најверојатно добиени од секојдневното работно искуство со децата и одлична основа за надоградување на истите со добро осмислен теоретско едукативен концепт.

## 3. Познавање на законските надлежности согласно Законот за правда за децата и примена во педагошката работа

*Хипотеза бр. 3, хипотеза бр. 4 и хипотеза бр. 5*

Законот за правда за децата претставува основа за педагошко делување на педагозите во центрите за социјална работа, но и во училиштата за преземање на адекватни превентивни активности на детското престапништво. Затоа многу е важно негово познавање, како и познавање на надлежностите на секоја институција согласно овој закон. Од добиените податоци може да заклучиме дека 100% од педагозите од центрите за социјана работа го познаваат законот и работат по него, но само 29% од педагозите во основните училиште и речиси 20% од педагозите во средните училишта го познаваат законот (табела бр.19). Ова е и разбирлив резултат бидејќи центарот за социјална работа има централно место во Законот за правда за децата односно има голем дел од надлежностите, а училиштата имаат индиректна позиција во Законот. Исто така училиштата работат согласно своите матични закони, а тоа го увидовме по направената анализа на нормативната рамка во теоретскиот дел од трудот, дека во нив не е одвоено доволно место за превенцијата на детското престапништво или упатува на неа на индиректен начин. Со овој резултат ***се потврдуваат третата и четвртата***

***хипотеза*** дека педагозите од основните и средни училишта не се доволно запознаени со Законот за правда за децата и нивните надлежности согласно овој закон, а педагозите вработени во центарот за социјална работа го познаваат и имплементираат Законот за правда за децата.

**Табела бр. 19:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за нивото на познавање на Законот за правда за децата

| Ниво на познавање на Закон за правда за децата | Педагози - ЦСР | | Педагози - ОУ | | Педагози – СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | Вкупно |
| Да (запознаени) | 40 | 100,0 | 22 | 29,33 | 10 | 19,23 | 72 |
| Не (незапознаени) | / | / | 53 | 70,66 | 42 | 80,76 | 95 |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |




**Графикон бр.4** Графички приказ на резултатите од табела бр.19

Но во истражувањето одиме и подлабоко и ги прашуваме практичарите дали предвидените содржини и постапки во Законот за правда за децата може да превенираат детско престапништво.

**Табела бр.20:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за предвидените постапки и содржини во Законот правда за децата во делот на превенцијата

| ЗПД со предвидените постапки може да превенира дет.прест. | Педагози - ЦСР | | Педагози - ОУ | | Педагози - СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | Вкупно |
| Да | 35 | 87,50 | 20 | 26,67 | 7 | 13,46 | 62 |
| Не | 5 | 12,50 | 4 | 5,33 | 1 | 1,92 | 10 |
| Не сум запознаен | / | / | 51 | 68,00 | 44 | 84,61 | 95 |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |

На оние кои го применуваат законот односно педагозите од центрите за социјална работа ставот е позитивен и 87,50% од нив сметаат дека постапките упатуваат на работа на превенција на детското престапништво, само е потребно нивно препознавање и нивна имплементација во пракса и користење и заживување на предвидените форми како што се формирање на локални совети за превенција, меѓусекторска соработака и сл.

**Табела бр.21:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и основните училишта за предвидените постапки и содржини во Законот правда за децата во делот на превенцијата

| ЗПД со предвидените постапки може да превенира дет.прест. | Педагози – ЦСР | | | Педагози – ОУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Да | 35 | 40 | 0,875 | 20 | 75 | 0,267 | 8,323 | 113 | p<0.01 |

Непознавањето на законот на педагозите од основните и средни училишта се рефлектира и во ова прашање и се појавува статистички значајна разлика помеѓу оваа група на испитаници со испитаниците од центрите за социјална работа на ниво на значајност од р<0.01. (табела бр.21 и 22).

**Табела бр.22:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и средни училишта за предвидените постапки и содржини во Законот правда за децата во делот на превенцијата

| ЗПД со предвидените постапки може да превенира дет.прест. | Педагози – ЦСР | | | Педагози – СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Да | 35 | 40 | 0,875 | 7 | 52 | 0,135 | 10,497 | 90 | p<0.01 |

Законот за правда за децата е основа за информираност за постоење на Државниот совет за превенција на детско престапништво, тело со кое превенцијата на некој начин се институционализира односно доби своја видливост преку активностите што ги презема ова тело кое е на највисоко ниво. Затоа педагозите од центрите за социјална работа, дури 95% запознаени се со постоењето на Државниот совет за превенција на детско престапништво и со неговата работа (шести дел од Законот за правда за децата).

**Табела бр.23:** Информираност на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за постоење и функционирање на Државниот совет за превенција на детско престапништво

| Постоење и функционирање на Државниот совет за ДП | Педагози - ЦСР | | Педагози - ОУ | | Педагози - СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **Вкупно** |
| Да | 38 | 95,00 | 15 | 20,00 | 9 | 17,30 | 62 |
| Не | 2 | 5,00 | 60 | 80,00 | 43 | 82,69 | 105 |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |




**Графикон бр.5** Графички приказ на резултатите од табела бр.23

Во основните и средни училишта информираноста за постоењето на советот и неговата работа е на ниско ниво односно само 20% од педагозите во основните училишта и 17,30% од педагозите во средните училишта запознаени се со постоење на ова тело, а аналогно на тоа и со неговата работа.

**Табела бр.24:** Информираност на педагозите од центрите за социјална работа, основните училишта за постоење и функционирање на Државниот совет за превенција на детско престапништво

| Постоење и функционирање на Државниот совет за превен на ДП | Педагози – ЦСР | | | Педагози – ОУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Запознаени се со постоење на Државен совет | 38 | 40 | 0,95 | 15 | 75 | 0,2 | 13,015 | 113 | p<0.01 |

Тоа се потврдува и со споредување на ставовите помеѓу овие групи на испитаници каде е утврдена статистички значајна разлика на ниво на значајност од p<0.01.(табела бр. 24 и 25).

**Табела бр.25:** Информираност на педагозите од центрите за социјална работа и средни училишта за постоење и функционирање на Државниот совет за превенција на детско престапништво

| Постоење и функционирање на Државниот совет за превен.на ДП | Педагози – ЦСР | | | Педагози – СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Запознаени се со постоење на Државен совет | 38 | 40 | 0,95 | 9 | 52 | 0,173 | 12,378 | 90 | p<0.01 |

Националната стратегија за превенција на малолетнико престапништво е предвидена во Законот за правда за децата и како обврска на Државниот совет за превенција на детско престапништво беше донесена во 2010 година. Стратегијата претставува насока, ориентација која треба да ја постави базата за подготовка на оперативни планови од страна на сите ресорни институции кои истата ќе ја заживеат и прагматично ќе ја спроведат на терен. Националната стратегијата е прва стратегија во РМакедонија која има за цел утврдување на стратешките насоки и приоритети за спречување на детското престапништво и се однесува на десет годишен период, започнувајќи од 2010 до 2020 година. Во неа се разработуваат детални активности за сите три нивоа на превенција врз основа на кои секое релевантно министерство треба да развие оперативни планови со одредена временска рамка. Со овој важен документ треба да се запознаени сите субјекти кои работат со деца, а посебно педагозите без разлика во која институција работат.

**Табела бр. 26:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за донесената Национална стратегија за превенција на детско престапништво

| Знаење за Национална стратегија за превенција од ДП | Педагози - ЦСР | | Педагози - ОУ | | Педагози - СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | Вкупно |
| **Да** | 32 | 80,00 | 27 | 36,00 | 8 | 15,34 | 67 |
| **Не** | 8 | 20,00 | 48 | 64,00 | 44 | 84,68 | 100 |
| **Вкупно** | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |

На прашањето во анкетниот лист дали испитаниците се запознаени со постоење на Националната стратегија за превенција на детско престапништво 80% од педагозите од центрите за социјална работа одговориле потврдно.

**Табела бр. 27:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и основните училишта за донесена Национална стратегија за превенција на детско престапништво

| Знаење за Национална стратегија за превенција од ДП | Педагози – ЦСР | | | Педагози – ОУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Да | 32 | 40 | 0,8 | 27 | 75 | 0,360 | 5,232 | 113 | p<0.01 |

Но само 36,00% од педагозите во основните училишта и 15,34% од педагозите во средните училишта се запознаени со постоење на оваа стратегија, што е релативно низок процент и се јавува значајна статистичка разлика помеѓу групата на испитаници од центрите и од училиштата на ниво на значајност од p<0.0.

**Табела бр. 28:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и средните училишта за донесена Национална стратегија за превенција на детско престапништво

| Знаење за Национална стратегија за превенција од ДП | Педагози – ЦСР | | | Педагози – СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Да | 32 | 40 | 0,8 | 8 | 52 | 0,154 | 8,012 | 90 | p<0.01 |

Но забележлива е и значајна статистичка разлика помеѓу педагозите од основните и педагозите од средните училишта на ниво на значајност од p<0.01која дава простор за коментар во смисла на поголема упатеност на педагозите од основните училишта кои се поголеми соработници на локалната заедница односно општината која пак од своја страна има надлежности во однос на превенцијата согласно законот.

**Табела бр. 29:** Ставови на педагозите од основните и средни училишта за донесена Национална стратегија за превенција на детско престапништво

| Знаење за Национална стратегија за превенција од ДП | Педагози – ОУ | | | Педагози – СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Да | 27 | 75 | 0,36 | 8 | 52 | 0,154 | 2,761 | 125 | p<0.01 |

Но, и покрај недоволното познавање на Законот за правда за децата, педагозите од сите институции покажуваат подготвеност за членување во локалните совети за превенција на детско престапништво во местото на живеење, бидејќи сметаат дека може да дадат допринос и да помогнат во превенција на детското престапништво во својата општина.

Позитивниот став е присутен во сите три субпримерока со над 60% и повеќе потврдни одговори. Може да се констатира дека педагозите имаат позитивен став за прифаќање на членство во локалните совети, а со тоа и подлабоко навлегување и учење за проблематиката на превенција (табела бр. 30). Со тоа ***ја потврдуваме и петата поставена хипотеза***.

**Табела бр. 30:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за прифаќање на членство во локалните совет за превенција на детско престапништво

| Прифаќање на членство во локални совет за превен. на ДП | Педагози - ЦСР | | Педагози - ОУ | | Педагози – СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | Вкупно |
| Да | 26 | 65,00 | 47 | 62,66 | 37 | 71,15 | 100 |
| Не | 14 | 35,00 | 28 | 37,33 | 15 | 28,84 | 67 |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |




**Графикон бр. 6** Графички приказ на резултатите од табела бр.30

## 4. Спроведувањето на превенцијата на детско престапништво и потребните услови и ресурси за нејзино практично имплементирање

*Хипотеза бр.6, хипотеза бр. 7,хипотеза бр. 8, хипотеза бр. 9*

Превенцијата на детското престапништво покрај тоа што подразбира теоретско знаење за превенцијата и превентивните програми и активности, подразбира и исполнување на одредени услови и располагање со ресурси за нејзино имплементирање во пракса. Во центрите за социјална работа 90% од анкетираните педагози сметаат дека ги немаат потребните услови и ресурси за спроведување на превентивните активности насочени кон детското престапништво, а исто така и голем процент од педагозите во средните училишта односно 78,84% сметаат дека немаат услови за вакви активности.

**Табела бр.31:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за потребните услови и ресурси за одвивање на активности поврзани со превенција на детско престапништво

| Постоење на потребни услови и ресурси за превенција на ДП | Педагози - ЦСР | | Педагози - ОУ | | Педагози - СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | Вкупно |
| Да | 4 | 10,00 | 44 | 58,66 | 11 | 21,15 | 56 |
| Не | 36 | 90,00 | 31 | 41,33 | 41 | 78,84 | 111 |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |




**Графикон бр.7** Графички приказ на резултатите од табела бр.31

Но основните училишта очигледно се најдобро опремени, а и возраста на децата и релацијата ученик – наставник дозволува да се реализараат одредени превентивни активности и затоа речиси 60% од педагозите од основните училишта сметаат дека имаат услови за спроведување на превенцијата. Сепак од вкупно 167 анкетирани испитаници, 108 од нив се изјасниле дека немаат потребни услови и ресурси за работа на превенција и со тоа ***ја потврдуваме шестата хипотеза*** дека педагозите не располагаат со потребните ресурси и услови за спроведување на превенцијата во своите области (табела бр.31).

**Табела бр.32:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и основните училишта за потребните услови и ресурси за одвивање на активности поврзани со превенција на детско престапништво

| Постоење на потребни услови и ресурси за превенција на ДП | Педагози – ЦСР | | | Педагози – ОУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Да | 4 | 40 | 0.1 | 44 | 75 | 0.587 | -6.572 | 113 | p<0.01 |

Разликата посебно доаѓа до израз помеѓу центрите за социјална работа и основните училишта, каде што имаме статистички значајна разлика на ниво од

ИНСТИТУТ ЗА ПЕД.ГОГИЈА

p<0.01, но и помеѓу основните и средни училишта. Интересно е што двете институции припаѓаат на еден ист ресор, но работат во различни услови, а тоа зависи од начинот на финансирање, но и од ставот на општините кои различно инвестираат во основните и средни училишта.

**Табела бр.33:** Ставови на педагозите од основните и средни училишта за потребните услови и ресурси за одвивање на активности поврзани со превенција на детско престапништво

| Постоење на потребни услови и ресурси за превенција на ДП | Педагози – ОУ | | | Педагози – СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Да | 44 | 75 | 0.587 | 11 | 52 | 0.212 | 4.674 | 125 | p<0.01 |

Дискутабилно е чија е задачата да обезбедува услови за работа, а чија е задачата да обезбеди дополнителни ресурси кои би ја олесниле реализацијата на превенцијата на детското престапништво. Дали тоа да се очекува од ресорните министерства, надлежните општини или менаџерите на институциите. Голем дел од оваа дилема ја разрешуваат законите кои јасно укажуваат дека центрите за социјална работа се финансираат од буџетот на државата преку Министерството за труд и социјална политика. Но општината може со своја одлука, во согласност со материјалните можности, да утврдуваат и други права во областа на социјалната заштита и поповолни услови за нивно остварување. Значи општината може да развива различни форми на советувалишта, дневни центри и да помогне на граѓаните од својата општина во најактуелниот проблем кој го имаат.

Основните и средни училишта средствата за финансирање на дејноста ги обезбедуваат исто така од буџетот на Република Македонија, но преку општините по пат на блок дотации и наменски дотации. Значи општината средствата ги распределува на основните училишта на своето подрачје за реализација на воспитно - образовниот процес во согласност со утврдените стандарди и нормативи, врз основа на формула и согласно со фазите за фискалната децентрализација утврдени во Законот за финансирање на единиците на

локалната самоуправа. Општината може да ја дополни добиената блок дотација, односно наменска дотација за образование со средства од сопствени извори, но само за основните училишта. А во однос на средните училишта распределбата на средствата зависи и од бројот на учениците во средните училишта на подрачјето на една општина како и од други фактори како што се возраста на учениците, планот и програмите кои се реализираат во училиштето, типот на училишниот објект, локацијата на училиштето и друго. Од друга страна директна одговорност за навремено, соодветно и пропорционална распределба на работниот материјал и техничката поддршка до сите вработени, ја имаат менаџерите односно директорите на институциите. Од тука произлегуваат различните услови за работа кај професионалците, што директно се рефлектира и врз активностите наменети за превенција на детското престапништво.

Педагозите ги идентификуваа и потешкотиите за отсуство на превенцијата. Една од пречките за успешна имплементација на превенцијата во пракса од страна на педагозите во центрите за социјална работа е недостатокот од работен материјал и техничка поддршка, 75% од педагозите се определиле за овој одговор. Тоа подразбира дека во центрите за социјална работа има недостаток од ресурси и услови од материјален карактер односно техничка поддршка, возила за реализација на теренската работа и брза интервенција, недостаток на хартија за принтање, како и друг материјал за водење на работилници со деца и родители. Со тоа ***се потврдува седмата хипотеза***. Но во основните (56%) и средни училишта (73,08%) недостатокот од стручно - методолошки упатства и материјали се идентификувани потешкотии во спроведување на превенцијата на детското престапништво (табела бр.34). Со овој резултат ***се потврдува осмата хипотеза.***

**Табела бр. 34:** Потребни услови и ресурси за одвивање на активности поврзани со превенција на детско престапништво на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта

| Потребни услови и ресурси за превенција на ДП | Педагози ЦСР | | Педагози ОУ | | Педагози СУ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Работен материјал | 1 | 2,50 | 4 | 5,33 | / | / |
| Техничка поддршка | 30 | 75,00 | 4 | 5,33 | 1 | 1,92 |
| Стручни упатства и материјали за спроведување на конкретни активности | 7 | 17,50 | 42 | 56,00 | 38 | 73,08 |
| Поддршка и дозвола од раководниот кадар | 2 | 5,00 | 2 | 2,66 | 3 | 5,76 |
| Поддршка и помош од колегите | 5 | 12,50 | 7 | 9,33 | 2 | 3,84 |
| Лична мотивација | 2 | 5,00 | / | / | / | / |
| Материјална мотивација | 8 | 20,00 | 6 | 8,00 | / | / |
| Соработка со децата | 8 | 20,00 | 14 | 18,66 | 10 | 19,23 |
| Соработка со родителите | 21 | 52,50 | 52 | 69,33 | 36 | 69,23 |
| Друго | 2 | 5,00 | / | / | / | / |

Стручно - методолошките упатства се добри алатки за насочување на професионалците, за унифицирање на нивната работа и поставување на стандард кој ќе обезбеди квалитет во работата и услугата која се дава кон корисникот односно децата.

**Табела бр. 35:** Потребни услови и ресурси за одвивање на активности поврзани со превенција на детско престапништво на педагозите од центрите за социјална работа и основните училишта

| Потребни услови и ресурси за превенција на ДП | Педагози – ЦСР | | | Педагози – ОУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Стручни упатства и материјали за спроведување на конкретни активности | 7 | 40 | 0.175 | 42 | 75 | 0.56 | -4.637 | 113 | p<0.01 |

Постоењето на стручно – методолошките упатства и во областа на превенцијата на детското престапништво ќе ги постават рамките на задолжителни и факултативните активности односно форми на работа во сите училишта. Така ќе

бидеме сигурни дека со превентивни активности се опфатени сите ученици, ќе се обезбеди континутет во давањето на содржините во основно и средно училиште и ќе имаме можности да се направи база на превентивни програми кои ќе се евалуираат и ќе се обезбеди нивна видливост преку ефектите во пракса. Таа рамка ќе значи вклученост на наставниците кои ќе треба да спроведат задолжителен број на часови посветени на детското престапништво. Поради овој податок, во продолжение е направен обид, попрецизно и подетално да се детектираат и идентификуваат разликите помеѓу педагозите во најизразените прашања кои се однесуваат на обезбедување на потребни услови и ресурси за одвивање на активности поврзани со превенција на детското престапништво.

**Табела бр. 36:** Потребни услови и ресурси за одвивање на активности поврзани со превенција на детско престапништво на педагозите од центрите за социјална работа и средни училишта

| Потребни услови и ресурси за превенција на ДП | Педагози – ЦСР | | | Педагози – СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Стручни упатства и материјали за спроведување на конкретни активности | 7 | 40 | 0.175 | 38 | 52 | 0.731 | -6.464 | 90 | p<0.01 |

Со меѓусебното споредување на добиените резултати може да се констатира дека помеѓу испитаниците од сите три групи постои варијабилен степен на разлики во ставовите во делот за потреба од стручни упатства и материјали за спроведување на конкретни активности. Се јавува статистички значајна разлика на ниво од $p<0,01$ помеѓу педагозите од центрите и педагозите од средните училишта и помеѓу педагозите од основните и средни училишта на ниво на значајносто од $p<0.05$.

**Табела бр. 37:** Потребни услови и ресурси за одвивање на активности поврзани со превенција на детско престапништво на педагозите од основните и средни училишта

| Потребни услови и ресурси за превенција на ДП | Педагози – ОУ | | | Педагози – СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Стручни упатства и материјали за спроведување на конкретни активности | 42 | 75 | 0.56 | 38 | 52 | 0.731 | -2.031 | 125 | p<0.05 |

Не смееме да ги занемариме процентуалните вредности кои укажуваат дека техничката поддршка во центрите е подигната на ниво на сериозно прашање кое треба итно да се решава. Кај групата на педагози од центрите за социјална работа се појавува разлика идентификувана како потреба и во делот на лична и материјална мотивација во однос на другите две групи. Материјалната мотивација односно надокнада е истакната од страна на педагозите во центрите за социјална работа додека во средните училишта воопшто не е спомната. Секако дека намалените услови за работа од техничко – материјален карактер влијае врз општото задоволство и личната мотивација за вложување во работата на стручните лица во центрите за социјална работа.

По однос на посочените потешкотии и пречки за превенција на детско престапништво, најголемиот број на педагози се согласуваат дека и соработката со родителите на децата претставува проблем за успешно спроведување на превенцијата, рано идентификување на проблемите и навремено интервенирање и тука не е забележана статистички значајна разлика со што ***се потврдува и деветата хипотеза.***

Родителите се оние личности кои се одговорни за правилниот психофизички развој на своето дете, личности кои треба да му овозможат образование, воспитување и социјализација на детето и систематски да се залагаат и

интересираат за негово понатамошно дооформување. Семејството е првиот, мал свет во кој се раѓа детето и сосема доволен за неговата моќ на комуницирање, но како расте детето излегува од семејниот систем и почнува да контактира и соработува со поширокиот социјален контекст. На тој пат родителската помош е неопходна, а еден од начините да му помогнат е соработката со воспитувачите, наставниците, тренерите, детската градинка, училиштето. Соработката на родителите со наставниците е она врзивно ткиво кое овозможува детето да расте и да се развиваа соодветно, безбедно и успешно. Доколку го немаме ова врзивно ткиво и соработката е недоволна и неквалитетна, пропустите низ неа се неуспех на детето, проблеми во однесувањето, непочитување на правила и влез во детско престапништво. Затоа наставниците толку многу ја потенцирале соработката со родителите како неопходна, но ја лоцирале не во афирмативен туку во негативен контекст, дека несоработката е основна пречка за навремена превенција на детското престапништво.

Но во истражувањето со значителен процент односно околу 20% кај сите три групи испитаници како недостаток во спроведување на превентивните активности се појавува и соработката односно несоработката на децата. За да може да се влијае и педагошки да се делува врз едно дете потребна е негова соработка, вклученост, разбирање на процесот односно негова партиципативност. Партиципативниот пристап на децата во сите сфери на нивното живеење во праксата се одвива доста споро бидејќи станува збор за промена на парадигмата спрема децата како корисници на услуги или интервенции, при што од пасивен учесник позицијата на детето се менува во активна и соработничка. (Koller-Trbović, 2012). Професионалците што работат со деца, досега имаа навика да носат одлуки и решенија за децата согласно своите стручни знаења и одговорност, а децата како пасивни реализатори да ја прифатат одлуката на возрасниот. Но сега е многу важно педагозите во својата работа со децата да ја препознаат предноста на овој став и да почне да го применуваат во пракса. Значи педагогот во својата работа треба да ги усклади ризиците, потребите и потенцијалите на детето и неговото опкружување со видот, нивото и елементите на интервенцијата што ја препорачува односно сака да ја спроведе. Само со добра проценка на сите овие

услови, како и приодот кон детето, начинот како ќе му се објасни потребата да биде вклучен во некоја превентивна активност, детето ќе даде своја согласнот, но не само декларативна, туку реална и остварлива и ќе учествува во активноста.

Наставник од ООУ "Гоце Делчев"- општена Аеродром, Скопје во анкетниот прашалник предлага: ,,Со децата коишто имаат проблеми во однесувањето би сакала да издвојам дека е најважен пријателски однос, односот на доверба на наставникот со тоа дете, потоа проучување на неговата семејна состојба, улогата на родителите и доаѓање на еден непосреден начин до причините за таквото ,,лошо,, однесување, а со тоа и наоѓање на најсоодветен и едеинствен начин за давње на помош на загрозеното дете. Само на тој начин детето ќе ги прифати активностите за кои сте се договориле,а кои ќе бидат во негов интерес.,,

## **5.** Идентификување на форми за работа и програмите кои педагозите ги сметаат за најкорисни за унапредување на превенцијата

*Хипотеза бр. 10, хипотеза бр. 11*

Формите за работа во педагошкото делување се многубројни, различни по начинот на имплементација, целта и намена. Примената и развивањето на одредена форма за работа од страна на педагозите зависи од целта која сакаат да ја постигнат и што сакаат да развијат кај децата или возрасните, од возраста и бројот на групата, предзнаењето и искуството, интересот и потребите, но понекогаш посебно наставниците се водат и од програмските насоки. Програмите кои ги примениле педагозите во својата работа, најчесто се наменети на одредена популација, со одредена цел, предложени од надлежните или се реализираат во соработка со некоја НВО или локалната заедница, методолошки разработени со предвидени активности. За реализација на овие програми најчесто се користи групна форма на работа. Понекогаш програмите кои се спроведуваат се краткотрајни, без одржливост и нивна евалуација. Не навлегувајќи подлабоко во разработување на педагошките форми за работа и програмите кои ги примениле, ќе коментираме само по оние кои ни излегоа како доминантни во прашалникот.

Ова прашање беше од отворен тип, испитаниците имаа можност да набројат повеќе форми или применети програми кои според нив покажале најголем ефект во областа на превенција на детското престапништво. Одговорите успеавме да ги ставиме во рамка и да ги затвориме, бидејќи се повторуваат кај испитаниците.

**Табела бр.38:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за прашања, кои применети форми за работа се покажале најефикасни во областа на превенција

| Форми на работа и програми за унапредување на превенцијата | Педагози - ЦСР | | Педагози - ОУ | | Наставници - ОУ | | Педагози - СУ | | Наставници - СУ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Групна работа со родители- Програма - Едукативен центар за родители | 32 | 80,00 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Групна работа со деца | 11 | 27,50 | 6 | 16,22 | 17 | 44,74 | / | / | 10 | 31,25 |
| Советодавна работа со деца и родители | 35 | 87,50 | 5 | 13,51 | / | / | 6 | 30,00 | 4 | 12,5 |
| Посета во семејство | 33 | 82,50 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Програма за животни вештини | / | / | / | / | 23 | 60,52 | / | / | / | / |
| Примена на конкретни превентивни програми | / | / | / | / | 2 | 5,26 | / | / | 3 | 9,37 |
| Едукативни предавања и работилници | / | / | 4 | 10,81 | / | / | / | / | 16 | 50,00 |
| Советување на родителите | / | / | 16 | 43,24 | / | / | 11 | 55,0 | / | / |

Настојувањата беа да утврдиме кои форми за работа или програми педагозите ги сметаат најефикасни и најкорисни во спроведување на превенцијата на детското престапништво. Во центрите за социјална работа препознаена форма за работа во областа на превенцијата е групната работа со родители, односно програмата Едукативен центар за родители и дури 80% од

одговорите се во корист на ова тврдење. Во прилог на оваа констатција е и фрекфенциската анализа на податоците која покажува дека групната работа е форма која педагозите ја сметаат за најефикасна во ситуации кога е потребно да се развијат одредени социјални вештини кај децата или родителите, да се корегираат одредени состојби, да се советува, да се поттикнат одредени состојби и е идентификувана како препорачлива форма за работа во областа на превенцијата на детското прстапништво.

**Табела бр.39:** Ставови на педагозите и наставниците од основните училишта за прашања кои применети форми за работа се покажале најефикасни во областа на превенција

| Форми на работа и програми за унапредување на превенцијата | Педагози – ОУ | | | Наставници – ОУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Групна работа со деца | 6 | 37 | 0.162 | 17 | 38 | 0.447 | -2.827 | 73 | p<0.01 |

Групната работа со деца во унапредување на превенцијата на детското престапништво како најдоминантна форма на работа е избрана од страна на педагозите во основните училишта и тоа со 60,96%, во средните училишта со 31,25%, а во центрите за социјална работа ја сметаат за ефективна 27,50% од испитаниците. Тоа е разбирливо бидејќи во училиштата децата се достапни за педагошко делување со помош на групната форма на работа и може често и лесно да се реализира. Посебно во наставниот процес во основните училишта од страна на наставниците, групната работа со деца е многу поприменувана одколку од страна на педагозите кои се дел од стручната служба и покажува статистички значајна разлика меѓу пропорциите на субјектите кои припаѓаат на двете групи. Разликата е статистички значајна на ниво на значајност од $p<0.01$.Но во центрите за социјална работа групната работа со деца е потешка за организирање и спроведување од причини што децата меѓусебе не се познаваат, треба да ги врзуваат исти или слични проблеми за да се работи на одредена тема, тешко е да се обезбедат во одредено време и место, да се мотивираат и да се обезбеди групна динамика. Но сепак искуството кое го имаат педагозите во центрите за

социјална работа со групната работа со родители и ефектите од истата ги поттикнува и ги става во позиција да се опробуваат и во работа со деца.

**Табела бр.40:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и основните училишта за прашања кои применети методи се покажале најефикасни во областа на превенција

| Форми на работа и програми за унапредување на превенцијата | Педагози – ЦСР | | | Педагози – ОУ | | | t | df | P |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Советодавна работа со деца и родители | 35 | 40 | 0.875 | 5 | 37 | 0.135 | 9.638 | 75 | p<0.01 |

Од друга страна и советодавната работа со родители и деца која е најприменувана во центрите (87,50%) исто така има ефект и динамика на групна форма на работа.

Но со меѓусебното споредување на добиените резултати може да се констатира дека помеѓу испитаниците од сите три групи постои варијабилен степен на разлики во ставовите и истиот е статистички значајни на ниво од p<0,01 во делот на примена на советодавната работа со родители и деца. Значи оваа форма на работа која може да придонесе за унапредување на превенцијата е помалку препознаена и применувана во училиштата во однос на центрите за социјална работа каде што е секојдневна активност.

**Табела бр.41:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и средни училишта за прашања кои применети методи се покажале најефикасни во областа на превенција

| Форми на работа и програми за унапредување на превенцијата | Педагози – ЦСР | | | Педагози – СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Советодавна работа со деца и родители | 35 | 40 | 0.875 | 6 | 20 | 0.3 | 4.998 | 58 | p<0.01 |

Советувањето на родители согласно законот за основно и средно образование има групна форма на работа со препорака за начин на нејзино организирање, а и другите применети програми од страна на професионалците во основата ја имаат групната форма на работа. Со оваа констатација ***се потврдува десетата хипотеза*** односно претпоставката дека групната форма на работа е најефикасна форма која ја идентификуваа педагозите од центрите за социјална работа како и од основните и средни училишта која може да се примени во спроведување на превенцијата на детското престапништво.

Групната форма на работа е користена во областа на превенцијата на детското престапништво, како во воспитно - образовниот процес со ученици, така и во стекнување на знаења и вештини и кај возрасните лица. Групата поседува мотивациони сили како развивање на свесност за постоење на проблемот, саморазбирање, тестирање на реалната состојба, но и емпатија кон другите и секако намалување на чувството на осаменост и исклученост бидејќи овозможува комуникација со луѓе со сличен проблем и претставуваат група за поддршка. (Батиќ, 2011). Групната работа е препорачана педагошка форма за работа и со деца и со возрасни, но е дел и од мерките за помош и заштита согласно Законот за правда за децата. Таа може да се применува за зајакнување на заштитната и воспитна функција на семејството и подигнување на родителските компентенции, за давање на поддршка на децата, но и за зајакнување на индивидуалните способности, вештини, навики кај децата, за корегирање на однесувањето и менување на одредени негативни вештини во позитивни.

Секако треба да се земат предвид и другите форми и програми кои се препорачани од страна на професионалците во системот на социјална заштита и во воспитно – образовниот систем. Теренската работа односно посетата на семејството во домот е многу ефикасна форма за работа која ја применуваат педагозите во центрите за социјална работа (82%), но не и училишните педагози. Оваа форма на работа е задолжителна во системот за социјална заштита и затоа и педагозите како дел од стручниот тим ја применуваат. Позитивните ефекти од оваа форма се повеќекратни, практични и применливи во делот на превенција на

детското престапништво, бидејќи во семејниот систем и условите во кои функционираат најлесно рано се идентификуваат ризичните фактори, се детектираат силните и слаби страни на семејството, се запознаваат родителите и децата и нивните меѓусебни релации, се расветлуваат семејни тајни, се запознаваат членови од поширокото семејство и се прави рана проценка на ризиците, потребите и потенцијалите на детето.

Овие разлики во одговорите се очекувани, бидејќи зависат од природата на нивната работа и од законските надлежности кои се различни во двата система. Имено наставниците во основните училишта како најефикасен метод или програма ја одбрале Програмата за животни вештини 60,52%, а педагозите од основните училишта го одбрале советувањето на родителите. Кај наставниците во средните училишта се одвојуваат едукативните предавања и работилници што е најсоодветна форма согласно со возраста на учениците, а педагозите од средните училишта исто така го одбрале советувањето на родителите и советодавната работа со деца и родители. Значи тие се водат од законските надлежности и програмските основи. Но и покрај што се наведени именувани пограми кои педагозите ги применуваат и ги сметаат за ефикасни, сепак како поддршка се дава и на други применети превентивни програми и тоа 5,26% од страна на педагозите во основните и 9,37% од педагозите во средните училишта. Оваа поддршка ја гледаме и како отворена врата на педагозите за примена и на други превентивни програми кои би ги работеле ако има се понудат.

Со овие податоци ја ***потврдуваме единаесетата хипотеза*** дека за развивање на превентивна пракса неопходно е вклучување на родителите во различни програми кои ќе имаат цел зајакнување на нивните родителски капацитети, подобрување на релацијата родител – дете и поддршка на семејството во справување со проблемите во однесувањето на децата. Дискутабилно е како да ги мотивираме родителите да станат наши партнери, соработници кои се неопходни за навремено спречување на проблемите со децата кои може многу брзо да ескалираат. Таму каде што имаме соработка со родителите, нивно вклучување во советување на родителите, во едукативниот

центар за родители или преку советодавна работа со родители и деца односно во ефикасни програми, навреме ќе се превенираат ризичните состојби.

Заради континуитет во педагошкото превентивно делување на децата, најдобро би било планирањето на превенцијата да го опфати периодот од предучилишната возраст на децата, па до завршување на средноучилишниот период, преку осмислени превентивни програми, кои ќе го зголемуваат својот интензитет преку динамиката на делување и адаптирање на содржините соодветно на возраста на децата.

## 6. Носители на превентивните активности и планирање на превенцијата

*Хипотеза бр.12*

Успешната превентивна активност, бара напори од страна на целото општество за да се обезбеди хармоничен развој на децата и унапредување на нивните семејства. Тоа подразбира зајакнување на вертикалната и хоризонтална координација помеѓу сите институции во системот, поединци кои работат во државниот, јавниот и граѓанскиот сектор како и активна партиципација на родителите и самите деца. Посебен акцент се дава на реанимирање и воспоставување на врска со различни елементи на граѓанското општество, не заборавајќи ги бизнис заедницата, религиските заедници, неформалните групи на граѓани, младински групи и здруженија и други. Но сепак потребно е да се знае кој е носителот и чија е одговорноста на координатор за успешна или неуспешна спроведена превентивна активност на национално и на локално ниво.

Согласно Законот за правда за децата главен актер во координација на активностите поврзани со превенција на детското престапништво е Државниот совет за превенција на детското престапништво. За таа цел треба да се најдат механизми за јакнење на ова тело, за да може да презема и реализира активности кои му се дадени со закон. Клучен елемент за успешната превенција на детското престапништво е и следењето на насоките кои се даваат за секоја институција и сектор во Националната стратегија за превенција на малолетничко

престапништво 2010-2012 година. Согласно со чл.159 од Законот за правда за децата предвидено е формирање на општински совети кои вршат работи за следење на состојбите со детското престапништво во општината, покренуваат иницијативи за нивното подобрување и развиваат програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на деца. Значи локалната заедница треба да е носител на промените и подобрување на состојбата со децата и своите граѓани. Локалната заедница треба да иницира формирање на општински совети, да обезбеди финансиска поддршка и да ја поддржува работата на советот во планирање на превенцијата на детското престапништво.

Се до 70 те год. на 20 век поврзаноста на училиштето со локалнта заедница била сива зона за теоретичарите и практичарите, малку разработувана и уште помалку ценета. Училиштето и локалната заедница биле како два света, како две посебни институции.(Basic,2003). Последици од оваа состојба се уште има и се чувствуваат, но во одредени локални заедници и се надминуваат.

Во однос на прашањето што мислат педагозите кој треба да е носител на планирањето на превенцијата на детско престапништво најголемите надлежности во овој дел ги даваат на локалната заедница и на училиштата.

**Табела бр.42:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за тоа кој треба да биде носител на планирање на превенција на детско престапништво

| Носител на планирање на превенцијата за ДП | Педагози - ЦСР | | Педагози - ОУ | | Педагози – СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | Вкупно |
| Локалната заедница | 20 | 50,00 | 25 | 33,33 | 20 | 38,44 | 65 |
| Училиштата | 14 | 35,00 | 34 | 45,33 | 25 | 48,02 | 73 |
| Центар за социјална работа | 5 | 12,50 | 16 | 21,33 | 4 | 7,69 | 25 |
| МВР | / | / | / | / | 2 | 3,84 | 2 |
| НВО | 1 | 2,50 | / | / | 1 | 1,92 | 2 |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |




**Графикон бр.8** Графички приказ на резултатите од табела бр.42

Врз основа на добиените податоци и фрекфенциската анализа може да се заклучи дека педагозите и наставниците од училиштата и од центрите за социјална работа ја препознаваат улогата на училиштето како носител на превентивните активности. Педагозите веруваат во моќта на превенцијата и ја препознаваат клучната институција и активната улога на училиштето во однос на спроведување на програмите. Но исто така голем процент ја даваат довербата и на локалната заедница која според законот има клучна улога која треба да ја планира превенцијата и да ја насочува кон најголемиот проблем во таа заедница. Во оваа фаза на децентрализација, можеби се уште не сме навикнати дека локалната заедница има одговорност за сите сфери на нашето живеење, па и за грижата за децата. Центрите за социјална работа, МВР и НВО, анкетираните педагози повеќе ги доживуваат како специјализирани институции за одреден сегмент во реализација на превенцијата, но не и клучни институции кои треба да ја планираат превенцијата.

**Табела бр.43:** Ставови на педагозите од основните и средни училишта за тоа кој треба да биде носител на планирање на превенција на детско престапништво

| Носител на планирање на превенцијата | Педагози - ОУ | | | Педагози - СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | P1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Центар за социјална работа | 16 | 75 | 0.213 | 4 | 52 | 0.077 | 2.273 | 125 | p<0.05 |

Резулатите добиени од фрекфенциската анализа укажуваат на тоа дека определени државни институции имаат предност во улогата да бидат носители на превентивни програми за детското престапништво како што е локалната заедница и училиштата.

Со споредување на резултатите помеѓу трите групи на испитаници покажуваат дека постојат определени разлики по ова прашање, но разликите не се статистички значајни, освен помеѓу педагозите од основните и средни училишта што значајно не влијае на заклучокот во однос на поставнета хипотеза.

Тоа јасно укажува дека педагозите не се разликуваат помеѓу себе за тоа на која институција е надлежноста - носител на превентивните активности. Според тоа, може да се констатира дека се прифаќа и ***потврдува дванаесетата хипотеза***, односно дека не постои статистички значајна разлика во ставовите на педагозите од центарот за социјална работа, основните и средни училишта за тоа на која институција е надлежноста - носител на превентивните активности.

## 7.Меѓусекторката соработка и превенцијата на детско престапништво

*Хипотеза бр. 13*

За успешно планирање на превенцијата и реализирање на превентивните програми потребна е континуирана меѓусекторската соработка помеѓу сите институции кои се предвидени со Законот за правда за децата и Националната стратегија за превенција на малолетничко престапништво 2010-2012 година опишана во претходниот дел. Кај нас постои пракса од меѓусекторска соработка, но мора да признаеме дека повеќе се реализира на ниво на поединечни случаи, повремено, без континуитет и понекогаш засновано на приватни, а не на службени релации. Сите меѓународни консултанти кои доаѓаат во РМакедонија ни укажуваат дека нашите институции се добро екипирани и организирани, но премногу изолирани и упатени кон самите себе без излез и соработка со други институции. Но ситуацијата се менува во последните неколку години, бидејќи новите закони упатуваат на меѓусекторска соработка, вмрежување на институциите, а дел од протоколите за постапување одат уште подалеку и даваат задолжителни насоки за заеднички состаноци, со предвидени активности, извршители и рокови за постапување.

Неопходноста од меѓусекторската соработка значи и споделување на одговорноста, но и преземање на сопствената одговорност за реализирање на конкретните активности, а се со цел давање на најсоодветна услуга на детето и семејството. Тоа во секојдневната практичната работа го воочиле и нашите испитаници и даваат голема поддршка за заживување и реализирање на меѓусекторската соработка, па така со висок процент од 97,50% кај педагозите од центрите за социјална работа и 97,30% и 100% кај педагозите од основните и средни училишта се согласуваат дека не е возможно да се планира и реализира превенција без соработка со институциите односно со други сродни и комплементарни области.

**Табела бр.44:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за поврзаност со други сродни и комплементарни области при реализација на превенција

| Дали е возможна превенција без соработка меѓу институциите | Педагози - ЦСР | | Педагози - ОУ | | Педагози - СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | Вкупно |
| Да | 1 | 2,50 | 2 | 2,66 | / | / | 3 |
| Не | 39 | 97,50 | 73 | 97,33 | 52 | 100,0 | 164 |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |

Но и покрај ваквиот значително позитивен став, во истражувањето сакавме да ја испитаме и моменталната состојба во пракса, односно кои институции имаат развиено најдобра меѓусебна соработка, а кои се сметаат за аутсајдери. Па така центрите за социјална работа најдобра соработка остваруваат со МВР, дури 67,50% од испитаниците го потврдуваат тоа, потоа со училиштата 17, 50 %, а најмала соработка имаат со здравствените установи 2,50%.

**Табела бр.45:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за соработката со други институции при реализација на превентивни активности

| Соработка со институции при реализација на превентивни активности | Педагози - ЦСР | | Педагози – ОУ | | Педагози - СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | Вкупно |
| МВР | 27 | 67,50 | 22 | 29,33 | 13 | 25,00 | 62 |
| Училиштата | 7 | 17,50 | / | / | / | / | 7 |
| Локалната заедница | 3 | 7,50 | / | / | 1 | 1,92 | 4 |
| НВО | 2 | 5,00 | 4 | 5,33 | 1 | 1,92 | 7 |
| Здравствени установи | 1 | 2,50 | / | / | / | / | 1 |
| Суд | / | / | / | / | 6 | 11,53 | 6 |
| Ценатр за социјална работа | / | / | 14 | 18,66 | / | / | 14 |
| Не соработувам со други институции | / | / | 35 | 50,33 | 31 | 59,61 | 66 |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |




**Графикон бр.9** Графички приказ на резултатите од табела бр.45

Кај училиштата ситуацијата е поинаква и тоа во полза на несоработка со институциите, 50,33% од педагозите и наставниците од основните училишта кажуваат дека немаат никаква соработка со други институции, а само 29,33% имаат соработка со МВР и нешто помала соработка (18,66%) развиваат со центрите за социјална работа.(табела бр.45) Слична е состојбата и во средните училишта.

**Табела бр.46:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и основните училишта за соработката со други институции при реализација на превентивни активности

| Соработка со институции при реализација на превентивни активности | Педагози – ЦСР | | | Педагози – ОУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| МВР | 27 | 40 | 0.675 | 22 | 75 | 0.293 | 4.202 | 113 | p<0.01 |

Тоа се потврдува и со споредување на резултатите каде што се појавува статистички значајна разлика од $p<0.01$ помеѓу центрите за социјална работа и училиштата во однос на соработката со МВР која е поинтенизва со центрите за социјална работа.

**Табела бр.47:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и средните училишта за соработката со други институции при реализација на превентивни активности

| Соработка со институции при реализација на превентивни активности | Педагози – ЦСР | | | Педагози – СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| МВР | 27 | 40 | 0.675 | 13 | 52 | 0.250 | 4.458 | 90 | p<0.01 |

Реалната состојба е дека училиштата се релативно затворени институции, соработуваат со други институции само по потреба за поединечни случаи и тоа најчесто директорот или стручната служба, но не и наставниците. Педагозите од центрите за социјална работа согласно матичните закони се мобилни, излегуваат на терен, посетуваат други институции и затоа нивото на соработка е на повисоко ниво. Но ова не треба да е единствен начин за да се развие добра и организирана меѓусекторска соработка. Со тоа ***ја потврдуваме и тринаесетата хипотеза*** дека меѓусекторската соработка не е доволно развиена и во праксата тешко се спроведува.

Затоа општинските совети за превенција на детско престапништво кои треба да се развијат во секоја општина, ќе ја поттикнат соработката меѓу институциите. Членови на советот според закон треба да се претставници на подрачните единици на Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, претставници на советот на родители/или/от во основните и средните училишта, Унијата на средношколци, Адвокатската комора на Република Македонија, здруженија и фондации, јавниот обвинител кој работи во областа на детската деликвенција и судијата за деца од судовите од општа надлежност или судија кој ќе го определи претседателот на судот. Задачата на општинските совети е редовно состанување, координирање на работата помеѓу институциите од каде што доаѓаат и воспоставување на механизими за соработка и за проток и размена на информации помеѓу надлежните институции. Во интерес на развојот, поттик и олеснување на меѓусекторската соработка помеѓу сите субјекти вклучени во системот правда за децата, Државниот совет за превенција на детско престапништво изработи Информатор кој е дистрибуиран до сите релевантни институции, а во електронска форма е поставен на веб страната на Државниот совет. (www.dspmp.cov.mk.)

## 8.Идентификување на подрачје во кое е потребно да се преземат итни превентивни активности

*Хипотеза бр.14*

Во првиот, теоретски дел од трудот посебно внимание посветивме на планирање на превенцијата и правилен избор на превентивни програми, што е половина пат до успешно спроведени и ефективни програми. Значи на почеток треба добро да се дефинира проблемот кој го има заедницата и да се идентификува целната популација. Неопходно е да располагаме со знаења за појавата која ќе биде заснована на истражувања (или на ситуациона анализа), да

се постави јасна цел на програмата и да се предвиди начинот на евалуација. Затоа сметавме дека многу е важно педагозите да ги искажат своите ставови и мислења од секојдневната пракса кој е најголем проблем кај младите за кој треба да се преземе итна интервенција и да се отпочне со превенција во пракса.

Од фрекфенциската анализа може да се заклучи дека кај сите три субпримерока користењето на дрога од страна на децата и проблемите во семејството се најизразени проблеми кои се ризик фактори за кои треба да се преземе итна интервенција. Педагозите од центрите за социјална работа користењето на дрога кај младите го гледаат како најизразит проблем и дури 37,50 % од нив се определиле за овој одговор, а 35% од нив сметаат дека проблемите во семејството се круцијални за децата да излезат како симптом на нарушените односи во семејството. Семејството беше детерминирано како причинител за влез на децата во престапништво во погорната анализа и аналогно на тоа сега се лоцира како поле на кое најмногу треба да се работи.

Овој соодност е запазен и кај педагозите од средните училишта каде најголем дел од нив, 42,30% сметаат дека користење на дрогата е најголем проблем кај децата, бидејќи средно училишната младина е на најголем удар на овој порок и тоа е реалноста со која се соочуваат. Но 32,69% од испитаниците сметаат дека семејството е најголем проблем на кој треба да се лоцираме и интервенираме. Во основните училишта проблемот во семејството е најизразен и 37,33% од испитаниците се определиле за него, а 33,33% од анкетираните дрогата ја сметаат за проблем на кој треба превентивно да се работи, но без минимизирање на другите проблеми со кои се соочуваат децата

Имено, врсничкото насилство исто така е изразен проблем, интернет насилството, сексуалната злоупотреба/педофилија, користењето на алкохол и уште многу други проблеми кои го следат животот на децата и кои се нивни искушенија.

**Табела бр. 48:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за детерминирање на проблемите на децата за кои е потребно да се преземат итни мерки на превенција

| Најчести проблеми на младите поврзани со малолетничко престап. | Педагози - ЦСР | | Педагози – ОУ | | Педагози - СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | Вкупно |
| Врсничко насилство | 4 | 10,00 | 16 | 21,33 | 9 | 17,30 | 29 |
| Користење на алкохол | 4 | 10,00 | 4 | 5,33 | | | 8 |
| Користење на дрога | 15 | 37,50 | 25 | 33,33 | 22 | 42,30 | 62 |
| Сексуална злоупотреба/педофилија | / | / | 1 | 1,33 | / | / | 1 |
| Интернет насилство | 3 | 7,50 | 1 | 1,33 | 4 | 7,69 | 8 |
| Проблеми во семејството | 14 | 35,00 | 28 | 37,33 | 17 | 32,69 | 59 |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |




**Графикон бр.10** Графички приказ на резултатите од табела бр.48

Значи педагозите се ставени во ситуации каде гледаат многу повредени и ранливи деца, деца кои се соочуваат со многу проблеми уште во детството, уште

пред да влезат во светот на возрасните и можноста да се определат за повеќе одговори всушност направи да станат свесни дека децата се изложени на многу ризик фактори и тешко може да се направи приоритет на што најитно да се работи, од што најитно да ги спасиме децата.

Не се јавуваат статистички значајни разлики помеѓу групите на испитаници за тоа кој е најизразит проблем и сите посочени девијантни појави подеднакво претставуваат проблем за децата на кој што треба превентивно да се влијае во пракса од страна на надлежните институции.

Ова не треба да ги обесхрабрува одговорните институции за планирање на превенцијата. Понекогаш во одредена заедница има многу изразен и видлив проблем на кој итно треба да се работи, но понекогаш ако е моќна локалната заедница може да спроведуваат и неколку превентивни програми паралелно и да се опфатат повеќе ризик фактори наменети за различни групи.

Во овој труд сепак ќе се задржиме на работа со семејството, она што го добивме од фрекфенциската и процентуална анализа, преку прикажаната превентивна програма ,,Програма за зајакнување на семејствата,,. Но истовремено делуваме превентивно и на првиот лоциран проблем односно на спречување на користење на дрогата, бидејќи темите кои се обработуваат во оваа програма се и како децата да кажат ,,не" на дрогата, како да се спротивставаат на врсничкиот притисок и други теми кои ги јакнат и децата, но ги подготвуваат и родителите за период во кој децата може да експериментираат.

Значи не постои статистички значајна разлика во ставовите на педагозите од центрите за социјална работа и педагозите од основните и средни училишта во однос на тоа дека дисфункционалното семејство и користењето на дрога од страна на децата се подрачја во кои треба итно да се интервенира за да се превенира детското престапништво, но без минимизирање и на другите проблеми со кои се соочуваат децата и со оваа анализа ***се потврдува четиринаесетата хипотеза.***

## 9. Стручно - професионално усовршување на педагозите за практично спроведување на превенцијата на детско престапништво

*Хипотеза бр.15, хипотеза бр.16 и хипотеза бр.17*

Формалното образование е првиот чекор во професионалниот развој кој се одвива на различни начини во понатамошното работно искуство. Во современиот свет професионалниот развој подразбира континуиран, доживотен процес и се изразува преку желбата за квалитетна реализација на работата. Значи професионалниот развој не е статична категорија, бидејќи ниту еден факултет не може да направи таква подготовка за сите детали во функционирањето на работното место. Новите сознанија, истражувањата, научните достигнувања толку брзо се надополнуваат или редефинираат, што секој поединец треба да ја следи областа во којашто работи и да ги следи сите новини и законски измени. Посебно тоа се однесува и на етичкиот кодекс кој се формира во дадената област, потребните вештини кои треба да се развиваат, одговорности, професионално усовршување, градење на однос кон раководители, колеги и сл. Посебно во денешни услови многу е важен континуираниот професионален развој на секое стручно лице, бидејќи во многу области се воведе процесот на лиценцирање како услов за работа на одредено работно место. Процесот на лиценцирање е утврден со закон, со сите критериуми, начин на реалзиација, можности, отстапки и што е најважно со услови за постојано усовршување и професионално растење на поединецот. Можеби овој процес од страна на професионалците беше прифатен со одредена скепса, дилема, субјективизам, па и до негирање и отфрлање на истиот, но секојдневните, сложени проблеми во пракса ги принудуваат професионалците да сфатат дека ова е единствениот начин за успех во работата. Имајќи го во предвид овој факт еден дел од нашиот прашалник упатен на професионалците беше наменет за стручната подготвеност за работа во областа на детското престапништво.

**Табела бр. 49:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за начинот на кој што доаѓаат до нови знаења во областа на детското престапништво

| Начини за стекнување на нови знаења во областа на детското престапништво | Педагози - ЦСР | | Педагози - ОУ | | Педагози - СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **Вкупно** |
| Самостојно стручно усовршување и користење интернет информации | 7 | 17,50 | 47 | 62,66 | 42 | 80,76 | 96 |
| Работно искуство | 5 | 12,50 | 18 | 24,00 | 7 | 13,46 | 30 |
| Учество во семинари и обуки | 28 | 70,00 | 10 | 13,33 | 3 | 5,76 | 41 |
| Стручно–методолошки упатства и стандарди за работа | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |

Фрекфенциската анализа покажува дека 70% од педагозите од центрите за социјална работа, знаењата ги добиваат преку учество во семинари и обуки, а педагозите од основните и средни училишта оваа форма не ја сметаат доминантна во моментот односно застапена е околу 13,33 % и 5,76%. Тие своите сознанија за оваа проблематика ги добиваат преку самостојно усовршување и користење на интернет информации (62,66% и 80,76%) и во секојдневната пракса, преку работно искуство( 24,00% и 13,46%). Ова е можеби и разбирливо бидејќи во системот на социјална заштита е воведен процесот на лиценцирање со задолжителен број на часови посетена обука која се спроведува во системот на социјална заштита, а во системот на воспитно – образовниот процес вакво задолжение не постои.

**Табела бр. 50:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и основните училишта за начинот на кој што доаѓаат до нови знаења во областа на детското престапништво

| Начини за стекнување на нови знаења во областа на детското престапништво | Педагози – ЦСР | | | Педагози – ОУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Самостојно стручно усовршување и користење интернет информации | 7 | 40 | 0.175 | 47 | 75 | 0.627 | -5.506 | 113 | p<0.01 |
| Учество во семинари и обуки | 28 | 40 | 0.7 | 10 | 75 | 0.133 | 6.877 | 113 | p<0.01 |

Со тестирање на значајноста на разликата меѓу пропорциите произлезени од ставовите на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за прашањата поврзани со стручната подготвеност за работа во областа на детското престапништво (табели бр. 50,51,52) може да се констатира следното:

**Табела бр. 51:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и средни училишта за начинот на кој што доаѓаат до нови знаења во областа на детското престапништво

| Начини за стекнување на нови знаења во областа на детското престапништво | Педагози – ЦСР | | | Педагози – СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Самостојно стручно усовршување и користење интернет информации | 7 | 40 | 0.175 | 42 | 52 | 0.808 | -7.790 | 90 | p<0.01 |
| Учество во семинари и обуки | 28 | 40 | 0.7 | 3 | 52 | 0.058 | 8.095 | 90 | p<0.01 |

Резултатите добиени од t -тестот за прашање на кој начин педагозите доаѓаат до нови знаења за оваа проблематика, покажуваат дека помеѓу трите групи на испитаници постојат статистички значајни разлики на ниво од p<0.05 и p<0.01, а

тоа значи дека педагозите користат разновидни начини за да стекнат нови знаења и да добијат стручна помош за работа од областа на детското престапништво и со тоа ја ***потврдивме петнаесетата хипотеза.***

**Табела бр. 52:** Ставови на педагозите од основните и средни училишта за начинот на кој што доаѓаат до нови знаења во областа на детското престапништво

| Начини за стекнување на нови знаења во областа на детското престапништво | Педагози – ОУ | | | Педагози – СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Самостојно стручно усовршување и користење интернет информации | 47 | 75 | 0.627 | 42 | 52 | 0.808 | -2.317 | 125 | p<0.05 |

Фрекфенциската и процентуална анализа на податоците се потврдува со t - тестот каде се забележува статистички значајна разлика помеѓу педагозите од центрите за социјална работа од една страна и педагозите од основните и средни училишта од друга страна во делот на самостојно усовршување на ниво на значајност од p<0.01 и p<0.05. Статистички значајна разлика постои во делот на учество во семинари и обуки помеѓу педагозите од центрите за социјална работа и педагозите од основните и средните училишта во корист на првите. Разлика се појавува и помеѓу групата на педагози од основните училишта и педагозите од средните училишта и тоа во делот на самостојно усовршување во корист на вторите.

Резултатите добиени од t - тестот за прашањето дали професионалците се чувствуваат подготвени да работата со оваа категорија на деца, покажуваат дека и во овој дел постои статистички значајна разлика во ставовите помеѓу педагозите од центрите за социјална работа од една страна и педагозите од основните и средни училишта од друга страна.

**Табела бр. 53:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за степенот на сопствената стручност за работа во областа на детски престапништво

| Стручна оспособеност за работа со деца во ризик | Педагози - ЦСР | | Педагози – ОУ | | Педагози - СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | Вкупно |
| Да | 26 | 65,00 | 6 | 8,00 | 8 | 15,38 | 36 |
| Не | 14 | 35,00 | 69 | 92,00 | 44 | 84,61 | 131 |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |

Тоа значи дека кај последните две групи на испитаници односно на педагозите од основните и средни училишта, многу е поизразена потребата за стручно оспособување за работа со деца во ризик, односно 92% од педагозите во основните училишта и 84,61 % од педагозите во средните училишта не се чувствуваат доволно стручно оспособени за работа со деца во ризик и соодветна реакција на идентификување на оваа појава.

Во ставовите по ова прашање, вредностите помеѓу педагозите со примена на t - тестот покажуваат дека помеѓу двете групи на испитаници постојат разлики на ниво на значајност од $p<0.01$ и тоа помеѓу педагозите од центрите за социјална работа од една страна и педагозите од основните и средни училишта од друга страна во прилог на првите.

**Табела бр. 54:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и основните училишта за степенот на сопствената стручност за работа во областа на детско престапништво

| Стручна оспособеност за работа со деца во ризик | Педагози – ЦСР | | | Педагози – ОУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Да | 26 | 40 | 0.65 | 6 | 75 | 0.08 | 6.980 | 113 | p<0.01 |

Но помеѓу нив не се појавува статистички значајна разлика, што може да заклучиме дека тоа е карактеристика на целиот воспитно - образовен систем и потполна занемареност на оваа проблематика.

**Табела бр. 55:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа и средни училишта за степенот на сопствената стручност за работа во областа на детско престапништво

| Стручна оспособеност за работа со деца во ризик | Педагози – ЦСР | | | Педагози – СУ | | | t | df | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f1 | n1 | p1 | f2 | n2 | p2 | | | |
| Да | 28 | 40 | 0.7 | 3 | 52 | 0.058 | 8.095 | 90 | p<0.01 |

И резултатите добиени од t-тестот за прашањето која е најпогодна форма за стручно усовршување односно која форма да се користи сега доколку се исполнат услови, покажуваат слични резултати со претходното прашање околу разликата во ставовите помеѓу педагозите од центрите за социјална работа од една страна и педагозите од основните и средни училишта од од друга страна.

**Табела бр. 56:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за потребата од дополнителна стручна оспособеност за работа со деца во ризик

| Потреба од дополнителна стручна оспособеност за работа со деца во ризик | Педагози - ЦСР | | Педагози – ОУ | | Педагози – СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f |
| Обуки и семинари | 17 | 42,50 | 65 | 86,66 | 40 | 76,92 | 122 |
| Стручно –методолошки упатства | 2 | 5,00 | | | 1 | 1,92 | 3 |
| Стручна литература | 3 | 7,50 | 2 | 2,66 | 1 | 1,92 | 6 |
| Меѓусекторка соработка и работни средби за размена на искуства | 18 | 45,00 | 8 | 10,66 | 10 | 19,23 | 36 |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |

Педагозите од центрите за социјална работа односно 45% од нив соработката и работните средби помеѓу институциите ги гледаат како извор за меѓусекторска соработка и размена на информации и ја предлагаат како нова форма за стручно усовршување, додека кај педагозите од основните и средни училишта обуките и семинарите се најпогодна форма за учење кај возрасните и овој став го застапуваат 86,66% односно 76,92%. Со добиените резултати од истражувањето може да заклучиме дека сите професионалци имаат потреба од дополнителна обука и нивно професионално усовршување за практично спроведување на превенцијата, но на различни начини и од различен извор поради нивното различно ниво на знаење за оваа проблематика и со тоа и ***шеснаесетата хипотеза ја потврдуваме.***

Предлози дадени во анкетните прашалници од педагозите во училиштата:

- Потребна е едукација и доквалификација на стручните служби и одговорните професори во училиштата преку обуки и семинари како би им се дале прилагодливи алатки за менаџирање на превенцијата – (педагог во СУГС ,,Арсение Јовков,, - Скопје.);
- Обуки спроведени од стручни лица од страна на МВР и Центарот за социјални работи - со практични примери од нивно секојдневно искуство. (наставник во СУГС"8ми Септември"-Скопје);
- Да се изработи Програма за превенција на детското престапништво со конкретни активности и превентивни програми, според која секое училиште ќе биде задолжено да ги реалзира активностите во одреден период (педагог во СОУ ,,Мирче Ацев,,- Прилеп);
- Најпогодна форма би биле континурани обуки, со задачи за педагозите, кои ќе ги реализираат во пракса и добрите искуства ќе

бидат имплементирани во соодветни програми.(педагог во СОУ „Ванчо Прке,, Виница);

- Поголема информираност за оваа проблематика и едукација на сите засегнати фактори, вклучувајќи ги и родителите. Посета на родителите во задолжителни програми за неодговорно родителство кон децата.(педагог во ССОУ ,, Моша Пијаде,, -Тетово);
- Обуки за стручно усовршување, но и постојана можност за консултации со ментор.( наставник од ОУ,, Тоде Хаџи – Тефов,,-Кавадарци).

Како теми кои би сакале професионалците да ги добијат преку формите за стручно усовршување, добиените резултати покажуваат дека вредностите на одговорите добиени од педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта се многу слични, но дека сепак постојат одредени разлики помеѓу нив, со што ***се потврдува седумнаесетата хипотеза.***

Тоа значи дека кај сите групи на испитаници подеднакво се појавува потребата за добивање на помош во посочените теми и области, но најизразена е темата за работа со семејства и зајакнување на родителските капацитети и тоа 55% од педагозите во центрите, 53,33% кај педагозите во основните и 69,23 % кај педагозите од средните училишта. Кај педагозите од центрите за социјална работа и зајакнување на меѓусекторската соработка се појавува како потребна област за зајакнување на превенциската пракса (35%), што е согласно со препорачаната форма за работа на претходното прашање.

**Табела бр.57:** Ставови на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за потребата од добивање на дополнителна помош за теми и области поврзани со превенциската пракса

| Потреба од добивање на помош за теми и области поврзани со превенциската пракса | Педагози - ЦСР | | Педагози – ОУ | | Педагози – СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | Вкупно |
| Работа со семејства и зајакнување на родителските капацитети | 22 | 55,00 | 40 | 53,33 | 36 | 69,23 | 98 |
| Сексуална злоупотреба на деца/педофилија | 1 | 2,50 | 1 | 1,33 | / | / | 2 |
| Семејно насилство | 1 | 2,50 | 1 | 1,33 | | | 2 |
| Врсничко насилство | 1 | 2,50 | 5 | 6,66 | 1 | 1,92 | 7 |
| Зајакнување на меѓусекторската соработка | 14 | 35,00 | 1 | 1,33 | 2 | 3,84 | 17 |
| Теоретско знаење за превенција на мал.престапништво и примена на превентивни програми | 1 | 2,50 | 25 | 33,33 | 11 | 21,15 | 37 |
| Агресијата кај децата | / | / | 2 | 2,66 | 2 | 3,84 | 4 |
| Комуникација и толеранција | / | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |

Кај педагозите од основните и средни училишта истакната е потребата од теоретско знаење за превенција на детско престапништво и примена на превентивни програми и тоа со 33,33% и 21,15% што е согласно со претходно добиените резултати каде училиштето беше лоцирано како една од институциите која треба да е носител на превентивните програми.

Овие потреби на педагозите во различните институции на нивното педагошко делување, треба да се земат во предвид при составување на теоретско – едукативниот концепт за зајакнување на нивните професионални и стручни капацитети во делот на превенција на детското престапништво. Секако при тоа мора да се почитуваат принципите на учење кај возрасните, нивото на нивното знаење и работно искуство, нивните образовни потреби како и другите аспекти кои ни ги покажа оваа анализа.

## 10. Ставовите на педагозите за значењето на превенцијата на детско престапништво и потребата од нејзина имплементација во пракса

*Општи хипотези*

Генерално преку ова истражување сакавме да ги дознаеме какви се ставовите и мислењата на педагозите во двата големи системи, системот за социјална заштита и воспитно – образовниот систем за потребата од развивање на превенција на детското престапништво и нејзино имплементирање во пракса. Два големи система каде што е најизразено педагошкото делување, каде има вработено најголем број на педагози, но и системи кои во центарот на своето делување го имаат детето и заштита на најдобрите интереси на детето.

Со ова истражување сакавме да ги поттикнеме на размислување, да развиеме рефлексивно размислување за нивното досегашно искуство, да ги ставиме во позиција да препознаат кои содржини кои ги работат се всушност превенција на детско престапништво, да ги поттикнеме на проширување на интересите и знаењата за оваа проблематика преку законот и новоформираните тела и секако да развиеме иницијатива за поактивно вклучување и развивање на превенциска пракса.

Од добиените податоци може да се согласиме дека ставовите на педагозите од сите три институции во однос на значењето и потребата од имплементација на превенцијата на детското престапништво во областите во кои е нивното педагошко делување се позитивни. Имено сите 40 испитаници од центрите за социјална работа односно 100% се согласуваат дека е неопходно развивање на превенција на детското престапништво и нејзино заживување во пракса. Кон ова тврдење треба да ги земеме и наодите од претходните хипотези, каде педагозите даваат предлози за начини на делување, најефиксни методи за работа, области во кои е потребна најитна интервенција како и подготвеност за членување во општински совети за превенција и стручно усовршување. И педагозите од

основните и средни училишта со највисок процент (90,66% и 96,15%) се согласуваат и изразуваат позитивне став, бидејќи тие најдиректно гледаат како растат и се развиваат нашите деца, како се распаѓаат семејствата, под какви девијантни влијанија потпаѓаат децата.

**Табела бр.58:** Ставовите на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за потребата од развивање на превенциска пракса на ДП во педагошкото делување

| Потреба од развивање на превенциска пракса | Педагози - ЦСР | | Педагози - ОУ | | Педагози - СУ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | Вкупно |
| Да | 40 | 100,0 | 68 | 90,66 | 50 | 96,15 | 158 |
| Не | | | 7 | 9,33 | 2 | 3,84 | 9 |
| Вкупно | 40 | 100,0 | 75 | 100,0 | 52 | 100,0 | 167 |




**Графикон бр.11** Графички приказ на резултатите од табела бр.58

Предложените начини за развивање на превенциската пракса се движат од поопшти и значајни за сите професионалци како што се развивање на

меѓусекторска соработка со 20% кај педагозите од центрите до 34,61% кај педагозите од средните училишта, развивање на советувалишта за деца и родители, формирање на општински совети за превенција на детско престапништво, до поспецифични и карактеристични за институциите и проблемите со кои се соочуваат вработените. На пример, педагозите од центрите за социјална работа (35 %) предлагаат да се формираат специјализирани стручни тимови во секој поголем центар, кои ќе работат само на превенција и ќе спроведува организирани превентивни актвности. Ова го гледаат како најсигурен начин дека превенцијата ќе заживее во центарот за социјална работа, бидејќи во овој момент поголем број од педагозите работат поливалентно односно се вклучуваат во повеќе проблематики и не им останува доволно време за преземање на превентивни активности. Педагозите од основните (37,33%) и средни училишта (36,53%) предлагаат зајканување на стручните компентенции на стручната служба во училиштата и нивна поголема ангажираност, како и вработување на педагози во сите училишта. Особено во основните училишта (29,33%) од педагозите предлагаат да им се понудат програми за превенција на детското престапништво кои се евалуирани со позитивни резултати и покажуваат спремност за нивна примена и имплементирање во пракса.

Предлози дадени во прашалникот од страна на педагозите:

- Поголемо ангажирање на терен од страна на стручната служба - целна група родителите. (педагогво СОУ ,,Киро Спанџов Брко,, - Кавадарци);
- Обука и мотивирање на наставниот кадар во училиштата, кои секојдневно се во непосреден контакт со учениците да работат со децата на таа тема и да умеат рано да детектираат и превенираат разни облици на малолетничко престапништво. Поголема соработка меѓу училиштата и институциите на системот, посебно со центрите за

социјална работа. (педагог во СЕТУГС "Михајло Пупин,, - Скопје);

- Најпрво превенцијата треба да започне во предучилините установи, да продолжи во основното образование и да е работи со семејствата. (педагог во гимназија ,, Здравко Чочковски,,- Дебар);
- Поголема координација помеѓу институциите, а пред се разбирање и соработка со родителите кои сметам дека се поставуваат заштитнички кон сопствените деца не рачунајќи на тоа колку поголеми би можеле да бидат последиците во понатамошното поведение и однесување на нивните деца. ( педагог во СОУ"Ристе Ристески-Ричко"Прилеп);
- Соработка со родителите преку отворени часови. (педагог во ОУ,,Стив Наумов,,-Битола);
- Активностите кои вклучуваат активна партиципација на учесниците (родители и ученици) како што се интерактивните работилници, според мене покажуваат најголема ефективност. Од голема корист е кога овие работилници вклучуваат сериозен теоретски дел, поткрепен од резултати од истражувања, мислење и препораки од експерти, видео материјали и фотографии кои го илустрираат проблемот. Најпрво треба да бидат направени измени на законот за основно образование во кој јасно ќе бидат прецизирани цели за превенција на детско престапништво. Паралелно со ова, училиштата треба да бидат задолжени да направат задолжителна превентивна програма - која ќе влезе во годишната и која ќе се реализира со преоритет. Во моментов, сите училишта имаат некоја про-форма од оваа програма: за насилство, дрога, алкохол и слично, но истите не се бараат задолжително, затоа и не се реализираат и не се третираат со преоритет. Препорачливо е да се организираат локални меѓуинституционални средби - трибини и слично, наменети само за професионалци за да се разменуваат искуства и секоја институција да се запознава со новините во институциите од другите сфери или да се координираат веќе започнати заеднички иницијативи. (

ОУ,,Тоде Хаџи –Тефов,, - Кавадарци);

- Изработка на стручно - методолошки упатства и стандарди за работа од страна на надлежните, а преку обуки и семинари усвојување на новите содржини за делот на превенција на детско престапништво. (ОУ ,,Никола Парапунов“ с.Драгобраште –Виница);
- Ниту една програма не може да има ефект ако се работи со мал број на млади и нивни родители, ако нема континуитет како стратешка програма чии ефекти би делувале подолготрајно. Затоа, од неминовна важност е ваквите превентивни програми да опфатат што е можно поголем број на семејства, да се формира некоја своевидна критична маса на „вакцинирани“ семејства со формирани позитивни ставови во однос на животот, истренирани со палета на вештини за совладување на предизвиците и искушенијата во животот и модифицирање на програмата и прилагодување со можност за психо-терапевтски третман кај оние семејства каде веќе се забележани девијантни однесувања кај младите. (наставник од ОУ,Живко Брајковски,,- Скопје, водач на ,,Програмата за зајакнување на семејствата,,).

Во образложување на претходните хипотези во неколку наврати беше спомнато советување на родители и советодавна работа со родители и деца, форми на работа кои се применуваат и во центрите за социјална работа и во училиштата. Предлог на педагозите за заживување на превентивната пракса е формирање на советувалишта, надвор од центрите за социјална работа, советувалишта кои ќе го покријат семејството, кои ќе работат со родители и деца или со целото семејство, а дискрецијата ќе биде запазена. Овој предлог е најизразен кај педагозите од центрите за социјална работа со 12,5% и 17,30% кај педагозите од средните училишта односно кај професионалците кои работат со деца кои се во фаза на адолесценција и кои манифестираат одредени форми на бунтовно однесување, спротивставување на авторитети, па дури и појава на девијантно однесување.

Во рамките на центрите за социјална работа до сега имало обиди да се формираат советувалишта за различна намена и досега функционирале советувалиштето за дрога, за брак и семејство, за деца жртви на семејно насилство и тоа се форми кои и во моментот во одредени центри функционираат. Пред десетина година постоеше и советувалиште за предбрачно советување кое беше и со закон задолжително. Овие форми за работа се многу добри бидејќи на стручните работници им претставуваат дополнителен ресурс каде може да се даде поорганизиран третман на семејството, но многу важно е тие советувалишта да бидат надвор од центрите за социјална работа за да се направи одредена дистанца од проблемот, од центарот, од стручниот тим во центарот кој работи со семејството, но е ставен во улога да донесе и одредена одлука односно предлог до Суд ( доверување на дете, регулирање на односи родител – дете, предлог за одредена санкција на дете и слично). Како друга форма би било добро советувалиштата кои се развиваат во рамките на центрите за социјална работа, локациски да се одвојат и да се отворат во рамките на локалната самоуправа заради близината до граѓаните.

Советувалиштата се разликуваат од гломазните институции (здравствени и социјални) и тоа е многу важен психолошки момент за корисниците кој гарантира поголема дискреција. Од друга страна работата е поинаку организирана, работат мали екипи каде работата е флексибилна, хиерархиските односи се помалку изразени и што е најважно корисниците на оваа форма може да се поопуштени, поприродно се однесуваат, поотворено да зборуваат за својот проблем, да ги почитуваат советите затоа што знаат дека овој тим не одлучува за нив и нема потреба да се однесуваат на начин кој ќе оди во прилог на потребната одлука. Најчесто советувалиштата се специјалистички: советувалиште за деца, млади, советувалиште за брачни и семејни проблеми. Тимовите се моно или мултидисциплинарни. Советувалиштето помалку ги загрозува корисниците во поглед на стигматизација, не се заканува со дијагностички етикети. Советувалиштата се занимаваат со давање на помош на луѓе кои имаат различни психо - социјални тешкотии: актуелни кризи, застој во растот и развојот и

проблемите на живеење. Затоа ова е добар предлог за заживување на превентивната пракса кај нас.

**Табела бр.59:** Ставовите на педагозите од центрите за социјална работа, основните и средни училишта за начинот на развивање на превенциска пракса на ДП во педагошкото делување

| Начини на развивање на превенциска пракса | Педагози - ЦСР | | Педагози ОУ | | Педагози СУ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Развивање на меѓусекторска соработка | 8 | 20,00 | 2 | 2,66 | 18 | 34,61 |
| Специјализиран стручен тим во ЦСР кој ќе работи само на превенција и ќе спроведува организирани превентивни актвности | 14 | 35,00 | / | / | / | / |
| Развивање на советувалишта за деца и родители надвор од ЦСР | 5 | 12,50 | / | / | 9 | 17,30 |
| Зајканување на стручните компентенции на стручната служба во училиштата и нивна поголема ангажираност | 1 | 2,50 | 28 | 37,33 | 19 | 36,53 |
| Организирано слободно време | / | / | 8 | 10,66 | / | / |
| Формирање на општински совети за превенција на дет.прест.согласно Законот за правда за децата | 11 | 27,50 | 10 | 13,33 | 4 | 7,69 |
| Спроведување на програми за превенција на дет.прест.кои се евалуирани и покажале добар ефект | / | / | 22 | 29,33 | / | / |
| Вработување на педагози во сите училишта | / | / | 4 | 5,33 | / | / |

Од прикажаните фрекфенциски и процентуални анализи, како и со утврдување на статистички значајните разлики преку примена на t-тестот и квалитативните образложенија и дискусии, може да ги потврдиме двете поставени главни хипотези во истражувањето кои меѓусебно се надополнуваат односно дека ставовите и мислењата на педагозите се позитивни во однос на значењето и потребата од имплементација на превенцијата на детското престапништво во областите и институциите во кои е нивното педагошко делување, но на еден

поорганизиран и систематизиран начин кој ќе придонесе за развивање на превенциска пракса.

# ЧЕТВРТ ДЕЛ

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Пред почеток на изработката на трудот, си поставивме неколку прашања за кои сакваме да добиеме одговор. Од каде да тргнеме? До каде сакаме да стигнеме? Кои се наши приоритети? И како да ги оствариме? Во заклучокот преку интерпретација на добиените резултати ќе се обидеме и да одговориме на овие прашања.

Сакавме да тргнеме од нашите деца, сакавме да тргнеме од положбата на 600.000 деца, 600.000 граѓани на Република Македонија, речиси 30% од вкупното население за кои сакавме да размислиме како да ги заштитиме. Во светот кој брзо се менува, се менуваат и ризиците на кои се изложени децата, се менуваат и девијациите во однесувањето, затоа е неопходно истите навремено да се пресретнат и да се неутрализираат. Токму од тие причини детското престапништво за нас беше посебен предизвик во однос на сите други проблеми кои ја зафаќаат детската популација и затоа што негативните последици сѐ долготрајни и можеби најбројни.

Тргнувајќи по патот на неизвесноста, често пати се прашувавме до каде сакаме да стигнеме, дали да поминеме стотина километри по широкиот веќе изоден пат, сигурен и добро познат со обележја, знаци и информации без да промениме нешто за нашите деца, дали да направиме неколку чекори за децата кои се во состојба на најголем ризик да влезат во престапништво или се веќе во судир со законот или сакаме да одиме по оној калдрмен пат кој има многу препреки, кривини, непрегледност и не се гледа крајот. Го одбравме потешкиот пат, се определивме за област која е тешко препознатлива, нема видливост, со тешка мерливост на резултатите, ја одбравме превенцијата на детското престапништво, но од аспект на педагошката дејност. Со добро осмислен план, ги утврдивме приоритетите и начинот како да ги да ги отстраниме препреките и да ги лоцираме недостатоците во педагошката работа на превенција на детското

престапништво, а со цел да отвориме нови перспективи за заштита на децата и да понудиме нов модел на превентивна програма.

Во трудот тргнавме од тврдењето дека превенцијата на детското престапништво во нашата држава е признато како прашање од стратешки приоритет. Но и покрај дадената нормативна рамка, формирање на нови тела со надлежност во оваа област, изготвена стратегија и други документи, праксата и непроменливата бројка на деца во ризик и сторители на кривични дела во нашата држава, не предизвика да го отвориме ова прашање и да се задлабочиме во него посебно од педагошки аспект.

Затоа со овој труд се обидовме да направиме интеграција на современите теоретските сознанија од различни извори, дадовме класификационата рамка на ризичните и заштитни фактори за престапничкото однесување на децата во ризик и го земавме за појдовна основа на проценка, планирањето на превенцијата, избор на превентивни програми, евалуирање на применетите програми и понудивме конкретен пример на модел на применета превентивна програма во нашата средина. Детското престапништво и неговото превенирање иако има интердисциплинарен и мултидисциплинарен карактер, вклучување на повеќе институции во неговото реализирање, меѓусебно вмрежување и соработка, сепак се обидовме на овој проблем да му дадеме педагошка димензија, за да може педагозите од аспект на својата професија да се препознаат и да си го најдат местото во целиот мозаик.

Со цел да ги утврдиме ставовите и мислењата на педагозите вработени во областа на социјалната заштита и во воспитно – образовниот процес за значењето на превенцијата на детското престапништво, теоретските знаења со кои располагаат за оваа област од педагошки аспект, како и нејзино практично имплементирање, спроведовме истражување кое отвори нови проблемски подрачја кои треба да се решаваат, даде основа за креирање и планирање на превенцијата од страна на педагозите и поттикнување и ставање во активна позиција на професионалците кои работат со децата. Значењето на ова истражување го гледаме повеќе од сознаен аспект, но без намалување на

неговото значење и од методолошки аспект. Заедно со заклучоците и дадените препораки кои произлегоа од истражувањето во пракса, сметаме дека понудивме материјал кој може да биде некој вид на водич за планирање на превенцијата, посебно на педагозите. Всушност материјалот може да биде од корист на сите заинтересирани субјекти за преземање на одредени мерки од областа на превенцијата односно на одговорните во локалната заедница, општинските совети за превенција на детското престапништво, центрите за социјална работа, основните и средни училишта, НВО, на родителите и сите заинтересирани.

Во прилог на првиот, општиот заклучок, ќе ги изведеме и поспецифичните заклучоци:

1. Во целина гледано, дистрибуцијата на одговорите на испитаниците во однос на целиот прашалник покажува дека ставовите на педагозите од сите три институции во однос на значењето и потребата од имплементација на превенцијата на детското престапништво во областите во кои е нивното педагошко делување се позитивни, но на еден поорганизиран и систематизиран начин со што ги потврдивме нашите општи хипотеза. Имено сите испитаници од центрите за социјална работа односно 100% се согласуваат дека е неопходно развивање на превенција на детското престапништво и нејзино заживување во пракса. И педагозите од основните и средни училишта со највисок процент (90,66% и 96,15%) изразуваат позитивен став, бидејќи тие најдиректно гледаат во каков семеен и социјален контекст растат и се развиваат децата;

2. Истражувањето покажува дека секоја од институциите во кои работат педагозите односно центрите за социјални работи, основните училишта и средните училишта имаат различен приод на превенција на детско престапништво, работат на различен начин кој има повеќе карактер на стихијна активност, отколку на организирана, планирана и евалуирана, активностите кои ги спроведуваат се на различно ниво, со различен степен на успешност и ги спроведуваат во различни услови и ресурси за работа;

3. Семејството односно дисфункционалното семејство со сите свои дефекти во внатрешната структурата со речиси 90% од одговорите на педагозите е идентификувано како основна причина односно ризик фактор децата да влезат во престапништво. Не можејќи да се инсистира само на еден фактор на ризик кој придонесува до појава на детско престапништво, истражувањето покажа и на кои други негативни влијанија и стресори се изложени децата, како конзумирање на дрогата, на врсничко насилство, влијание на медиумите и интернет содржините, намалената воспитна улога на училиштето и други фактори;

4. Педагозите од центрите за социјална работа и од основните и средни училишта не располагаат со доволно знаење за теоријата на превенција на детското престапништво, целосно не ги препознаваат активностите кои се во функција на превенција, а кои можеби во пракса ги спроведуваат и превенцијата различно ја поимаат зависно од институцијата во која работат односно популацијата на деца со која работат. Педагозите сметаат дека за да една активност се нарече превентивна треба да е посебна, надвор од редовната настава и распоред, да е работилница или трибина, во спротивно сметаат дека не работат на превенција. Загрижувачки податоци добивме во средните училишта каде дури 68,05% од испитаниците велат дека не работат на превенција и 7,50 % од педагозите во центрите за социјална работа. Но сепак дадените одговори упатуваат на постоење на добра основа на сознанија добиени како резултат на работно искуство со децата, што дава можност за надоградување на истите со добро осмислен теоретско едукативен концепт. Педагозите покажуваат исклучителна подготвеност стручно да се усовршуваат за да бидат поефикасни во работата со деца во ризик и поуспешно да ја спроведуваат превенцијата;

5. Во воспитно – образовниот систем нема проток на основни информации за новиот Закон за правда за децата, за новите надлежности, за формирани нови работни тела со задолженија од областа на превенцијата, соработка со други институци, за спроведени превентивни програми во други училишта и размена на искуства. Само 29% од педагозите во основните училиште и 20% од педагозите во средните училишта запознаени се со Законот за правда за децата;

6. Во центрите за социјална работа педагозите работат согласно Законот за правда за децата, имаат познавање и се информирани за постапките кои ги предлага законот и сметаат дека истите даваат добра содржина за спроведување на превенција. Сите анкетирани педагози од центрите за социјана работа односно 100% го познаваат законот и работат по него. Но повеќе се насочени на спроведување на третман со децата во ризик, а не кон спроведување на превентивни активности;

7. Позитивниот став за прифаќање на членство во општинските совети е присутен во сите три субпримерока со над 60% потврдни одговори. Со тоа педагозите покажуваат подготвеност за подлабоко навлегување и учење за проблематиката на превенција, но и за конкретен придонес за превенција на детското престапништво преку сопствено партиципирање и директно делување на локално ниво;

8. Од вкупно анкетирани испитаници, речиси 65 % од нив се изјасниле дека немаат потребни услови и ресурси за работа на превенција. Како посебна пречка во областа на образованието е наведено отсуството на стручно - методолошки упатстава за спроведување на активности со деца во ризик и превенција на детско престапништво, а во центрите за социјална работа е наведен недостатокот од работен материјал и техничка поддршка, зголемен обем на работа, работа на повеќе проблематики, намалена лична мотивација како и недостаток на материјален надоместок;

9. Соработката на родителите со институциите во системот кој се грижат и работат со децата, е многу значајна за спроведување на превентивни програми и рано идентификување на децата во ризик, што во истражувањето е лоцирано како една од пречките за успешна реализација на превенцијата. Несоработката на родителите со училиштата и центрите за социјална работа што ја идентификуваа педагозите е уште еден аргумент и потврда дека семејството е најдоминантен ризик фактор за појава на детско престапништво, но и заштитен фактор ако позитивно се делува на него;

10. Групната работа е препознаена и идентификувана форма за работа со деца и родители во функција на превенција на детското престапништво од страна на сите педагози, а како резултат на нивната примена и искуство во пракса.Во барање на најефикасена форма или програма која ја примениле педагозите во спроведување на активности во областа на превенцијата, 80% од педагозите од центрите за социјална работа ја идентификуваат групната работа со родители, односно работа во Едукативниот центар за родители, потоа посета на семејството во домот и советодавната работа со родители и деца. Наставниците во основните училишта како најефикасен метод или програма ја одбрале Програмата за животни вештини 60,52%, а педагозите од основните училишта го одбрале советувањето на родителите. Кај наставниците во средните училишта се одвојуваат едукативните предавања и работилници што е најсоодветна форма согласно со возраста на учениците, а педагозите од средните училишта исто така го одбрале советувањето на родителите и советодавната работа со деца и родители што е и законска обврска. Но всушност во основа на сите применети програми е групната форма за работа. Значи за развивање на превентивна пракса неопходно и задолжително е вклучување и на децата и на родителите во различни програми, а за да ефектот биде поголем добро е да имаат форма на група работа;

11. За носител на превентивните активности, педагозите се определуваат за локалната заедница и училиштата, односно планирањето на превенцијата согласно законот е надлежност на локалната заедница преку општинските совети за превенција на детското престапништво, но училиштата се институции кои се најблиски до децата, родителите и семејствата и може да се носители на спроведување на превентивни програми;

12. Потребата за меѓусекторска соработка е прикажана со значително висок процент од страна на испитаниците ( 97,50% кај педагозите од центрите за социјална работа и 97,30% и 100% кај педагозите од основните и средни училишта) и ја гледаат како неопходна за организирана и систематизирана превенција. Но реалната состојба покажува потешкотии во меѓусебнтата

комуникација на институциите, посебно на воспитно – образовните институции. Како еден од предлог начините за заживување на превенциската пракса е одржување на редовни работни средби и состаноци на претставници од различни институции;

13. Како најизразит проблем на кој треба итно да се работи, педагозите го гледаат користењето на дрога од страна на децата и проблемите во семејството, но не минимизирајќи ги и врсничкото насилство, сексуалната злоупотреба на децата и други проблеми кои го следат животот на децата. Значи сите посочени девијантни појави подеднакво претставуваат проблем за децата на кој што треба превентивно да се влијае во пракса од страна на надлежните институции;

14. Фрекфенциската анализа покажа дека педагозите користат разновидни начини за да стекнат нови знаења и да добијат стручна помош за работа од областа на детското престапништво. Имено 70% од педагозите од центрите за социјална работа, знаењата ги добиваат преку учество на семинари и обуки, педагозите од основните и средни училишта своите сознанија ги добиваат во секојдневната пракса, преку работно искуство и тоа 86,66%, а педагозите од средните училишта најмногу знаења стекнуваат преку самостојно учење и користење на интернет информации. Аналогно на овој заклучок се потврдува декај 92% од педагозите во основните училишта и 84,61 % од педагозите во средните училишта не се чувствуваат доволно стручно оспособени за работа со деца во ризик и кај овие две групи на испитаници многу е поизразена потребата за стручно оспособување од педагозите во центрите за социјална работа каде 65% се изјасниле дека се чувствуваат подготвени за работа со деца во ризик;

15. Сите професионалци имаат потреба од дополнителна обука и нивно професионално усовршување за практично спроведување на превенцијата на детско престапништво, но на различни начини и од различен извор поради нивното различно ниво на знаење за оваа проблематика. Педагозите од центрите за социјална работа (45%) соработката и работните средби помеѓу институциите ги гледаат како извор за меѓусекторска соработка и размена на информации и

како нова форма за стручно усовршување, додека кај педагозите од основните и средни училишта обуките и семинарите се најпогодна форма за учење кај возрасните и овој став го застапуваат 86,66% односно 76,92% ;

16. Кај педагозите најизразена потребата за проширување на знаењата е во областа на работа со семејства и зајакнување на родителските капацитети и тоа 55% кај педагозите во центрите, 53,33% кај педагозите во основните и 69,23 % кај педагозите од средните училишта. Се истакнува и потребата од зајакнување на меѓусекторската соработка како тема за која сакаат дополнителни знаења посебно од страна на педагозите од центрите за социјална работа (35%). Кај педагозите од основните и средни училишта истакната е потребата од теоретско знаење за превенција на детско престапништво и примена на превентивни програми и тоа со 33,33% и 21,15% што е согласно со претходно добиените резултати каде училиштето беше лоцирано како една од институциите која треба да е носител на превентивните програми;

17. За отпочнување и заживување на превенциската пракса кај нас на еден поорганизиран и систематизиран начин, педагозите дадоа предлози како што се развивање на советувалишта, зајаканување на стручните компентенции на педагозите во училиштата, вработување на педагози во сите училишта и во центрите за социјална работа со цел екипирање на стручните тимови, како и имплементирање на програми за превенција на детското престапништво кои се евалуирани и покажале добар ефект.

На крај на овој труд ќе дадеме неколку препораки кои произлегоа од спроведеното истражување на кои би требало да се засновува развојот на превенција на детското престапништво кај нас:

1. Главна мисија на педагозите и институциите кои беа предмет на нашето истражување треба да биде давање помош, поддршка и знаење на децата да ги избегнуваат високоризичните влијанија и фактори кои може да ги наведат на вршење престапи. Секогаш во тој контекст да им се нудат позитивни примери од средината, позитивни личности кои ќе им помогнат да прават правилни избори во сите аспекти на нивниот живот и да се

користат најефиксаните форми за работа, односно групната работа со деца, програмата за животни вештини, програми за превенција од зависности, програми за превенција од врсничко насилство и други превентивни и претходно евалуирани програми чии ефекти ќе се следат и оценуваат;

2. Успешната превенција секогаш треба да е насочена и кон децата и кон возрасните. Детето не треба да го гледаме надвор од семејниот контекст, зад секое дете стои возрасно лице кое треба да е одговорно за него (родител, старател, згрижувач, старател во установа и сл.). Затоа за да се поддржи развојот на децата, потребно е да работиме и со нивните семејства, односно со родителите на ревидирање на нивните вредности, ставови, однесувања и развивање на родителските вештини. Препорака е да се користат превентивни и претходно евалуирани програми чии ефекти ќе се следат и оценуваат, како на пример ,,Програмата за зајакнување на семејствата,, и нејзина примена во сите училишта;
3. Превенцијата на детското престапништво треба да се адресира на што е можно поголем број ризик фактори, но секогаш да се тргне од најголемиот, најдоминантниот проблем во средината и да се делува на ризик факторите кои ја предизвикале оваа појава;
4. Превенцијата на детското престапништво да се спроведува плански, организирано и континуирано, а не да биде повремена и фрагментирана активност. Затоа е важно локалната заедница да си ја преземе улогата на носител и координатор на планирање на превенцијата, со нејзино спроведување во пракса преку учество на сите институции во системот кои работат во заштита на децата;
5. За превенцијата на детското престапништво неопходна е меѓусекторска соработка, градење на партнерски односи со други институции, континуирана и организирана соработка. Промоцијата на меѓусекторска соработка треба да е дел од планирањето на превенцијата и тоа преку редовни работни состаноци, заеднички обуки и активности. Една од можностите за успешна соработка е и развој и членување во општинските

совети за превенција на детско престапништво согласно Законот за правда за децата;

6. За успешна превенција на детското престапништво клучно е и проширување на знаењата и вештините на педагозите, запознавање со различни концепти и програми за превенција преку континуиран професионален развој и посета на обуки. Упатно е да се изработат стручно - методолошки упатства за работа на превенција на детското престапништво, водичи за работа и помошни алатки како прирачници и брошури;
7. Без евалуација на програмите нема успешна превенција, односно задолжително е правење на сеопфатна проценка за успешноста на програмата и следење на нејзините ефекти;
8. Потрагата по успешни форми за работа со децата и родителите и програми за превенција на детското престапништво треба да е траен и континуиран процес на педагозите. Постојаното осовременување на методите, формите и програмите за работа треба да е соодветно на менувањето на ризичните и заштитни фактори, нивите појавни облици на девијантно однесување на децата и потребите на децата. Клучни носители на овие промени треба да се педагозите кои како практичари во секојдневната работа со децата може да идентификуваат поуспешни и помалку успешни форми за работа и да ги предлагаат;
9. Превентивните програми да бидат дел од училишниот курикулум, со носители на активностите (наставници или членови на стручната служба), кои ќе ја планираат превенцијата, ќе ја организираат, ќе спроведуваат превентивни програми, ќе ги евалуираат и ќе бидат дел од општинските совети за превенција на детското престапништво;
10. Зајаканување на стручните компентенции на педагозите во стручната служба во училиштата и нивна поголема ангажираност во делот на превенција на детското престапништво;
11. Вработување на педагози во сите училишта како дел од стручната служба и зајакнување на нивната улога во областа на превенцијата на детското

престапништво како и зголемување на бројот на педагози во центрите за социјална работа, посебно во оние центри каде што нема вработено педагог;

12. Подобрување на условите за работа и зајакнување на ресурсите кои ќе овозможат спроведување на превентивни програми во центрите за социјална работа, основните училишта и средните училишта;
13. Планирањето на превенцијата и превентивните програми да бидат дел од Годишната програма за работа на центрите за социјална работа;
14. Формирање на посебни стручни тимови и педагогот како составен член на тимот во центрите за социјална работа, посебно во поголемите, кои ќе работат исклучиво на превенција на детското престапништво, ќе ја планираат превенцијата, ќе ја организираат, ќе спроведуваат превентивни програми, ќе ги евалуираат и ќе бидат дел од општинските совети за превенција на детското престапништво;
15. Развивање на формата советувалишта за деца, за родители, советувалишта за млади, советувалишта за јакнење на семејствата, советувалишта за заштитата од зависности и други, зависно од потребите на населението. Препорака е советувалиштата локациски да бидат надвор од големите институции, на неутрален терен за да се избегне стигматизација и виктимизација на корисниците, за да обезбедиме дискреција и слободен пристап на сите заинтересирани;
16. Многу е важно надлежните министерства и институциите да ги користат научните истражувања во оваа област спроведени од страна на факултетите, институти, поединци и да се следат применетите превентивните програми на локално и национално ниво, да се евалуираат, препорачуваат и меѓусебно да се информираат институциите за стекнатите искуства;
17. Секако дека промовирањето и практицирањето на превенцијата на детско престапништво посебно од педагошки аспект има и одредени фискални импликации што треба да ги имаат во предвид ресорните министерства при планирање на средствата. Но секако не сме во позиција да чекаме големи

реформи или реорганизирање на цели системи за да се отпочне со превенција и да ги заштитиме децата. Понекогаш малите чекори се поважни и поефективни од никакви обиди или од поминати километри без ефект. Некои активности не бараат големи средства, туку може да се реализираат во рамките на она со што располагаме.

Превенцијата на детското престапништво бара многу помали средства, вложувања и чини помалку од спроведување на третманите, постапките и одржувањето на вонинституционални или институционални форми за децата во ризик и сторителите на кривични дела. Заштитата и грижата на децата и нивната благосостојба треба да е наш врвен приоритет кој се остварува преку мобилност и ангажираност на сите државни институции, граѓански и невладини организации, заинтересирани поединци, а посебно преку градење на силни семејства. Факт е дека нашето современо семејство е во ерозија, но семејството има тенденција да опстане и затоа треба да му се помогне и да се зајакнат неговите внатрешни структури. ,, Отпорноста на семејството и неговата способност за регенеација се докажала во многу историски околности. Семејството ги преживеала големите преселби, насилни режими и револуции, фаталистички и рационалистички, индивидуалистички, колективистички движења и екстреми, а да не била битно ослабена.,,(Даниловиќ,1986,стр.18)

Созревањето на свеста и сознанието кај возрасните дека превенцијата на детското престапништво е најважен сегмент кој треба да го потенцираме, аргументираме, да му дадеме приоритет, гласно да говориме за него, е фундаментално, зашто само на тој начин ќе има општествена реакција која ќе ги стави во активна позиција сите актери на еден иновативен и креативен начин за да може да се реализра новиот концепт на спроведување на превентивна пракса.

**Литература:**


1) Ajduković, M. (2000a), ,,Ekološki multidimenzionalni pristup sagledavanju činitelja rizika i zaštite u razvoju poremećaja u ponašanju djece i mlade i". Basic,J.,Jankovic,J. *Rizicni I zastitni cimbenici u razvoju poremecaja u ponasanju djece I mladezi,*Zagreb: Povjerenstvo Vlade Republike Hrvatske za prevenciju poremecaja djece,47-62.
2) Ajduković, M. (2000b), Suvremeno razumijevanje maloljetničke delinkvencije. Interna skripta, Zagreb.(www.isvu.hr/javno/hr.)
3) Ajduković, M., Delale, E. (2003), Stil odgoja u obitelji kao cinitelj rizika I zastite u razvoju poremecaja u ponasanju djese I mladezi. Basic,J.,Jankovic,J.
4) *Rizicni I zastitni cimbenici u razvoju poremecaja u ponasanju djece I mladezi* Zagreb: Povjerenstvo Vlade Republike Hrvatske za prevenciju poremećaja u ponašanju djece i mladih,171-187.
5) Ajduković, M.,Radocaj, T.(2008), *Pravo djeteta na zivot u obitelj*, Zagreb: Ured UNICEF-afa Hrvatsku.
6) Ajduković, M.(2012), ,,Pravo djece s problemima u ponašanju i njihovih roditelja na sudjelovanje u procesu procjene potreba i planiranja intervencija", *Zastita prava I interesa deteta s problemima u ponasanju*,79-95.
7) Акционен план за превенција и справување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија (2009-2012)(www.mtsp.gov.mk).прочитано:01.03.2012
8) Анализа за примена на Законот за малолетничка правда во центрите за социјална работа во РМакедонија во 2011 и 2012 година. (2013). ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје. (www.zsd.gov.mk).
9) Ангеловска-Галевска, Н.(1988), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Битола: Киро Дандаро.
10) Ангеловска-Галевска, Н., Кожух, Б.(2008), *Статистичка анализа на податоци,* Скопје: Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј".

11)Ancel, M. (1997), *Drustvena odbrana,* Beograd: Institut za kriminoloska i socioloska istrazivanja.

12) Арнаудовски, Љ. (1979), *Вонзаводските воспитни мерки во југословенското кривичноправо*, Скопје: Култура.

13)Арнаудовски, Љ. (1981), *Малолетничко престапништво,* Скопје: Правен факултет.

14)Арнаудовски, Љ. (2002), *Нормативно – правна рамка на местото и улогата на ЦСР во доменот на малолетничката деликвенција*, Скопје: Правен факултет.

15)Арнаудовски, Љ. (2004),*Ефикасноста на мерките што се применуваат спрема малолетните лица,* Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања и UNICEF.

16)Afric, V .(2009), *Prava djeteta – concept I zakonska regulative,* Zagreb: Sveuciliste u Zagrebu -Filozofski fakultet.

17)Ацески, И. (2012), *Дизајнирање на социјалните истражувања*, Скопје: Филозофски факултет .

18)Батиќ, Д. (2002), ,,Занемарени и злоупотребувани деца од скопските семјства, евидентирани во ЦСР", *Правата на децата и малолетничка правда*,стр.135-159.

19)Батиќ, Д., Малетиќ, И.,и др. (2011), *Безбедност во училиштата*, Скопје: Здружение за безбедносни истражувања и едукација.

20)Бачанович, О., Батиќ. Д,.и др.(2009), *Малолетничка правда: Компаративна анализа на системите за малолетничка правда и полициското постапување*, Скопје: Факултет за безбедност.

21)Бачанович, О., Стојковска. В., и др. (2008), *Малолетничка правда – од идеја до пракса,*Скопје: Ван Гог.

22)Бачанович,О., Батиќ, Д.и др.(2009),*Малолетничка правда-ресторативна правда,* Скопје: Ван Гог.

23)Bezenšek Lalić, O. (2007), *Reakcije socijalnih radnica na nasilje u obitelji*. Zagreb.

24)Bašić, J., Kooler-Trbović. N & Uzelac,S. i dr.(2004). *Poremečaji u ponašanju i rizična ponašanja – pristupi i pojmovna određenja*, Zagreb: Edukacisko rehabilitaciski fakultet.

25)Bašić, J., Janković, J. (2000), *Rizicni I zastitni cimbenici u razvoju poremecaja u ponasanju djece I mladezi*. Zagreb: Povjerenstvo Vlade Republike Hrvatske za prevenciju poremećaja u ponašanju djece i mladih.

26)Bašić, J., Jankovic,J. (2001), *Prevencija poremecaja djece I mladih u lokalnoj zajednici,* Zagreb: Povjerenstvo Vlade Republike Hrvatske za prevenciju poremećaja u ponašanju djece i mladih.

27)Bašić, J., Ferić, M., Kranțelić, V. (2002), *Od primarne prevencije do ranih intervencija*, Zagreb: Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet Sveučilišta u Zagrebu.

28)Bašić. J. (2003), *Epidemiološka istraživanja i prevencija poremećaja u ponašanju djece i mladih u lokalnoj zajednici*. Zagreb: Skolska knjga.

29)Bašić, J., Janković, J. (2003a), *Lokalna zajednica – Izvorište nacionalne strategije prevencije poremećaja u ponašanju djece i mladih*, Zagreb: Dr avni zavod za zaštitu obitelji, materinstva i mlade i, Povjerenstvo Vlade Republike Hrvatske za prevenciju poremećaja u ponašanju djece i mladih.

30)Bašić, J. (2003b), *Djeca u prevencijskim istrazivanjima*, Zagreb: Djete I drustvo.

31)Basic,J.,Kranzelic, V.(2003c), Prosocijalno I agresivno ponasanje djece predskolske dobi kao zastitno – rizicni cimbenici njihovog razvoja. *Rizicni I zastitni cimbenici u razvoju poremecaja u ponasanju djece I mladezi,*od 97 – 107.

32)Bašić, J. (2006), *Rizična ponašanja i prevencija - Sistem preveniranja socijalnog isključivanja mladih*, Zenica: Islamski pedagoški fakultet u Zenica.

33)Bašić, J., Ferić Šlehan, M., Kranțelić Tavra, V. (2007), *Zajednice koje brinu-model prevencije poremećaja u ponašanju: Strategijska promišljanja, resursi programi u Istarskoj zupaniji. Istarska zupanija i Sveučilište u Zagrebu*, Zagreb: Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet.

34) Basic, B. (2009), *Teorija prevencije: prevencija poremecaja u ponasanju I rizicnih ponasanja djece I mladih*, Zagreb: Skolska knjiga.

35)Bašić, J. (2012), ,,Prevencija poremećaja u ponašanju u školi "*Zastita prava I interesa deteta s problemima u ponasanju*, 9-11.

36)Bouillet, D.(2012), ,,Pedagoške mjere u kontekstu prevencije problema u ponašanju učenika, "*Zastita prava I interesa deteta s problemima u ponasanju*, 23-53 .

37)Bouillet, D., Zizak,A.(2008), ,,Standardi rada s djecom I mladima s poremecajima u ponasanju", *Ljetopis socijalnog rada, br.15,* 21 - 48.

38)Brkić, M. (2008), ,,Reforma centara za socijalni rad u kontekstu zadovoljavanja potreba mladih sa poremećajima u ponašanju u lokalnoj zajednici", *Poremećaji ponašanja u sistemu obrazovanja,115-128.*

39)Бужаровска, Г.(2006), *Малолетничка правда – од ретрибутивност кон ресторативност*, Скопје: МРКПК.

40)Бужаровска, Г.(2011), ,,Овластувањата на центрите за социјална работа и на јавниот обвинител во малолетничката правда", *Зборник ПФЗ*, 61, 441-468.

41) Бужаровска, Г., Нанев,Л., Кошевалиска, О. (2012), *Меѓународни документи за спроведување на малолетничка правда-современи текови во постапување со малолетници*, Кавадарци: Даскал Камче.

42)Van der Stel, J. (1998), *Europski priručnik za prevenciju pušenja, alkohola i droga*, Zagreb:Udruga za unapređivanje kvalitete ivota LET.

43)Гашич – Павишич, С. (2004), ,, Мере и програми за превенцију насиља у школи", *Зборник института за педагошка истраживања,*168-187.

44) Gleman, D. (1977), *Emocionalna intelegencija*,Beograd: Geopoetika.

45)Груден,З.(1989),*Психотерапијска педагогија*, Загреб:Школске Новине.

46)Daniel, B., Wassell, S. and Gilligan, R. (1999),*Child Development for Child Care and Child Protection Workers*, London and Philadelphia: Jessica Kingsley Publishers.

47)Daniel, B. and Wassell, S. (2002), *Assessing and Promoting Resilience in Vulnerable Children,*London and Philadelphia: Jessica Kingsley Publishers.

48) Давидовски, Т. (1994), ,,Превенција малолетничке деликвенције", *Социјална мисао, 3-4.*

49)Danilovič, M. (1986), *Porodica i maloletnička delikvencija*,Rijeka: Izdavacki centar Rijeka.

50)DeMatteo, D. & Marczyk, G.(2005), ,,Risk Factors, Protective Factors, and the Prevention of Antisocial Behavior Among Juveniles" , In: Heilburn, K. Goldstein, S. N. & Redding, E. R. eds. *Juvenile Delinquency - Prevention, Assessment and Intervention,*pp. 19-44.

51)Department of Health and Human Services. (2001), *Youth violence: A report of the surgeon general.* [online]. Rockville: Office of the Surgeon General. Available at: http://www.surgeongeneral.gov/library/reports/ [Accessed 10 July 2013].

52)Dole al, D. (2006), ,,Otpornost i prevencija poremećaja u ponašanju", Hrvatska revija za rehabilitacijska istra ivanja, . 87-102. http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=16308 (03.07. 2013).

53)Децата во ПЈРМакедонија. (2008), Скопје:UNICEF.

54)Државен завод за статистика, Статистички годишник на РМ за 2010,2011. www.stat.gov.mk (26.10.2013).

55)Државен совет за превенција на детско престапништво. (2013), Истражување - Градење на превентивна политика во РМакедонија, www.dspmp.cov.mk.

56) ganec, N.,(1999), *Organiziranje lokalne zajednice u prevenciji poremećaja u ponašanju djece i mlade i,* Zagreb: Edukacijsko- rehabilitacijski fakultet Sveučilište: Sveučilište u Zagrebu.

57)Zegarac, N.i dr.(2009), *Zastita deteta od zlostavljanje*, Beograd: Jugoslovenski centar za prava deteta.

58)Žunić-Pavlović, V., Kovačević-Lepojević. M. (2010), *Prevencija I tretman poremecaja ponasanja*, Beograd:Fakultet za specijalnu edukaciju i rehabilitaciju.

59)Жунић-Павловић,В.,Поповић-Ћитић,Б.,Павловић,М.(2010),*Програми превенције поремећаја понашања у школи,* Београд: Издавачки центар.

60) unić – Pavlović, V., Popović Ćitić, B. *i* dr.(2011), *Spremnost beogradskih srednjih skola za primenu preventivnih programa,* Beograd: Zavod za unapređivanje obrazovanja i vaspitanja RepublikeSrbije, Pedagoško društvo Srbije.

61)Закон за правда за децата, (Службен весник на РМ бр.148 од 29.10.2013).

62)Закон за социјална заштита, (Сл.Весник на РМ бр.79 од 24.06.2009 ).

63)Закон за семејство, ( Сл.весник на РМ 157/08 со измени и дополнувања).

64)Закон за основно образование,(Службен весник на РМ 18/11со измени и дополнување).

65)Закон за средно образование,(Службен весник на РМ бр.18 /11г. со измени и дополнување).

66)Закон за педагошка работа, (Службен весник на РМ бр.18/11г. со измени и дополнување).

67)Закон за детска заштита, (Службен весник на РМ бр.23/2013г. со измени и дополнувања).

68)Закон за малолетничка правда,(Службен весник на РМ бр.87 од 12.07.2007г.со измени и дополнувања).

69)Zvonarevic, M.(1985),*Socijalna psihologija,* Zagreb: Skolska knjiga.

70)Zloković, J., Vrcelj, C. (2010), *Rizicna ponasanja djece I mladih*, Rijeka: Odgojne znanosti - Filozofski fakultet.

71)Извештај за следење на имплементацијата на Законот за малолетничка правда во центрите за социјална работа во РМакедонија за 2011 година. (2012), Скопје: ЈУ - Завод за социјални дејности –Скопје.(www.zsd.gov.mk).

72)Извештај за следење на имплементацијата на Законот за малолетничка правда во центрите за социјална работа во РМакедонија за 2012 година. (2013), Скопје: ЈУ - Завод за социјални дејности -Скопје.(www.zsd.gov.mk).

73)Извештај за следење на имплементацијата на Законот за малолетничка правда во центрите за социјална работа во РМакедонија за 2013 година.(2014), Скопје: ЈУ Завод за социјални дејности –Скопје.(www.zsd.gov.mk).

74).Jankovic,I., Pesic, V.(1981), *Drustvene devijacije,* Beograd: Visa skola za socijalne radnike.

75)Jaskovis, Z.(1988), *Maloletnicka delikvencija*, Skopje: UKIM.

76)Jessor, R. (1996), ,,Risk behavior in adolescence: A psychosocial framework for understanding and actionЌ, In: D.E. Rogers i E. Ginzburg (ed.) *Adolescents at Risk:Medical and Social Perspectives*, 19-34.

77)Jessor, R. (ed.) (1998), ,,New perspectives on Adolescent Risk Behaviour", *Cambridge University Press*, 1-9.

78) Jugović, A.(2005), ,,Stavovi stručnih radnika centara za socijalni rad o sadržaju i kvalitetu saradnje sa drugim sistemima u društvenom reagovanju na maloletničko prestupništvo", *Reforma sistema pravno-institucionalne zaštite maloletnih prestupnika*, 15-29.

79) Jugović, A., Brkic, M.(2010), ,,Socijalna zastita I prevencija maloletnickog prestupnistva:uloge, kontroverze I dobre prakse ", *Socijalna politika I socijalni rad*, 436-452.

80)Камбовски,В.(2004), *Компаративна анализа на малолетничкото законодавство,* Скопје: Правен факултет.

81)Камбовски, В. (2004), *Казнено-правен третман на малолетните деликвенти*, Скопје: UNICEF.

82)Каранфиловска - Петровска, Н.(1998), ,,Динамиката на современото семејството и последиците од неговата дезорганизација", *Просветно дело* бр.*4*,33-36.

83)Каранфиловска-Петровска,Н., и др.(1997), *Прирачник: Воведување на нови методи и техники за работа со деца кои живеат во посебно тешки околности"* Скопје: Републички Завод за унапредување на социјални дејности.

84) Кембел,Р.(2009),*Вашето дете: Како вистински да го сакате*, Скопје: Ѓурѓа.

85)Кнежевич-Флорич,О.(2011), *Европске димензије социјалнопедагошке делатности,* Нови Сад: Филозофски факултет.

86)Coid,J.(2004), ,,Formulating strategies for the primary prevention of adult antisocial behaviour: "High risk" or "population" strategies?", *Early prevention of adult antisocial behaviour*, pp.32-79 Cambridge: Cambridge University Press http://www.cambridge.org

87)Koller-Trbović, N. (1996), ,,Nove forme socijalnopedagoške pomoći obitelji u Nizozemskoj", *Hrvatska revija za rehabilitacijska istra ivanja*, 32, 73-87.

88) Koller-Trbović, N. (1999a), ,,Mjesto i uloga socijalne pedagogije danas. ,,vo spisanie", *Kriminologija i socijalna integracija* 7, 21-25.

89) Koller-Trbović, N. (1999b), ,, Nove forme i područja djelovanja socijalnih pedagoga", *Kriminologija i socijalna integracija*, 7, 93-105.

90) Koller-Trbović, N. (1999c), Nizozemska. (red.Bašić, J. & Mamek Jagić, I), *Odgoj u domovima - kako dalje*, str. 185-197.

91)Koller-Trbović, N. (2012), ,, Sudjelovanje djece u procesu procjene potreba I planiranja intervencija: socijalnopedagoski pristup", *Zastita prava I interesa djece s problemima u ponasanju* ,.63-79.

92)Konvencija za pravata na deteto.(2010), Skopje:UNICEF.

93)Котева-Мојсовска,Т.(2006), *Семејното воспитување и социјалното однесување на децата*, Скопје: Академски печат.

94) Kopić, Z., Korajac,V.(2010), ,,Djeca i djetinjstvo u dokumentima o pravima djece", *ivot i škola br.24,* 56, 45-56.

95)Kranželić Tavra, V. (2002), *Rizični i zaštitni čimbenici u školskom okruženju kao temelji uspješnije prevencije poremećaja u ponašanju djece i mladih*, Zagreb: Hrvatska revija za rehabilitacijska istra ivanja.

96)Krivokapic, V.(2002), *Savremene tendencije u krminalistici*, Beograd: JRKK.

97)Lazarevic, LJ. (1983), *Neke karakteristike tretmana maloletnih ucinilaca krivicnih dela u savremenom krivicnom pravu*.Beograd: Naucna knjiga.

98)Lakinska,D.(2004), *Procenka na politikite, sostojbite i programite za decata na ulica* (studija za najsiromasnite od siromasnite), Skopje: UNICEF.

99)Lekić, Đ. (1979), *Metodologija pedagoškog istra ivanja i stvaralaštva*, Sarajevo: Zavod za udbenike i nastavna sredstva.
100)Leutar, Z. (1996), ,,*Prevencija društveno neprihvatljivog ponašanja djece i maloljetnika* ", *Ljetopis Studijskog centra socijalnog rada br.3*, 163-171.
101)Lukacevic, E.,Grabovac, I.,idr.(2008), *Istrazivanje – Maloletnicka delikvencija u tuzlanskom kantonu*, Tuzla: Biro za ljudska prava.
102)Maurović, I.(2010), ,,Intervencije u obiteljskom okruzenju: Mogucnost prevencije izdvajanja djece I mladih rizicnog ponasanja iz obitelji", *Ljetopis socijalnog rada* 17, 413-443.
103)Medić, S. i dr. (1997), *Škola za roditelje*, Beograd: Institut za pedagogiju i andragogiju Filozofskog fakulteta.
104)Medić, S. (1998), ,,Koncepcije i model za brak, porodicu i roditeljstvo", *Istra ivanja u pedagogiji i andragogiji*, 33-40.
105)Milovančević, P. M. (2001), *Poremećaj ponašanja dece i omladine - moralni i psihopatološki aspekti*, Beograd: Zadužbina Andrejević.
106)Milojković, M., Srna, J., Micovic, R.(1997), *Porodična terapija*. Beograd: Centar za brak i porodicu.
107) Morris,A.,Maxwell, G.(2001), *Restorative Justice for Juveniles.*Oxford-Portland Oregon: Hart Publishing.
108)Молгард.В., Камфер. К., Флеминг. Е.(2013), Програма за зајакнување на семејствата-водич за водители, (необјавен труд)Скопје: UNODC http://www.extension.iastate.edu/sfp
109) Mladenovic, M. (1973), *Drustvena zastita porodice i deca*, Beograd: IP Rad.
110)Muratbegovic, E.(2007), *Prevecija kriminaiteta (*neobjaven trud),Pristina.
111) Mužić, V. (1986), *Metodologija pedagoškog istra ivanja i stvaralaštva*, Sarajevo: Zavod za udbenike i nastavna sredstva.
112)Mystian, L. A. & Sanchez, C. Y. (2012), ,,Themes and dimensions of emotional and behavioral disorders", In: Bakken, P. J et al. eds. 2012. *Bihevioral Disorders: Identification, Assessment and Instructions of Students with EBD*. London: Emerald Group Publishing Limited. Ch. 2. [e-book]. Available at:

http://books.google.mk/books?id=3hVbruNkBYsC&printsec=frontcover#v=onepage&q&f=false (14.10. 2013)

113)Ланев, Л.(2003), *Положбата на малолетникот во кривичната постапка*, Кавадарци: Даскал Камче.

114)National Crime Prevention Centre. 2008. *Family – based risk and protective factors and their effects on juvenile delinquency : What do we know?.* [pdf]. Publict safety Canada. Available at: : http://www.publicsafety.gc.ca/res/cp/res/_fl/rpf-jd-eng.pdf (20.11. 2013).

115)Националната програма за развој на социјалната заштита. (2011-2021), (Сл.Весник бр.121 од 15.09.2010).

116)Национална стратегија за превенција на малолетничко престапништво.(2010), Државен совет за превенција од малолетничко престапништво. Скопје: UNICEF www.dspmp.cov.mk

117)Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство (2012-2015). (2012), Скопје: Министерство за труд и социјална политика и Светска здравствена организација.

118) Nacionalna strategija prevencije poremećaja u ponašanju djece i mladih od 2009. - 2012. godine, *Narodne novine br. 8/2009.*

119)Николовска,С.(2005), *Малолетничкиот криминалитет во РМ*, Скопје: Графотранс.

120) Online resursi za porodice i mere za pru anje razvojnih šansi mladima, (2012),Evropska Unija kroz Program prekogranične saradnje Bugarska – Srbija.

121)Opic,S.,&Jurcevic,A.(2008), ,,Kompentencije ucitelja za provedbu pedagoske prevencije pormecaja u ponasanju", *Odgojne znanosti,10(1),181-194.*

122)Opic,S.(2007), ,, Uvod u pedagosku metodu aktivno – motivirajuce supstitucije poremecaja u ponasanju", *Pedagogija*, 484-492.

123)Patnam, B.(2006). ,,The impact of trauma on Child Devolopment", *Juvenile and Family coirt journal, 113-124.*

124)Pedagoška enciklopedija I.(1989), (red. Potkowak, N. i Simlesa, P.), Beograd: Zavod za uđbenike i nastavna sredstva.

125)Pedagoška enciklopedija II,(1989), (red. Potkowak, N. i Simlesa, P.), Beograd:Zavod za uđbenike i nastavna sredstva.

126)Педагошка ревија бр.1. (2010). Скопје: Педагошки факултет Св.климент Охридски.

127)Pekinski pravila. (1985), Rezolucija na OON br.40/33. Sovet na Evropa.

128)Penal reform International.(2012), ,, Правда за децата", (необјавен труд) Скопје:UNICEF.

129)Петровска,Н.(2009), ,,Влијанието на семејството врз појава на малолетничката деликвенција",необјавен магистерски труд, Инстититут за педагогија, Филозофски факултет, Скопје:УКИМ.

130)Петровска,Н.(2012), ,,Превенција на малолетничкото престапништво", *Просветно дело* бр. 2, 115-124.

131)Петровска,Н.и др.(2011), ,,Заштита на детето од економска експлоатација", *Годишната конференција на мрежата на омбудсманите за деца во Југоисточна Европа* (62-72).

132)Петровска,Н.(2010), ,,Промените во современото семејство и нивното влијание врз појава на малолетничка деликвенција", *Педагошка ревија*,104-113.

133)Петровска,Н.(2009), ,,Семејството како фактор на заштита и ризик кај малолетничкото престапништво", *Малолетничка правда*, 164-131.

134)Petrovic, M. (1980), *Prevencija maloletnickog prestupnistva*, Beograd: Institut za socijalnu politiku.

135)Popović-Ćitić, B & Ţunić-Pavlović, V. (2005), *Prevencija prestupništva djece i omladine*,Beograd: Ministarstvo prosvjete i sporta Republike Srbije.

136) Поповић-Ћитић, Б., Жунич – Павлович, В. (2006), Менторство у превентивним програмима", *Социјална мисао* 2, стр.32-47.

137)Поповић-Ћитић,В.(2007), ,,Практични модели планирања превенције поремечаја понашања у заједници", *Социјална мисао* 4,67- 136.

138) Popovic-Citic, B.Zunic – Pavlovic,V.(2007), ,, Koncept spremnosti zajednice za preventivno djelovanje", *Sociologija* 2,127-144.

139) Popovic-Citic, B.(2008), ,,Efektivni program prevencije poremecaja ponasanja u skolskoj sredini", *Poremecaji ponasanja u sistemu obrazaovanja,155-167.*

140)Popovic-Citic,B.,Curic,S.(2009), ,, Integrativni razvojni teorijski modeli u etiologiji delikventnog ponasanja", *Социолошки преглед,* .99 -117.

141) Правилникот за формата и содржината и начинот на водење на Регистарот за примена на мерки на помош и заштита на деца и малолетници во ризик (Сл.весник бр.136 од 30.10.2008 година).

142) Правата на детето и малолетничката правда.(2002), Скопје:Здружение за правата на детето.

143) Програма за ресоцијализација и реинтеграција на деца жртви на трговија со луѓе, Министерство за труд и социјална политика . www.mtsp.gov.mk

144) Препорака *Rec (2006)19* од Комитетот на министри до земјите-членки околу политиката за поддршка на позитивното родителство.

145) Prevention Initiatives for Child and Adolescent Mental Health.(2002), NSW Department of Health (www.health.nsw.gov.au)

146) *Просветно дело* 65,2. (2012). Скопје: Просветно дело.

147) Прирачник за образование за животни вештини.(2008), Скопје: Биро за развој на образование и УНИЦЕФ.

148) http://preventionpartners.samhsa.gov/resources glossary p2.asp

149)Puljiz, V. (2010), ,, Obiteljska politika", *Sustavi socijalne politike*,159-188.

150)Ралева, М., Бошкова, М. (2001), *Растеме заедно - Прирачник за поддршка на психичкиот развој и превенција на злоупотреба на децата од предучилишна возраст*, Скопје: Безбедно детство.

151)RecommendationRec.(2006).19 of the Committee of Ministers to member states on policy to support positive parenting*(Adopted by the Committee of Ministers on 13 December 2006 at the 983rd meeting of the Ministers' Deputies)* https://wcd.coe.int/ViewDoc.jsp?id=1073507 .

152)Resman, M. (2000),*Savjetodavni rad u vrtiću i školi*. Zagreb:HPKZ.

153)Ријадски упатства за спречување на малолетничката деликвенција,А/Рез.45/112 . (1990).Скопје: УНИЦЕФ.

154)Roberst, A. (2004), *Juvenile Justice*,Oxford: University Press.

155)Rot, N. (1989), *Osnovi socijalne psihologije,* Beograd: Zavod za ud benike i nastavna sredstva.

156) Sakoman, S. (2009), *Školski programi prevencije ovisnost,*. Zagreb:Agencija za odgoj i obrazovanje.

157)Saric, Z., Zganec, A.(2003), ,,Roditeljski odgojni postupci I problematicno ponasanje djece u ranoj adolescenciji", *Rizicni I zastitni cimbenici u razvoju poremecaja u ponasanju djece I mladezi, 153-155.*

158) Sekulić-Majurec, A. (2005), ,,Kurikulum nove škole – istra ivački izazov školskim pedagozima", *Pedagogijska istra ivanja*, 2, 267-277.

159)Singer. M.(1996), *Kriminologija* , Zagreb:Globus.

160) Singer, M & Mikšaj-Todorović, LJ. (1993), *Delikvencija mladi,* Zagreb: Nakladni zavod Globus.

161) Singer, M. (1998), *Kaznenopravna odgovornost i zaštita mlade i*, Zagreb: Nakladni zavod Globus.

162)Совет за превентива против малолетничка деликвенција Кавадрци (2012), *Концепт за зајакнување на општинските совети за превенција на малолетничко престапништво.* Скопје: UNICEF – канцеларија во Скопје.

163)*Социјална мисао бр.*41.(2004), Београд:Социјална мисао.

164) *Социјална мисао бр.*36. (2002), Београд:Социјална мисао.

165)Стручно – методолошки упатства и прирачници (2007), ЈУ Завод за социјални дејности,Скопје: Сак - стил

166)Spoth,R.,Redmond,C.(1997), ,,Longitudinal outcomes of a universal family-focused preventive intervention for young adplescent", *The Journal of Primary Prevention. Baltimor*,MD.

167) Ţiţak, A., Koller-Trbović N., Lebedina-Manzoni M. (2001), *Od rizika do intervencije*, Zagreb: Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet Sveučilišta u Zagrebu.

168)Tomić, R. (2005), *Poremećaji u ponašanju kod djece i maldih*, Tuzla:OFF-SET

169)UN Apporoach to Justice for Children,2008.

170)Utting, D. (2004), ,, Prevention through family and parenting programmes", *Early prevention of adult antisocial behaviour*, .243-265, http://www.cambridge.org.

171)Farrington, D., Coid, J.,(2004a), *Early prevention of adult antisocial behaviour*, Cambridge: Cambridge University Press. http://www.cambridge.org

172)Farrington, D. (2004b), ,, Advancing knowledge about the early prevention of adult antisocial behaviou", *Early prevention of adult antisocial behaviour*, 1-34.http://www.cambridge.org.

173)Farrington, D., Welsh, B.(2007), ,,Saving children from a life of crime", *University Press*,17-22.

174)Фарингтон, П. Д. (2010), ,,Фактори на ризик во детството и превенција фокусирана на ризикот", (ред. Мегваер, М. Морган, Р. и Рајнер, Р.), *Оксфордски прирачник за криминологија*. Преведено од англиски јазик од Папиќ, А. и сор. Скопје: Нампрес. стр. 602-640.

175) Fahlberg, V.(1994*), A child s journey through placement*, London: BAAF.

176)Ferić, M. (2002), ,,Obitelj kao čimbenik rizika i zaštite za razvoj poremećaja u ponašanju djece i mladih", *Hrvatska revija za rehabilitacijska istra ivanja,*13-24.

177)Функционална анализа на центрите за социјална работа во Република Македонија (2013). Необјавен труд: Басме,консалтинг и тернинг. Скопје: МТСП и Светска банка.

178)Hawkins,J.D.,Castalano,R.F.(1992),*Communities that care,* San Francisco: Jossey-Bass.

179)Hawkins, J. D. (1997), *Academic Performance and School Success*, Source and Consequences.

180)Heilbrun, K., etc. (2005), *Juvenile Delinquency*, Oxford: University Press.

181)Hirjan. F., Singer. M.(1987), *Maloljetnici u krivicnom pravu*, Ljubljana: Globus.

182)Howe,D. etc. (1999), *Atatachment theory,child Maltreatment and family support,* Hampshire: Palgreve.

183)Hrnijca, S. i sar.(1991), *Ometeno dete*, Beograd: Zavod za ud benike i nastavna sredstva.

184)Hughes,D.(2004), *Facilitating Developmental Attachment*, Oxford.Rowman and Littlefield.

185)Hughes,D.(2009), *Attachment focused parenting*.New York: Norton.

186)Чонева, Љ.,и др. (2007), *Малолетничкиот криминалитет во транзиција во Република Македонија,* Скопје: Институт за социолошки и политичко - правни истражувања.

187)Walker, H. (2001), *Promsing Approaches for reducing youth violence*, Detroit: Institute for Children, Youth, and Families (www.icyf.msu.edu.)

188)Wilson,J. (2000), ,, Acting Administrator U.S. Department of Justic, Office of Justice Programs", *Office of Juvenile Justice and Delinquency Prevention* Juvenile justice bulletn,112-116.

189)The Wisconsin Department of Public Instruction. (1995.), www.dpi.state.wi.us (12. 12. 2012).

190)Wassell, S., Daniel, B. *(2002), Assessing and Promoting Resilience in Vulnerable Children Vols. 1, 2 & 3,* London & Philadelphi: Jessica Kingsley Publishers Ltd. www.scotland.gov.uk/library3/law.

**Прашалник бр. 1**

***Прашалник за утврдување на ставотите на педагозите за превенција на детско престапништво***

Почитувани,

Овој прашалник претставува дел од истражувањето на тема *,,Педагошките аспекти на превенцијата на малолетничкото престапништво,,* , за потребите на м-р Петровска Невена, педагог во ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје за изработка на докторски труд.

Анкетниот лист има за цел да ни ги открие Вашите ставови и мислења за значењето и потребата од практична примена на превенцијата на детското престапништво. Од големо значење ќе ни биде Вашето искуство на ова поле, потешкотиите и проблемите со кои се соочувате како и предлозите и препораките кои ќе ги дадете за унапредување и функционирање на оваа многу важна област. Анкетниот лист е составен од прашања кои бараат да се определите за понудени одговори со означување (кликнување), односно вметнување на X и давање на коментари за алтернативата која е избрана. Има и прашања кои бараат ваше конкретно мислење и изразување на став. Доколку прашалникот го пополнувате по електронски пат, потребно е да го симнете на десктоп или во некој ваш фолдер. По пополнување да го снимите и да го испратите на означената e-mail адреса.

Резултатите од ова истражување ќе бидат презентирани во трудот заедно со заклучоци и препораки од авторката. Ве молиме овој прашалник да го пополнувате лично, самостојно и искрено. За Вашите одговори, Ви гарантираме целосна дискреција.

Однапред Ви благодарам за соработката.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. Наведете ја институцијата во која работите

| | Име на институцијата и град |
|---|---|
| ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - | |
| Основно училиште - | |
| Средно училиште - | |

2. Вашиот стручен профил

- ☐ Педагог
- ☐ Наставник
- ☐ Психолог
- ☐ Правник
- ☐ Социјален работник
- ☐ Друго

3. Одделение или служба во која работите

4. Степен на вашето образаование

- ☐ Високо образаование
- ☐ Магистар
- ☐ Доктро на науки

5. Наведете го вашиот работен стаж

- ☐ До 5 години
- ☐ Од 5 до 10 години
- ☐ Од 10 до 15 години
- ☐ Од 15 до 20 години
- ☐ Над 20 години

## II. МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО

6. Според вас кои се причините за малолетничко престапништво?

    - ☐ Дисфункционално семејство
    - ☐ Влијанието на врсничката група
    - ☐ Влијание на медиуми
    - ☐ Намалена воспитна функција на училиштето
    - ☐ Неорганизирано слободно време
    - ☐ Друго

7. Дали сте запознаени со Законот за малолетничка правда?

    - ☐ Да
    - ☐ Не

8. Дали со предвидените постапки и содржини, Законот за малолетничка правда превенира малолетничко престапништво?

- ☐ Да
- ☐ Не

☐ Не сум запознаен/а со Законот за малолетничка правда

9. Информирани ли сте за постоење и функционирање на Државниот совет за малолетничко престапништво?

☐ Да

☐ Не

10.Дали би прифатиле да бидете член на општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво во вашата општина согласно Законот за малолетничка правда?

☐ Да

☐ Не

11.Знаете ли дека е донесена Национална стратегија за превенција на малолетничко престапништво?

☐ Да

☐ Не

## III. ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО

12.Што подразбирате под превенција на малолетничко престапништво?

☐ Спречување на девијантно однесување на децата

☐ Поттикнување на правилен развој на децата

☐ Реакција на насилство, експлоатација или злоупотреба ба деца

☐ Намалување на ризичните фактори на кои се изложени децата

☐ Создавање на заштитна средина за раст и развој на децата

□ Рана идентификација на децата во ризик

□ Друго (напишете ваше мислење)

13. Според Вашто работно место, на кој вид превенција на малолетничко престапништво работите во овој период?

□ На примарна превенција

□ На секундарна превенција

□ На терцијарна превенција

□ Не работам на превенција

14. Објаснете какви активности спроведувате или зошто не работите на превенција?

15. Дали ги имате потребните услови и ресурси за одвивање на активностите поврзани со превенција на малолетничко престапништво?

□ Да

□ Не

16.Наведете што ви е неопходно за реализација на активностите поврзани со превенција од малолетничко престапништво што сега ви недостасува?

□ Работен материјал(хартија, флип чарт, фломастери..)

□ Техничка поддршка (компјутер, ЛЦД, лап топ, возило за на терен..)

□ Стручни упатства и материјали за спроведување на конкретни активности

□ Поддршка и дозвола од раководниот кадар

□ Поддршка и помош од колегите и работниот колектив

□ Лична мотивација и ентузијазам

- ☐ Материјална мотивација
- ☐ Соработка со децата
- ☐ Соработка со родителите

17.Кои форми за работа или програми кои сте ги примениле до сега се покажале како најефикасни во областа на превенција на малолетничко престапништво?

18.Дали е потребно кај нас да се развие превенциска пракса односно превенцијата на малолетничкото престапништво да биде дел од вашето педагошко делување во работата со децата и нивните родители?

- ☐ Да
- ☐ Не

19. Кој треба да е носител на превентивните програми за малолетничко престапништво односно планирањето на превенцијата ?

- ☐ Локалната заедница
- ☐ Училиштата
- ☐ Центар за социјална работа
- ☐ МВР
- ☐ НВО

20.Дали превенцијата што ја спроведувате во вашата област е возможна без поврзаност со други сродни и комплементарни области?

- ☐ Да
- ☐ Не

21. Со кои институции соработувате при реализација на превенциските активности?

- ☐ МВР
- ☐ Училишта
- ☐ Локална заедница
- ☐ НВО
- ☐ Здравствени установи
- ☐ Суд
- ☐ Центар за социјална работа
- ☐ Не соработувам со други институции

22. Кој е најголем проблем за децата и младите за кој би требало да се преземе итна интервенција и да се отпочне со превенција во пракса?

- ☐ врсничко насилство
- ☐ користење на алккохол
- ☐ користење на дрога
- ☐ сексуална злоупотреба/педофилија
- ☐ интернет насилство
- ☐ проблеми во семејството

## IV.СТРУЧНА ПОДГОТВЕНОСТ ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА МАЛОЛЕТНИЧКОТО ПРЕСТАПНИШТВО

23. На кој начин доаѓате до нови знаења за проблематиката и што ви е од помош?

- ☐ самостојно стручно усовршување и користење интернет информации
- ☐ работно искуство
- ☐ учество во семинари и обуки

- □ стручно –методолошки упатства и стандарди за работа
- □ друго

24. Дали сметате дека сте доволно стручно оспособени за работа со малолетни престапници?

- □ Да
- □ Не

25. Ако сметате дека имате потреба од дополнително стручно усовршување за оваа проблематика , што предлагате ,која форма е најпогодна?

- □ Обуки и семинари
- □ Стручно –методолошки упатства
- □ стручна литература
- □ меѓусекторка соработка и работни средби за размена на искуства

26. Кои се темите и областите за кои особено сакате да добиете помош за да бидете поефикасни во спроведување на превенциската пракса?

- □ Работа со семејства и зајакнување на родителските капацитети
- □ Сексуална злоупотреба на деца/педофилија
- □ семејсно насилство
- □ врсничко насилство
- □ зајакнување на меѓусекторската соработка
- □ теоретско знаење за превенција на мал.престапништво и примена на превентивни програми
- □ агресијата кај децата
- □ комуникација и толеранција

27. Кое е вашето мислење, што треба да се преземе за да се развие превенциска пракса кај нас?

**ПРИЛОГ БР:2**

## ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ВКЛУЧЕНИ ВО

## ,,ПРОГРАМАТА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВАТА,,

Почитувани,

Овој прашалник претставува дел од истражувањето за изработка на докторскиот труд на м-р Петровска Невена од ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје , на тема ,,Педагошките аспекти на превенцијата на малолетничкото престапништво,,. Од големо значење ќе ни биде Вашето искуство кое го стекнавте со работата на оваа Програма и предолзите и препораките кои ќе ги дадете за понатамошно имплементирање на истата.

Анкетниот лист е составен од затворени прашања кои бараат да се определите за понудени одговори со означување, односно вметнување на Х. Доколку прашалникот го пополнувате по електронски пат, потребно е да го симнете на ,,desktop,, или во некој ваш ,,folder,,. По пополнување да го снимите и да го испратите на следната e-mail адреса : nevenapetrovska@gmail.com Има и прашања кои бараат ваше конкретно мислење и изразување на став.

Однапред Ви благодарам за соработката.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. **Училиште во кое работите :**
2. **Стекнато образование:**
3. **Вашето работно место:**
4. **Работен стаж:**
5. **За која сесија во ,,Програмата за зајакнување на семејствата,, бевте одговорни (означете со Х ) :**

**Сесија за родители**
**Сесија за млади**

**Сесија за семејства**

6. **Број на учесници во вашата група:**

**Родители:** **Млади:**

| 7.Ве молиме одговорете со Да или НЕ | да | не |
|---|---|---|
| Доброволно се пријавив за учество во ,,Програмата за зајакнување на семејствата,, | | |
| Досега сум работел/а и на други превентивни програми | | |
| Тимот, колегите со кои работев на оваа програма беше професионален , подготвен и компентентен во вршење на сите активности | | |
| Јасни ми беа упатствата и активностите кои беа потребни за оваа програма | | |
| Лесно ги совладував содржините за секоја сесија | | |
| Ми требаа повеќе од 2 часа да се подготвам за секоја сесија | | |
| Во одредена ситуација морав да читам од прирачникот за време на сесијата за да се потсетам | | |
| Лесно се снаоѓав со делење на материјалите лепак, ножици,маркери... | | |
| Предвиденото време за активностите беше доволно за нивна реализација | | |
| Во некои сесии морав да прескокнам некоја активност поради недостаток на време | | |
| Секоја активност ја реализирав како што е предвидена во Прирачникот | | |
| Понекогаш импровизирав | | |
| Групата на учесници лесно ги совладуваа зададените задачи | | |
| Бев добро прифатен/а од учесниците во мојата група | | |
| Тешко им беше на учесниците да зборуваат за своите искуства | | |
| Често морав да им помагам на учесниците во групата | | |

| 8. Како ги/го/ја оценувате | Многу ефикасно | ефикасно | Не можам да оценам | неефикасно |
|---|---|---|---|---|
| Прирачникот за ,,Програма за зајакнување на семејствата,, | | | | |
| Опремата која оди во прилог со Прирачникот (ДВД, ЦД....) | | | | |
| Дополнителните материјали ,мастерите | | | | |
| Дискусиите кои ги водеа учесниците на вашата група по предвидените содржини | | | | |
| Вежбите кои ги реализираа учесниците во групата | | | | |
| Реализацијата на домашните задачи од страна на учесниците во вашата група | | | | |
| Квалитетот на вашата работа со групата | | | | |
| Заинтересираноста на учесниците во групата | | | | |
| Читањето на заедничкото мото | | | | |
| Заедничките активности помеѓу децата и родителите | | | | |

| 9.Како го оценувате нивото на соработка | одлично | Многу добро | Добро | Задоволително | лошо |
|---|---|---|---|---|---|
| На учесниците во вашата група со вас како водач | | | | | |
| Помеѓу учесниците во група | | | | | |
| Помеѓу вас и другите колеги од тимот | | | | | |
| Со координаторот во вашето училиште | | | | | |
| Со супервизирите | | | | | |
| Помеѓу родителите и младите | | | | | |

| 10. Изразете ваш став | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не можам да оценам | Не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| Програмата за зајакнување на семејствата треба да продолжи во моето училиште | | | | |
| Програмата за зајакнување на семејствата треба да се имплементира и во други училишта | | | | |
| Програмата за зајакнување на семејствата треба да стане задолжителна активност во сите | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| училишта | | | | |
| Родителите беа заинтересирани за ПЗС | | | | |
| Младите беа заинтересирани за ПЗС | | | | |
| ПЗС ја подобрува релацијата родител-дете | | | | |
| ПЗС ја подобрува комуникацијата во семејствата | | | | |
| ПЗС ги зближува членовите во семејствата | | | | |
| ПЗС делува превентивно на појава на поголеми конфликти во семејството | | | | |
| ПЗС е добра програма за вклучување и на разведени родители, семејства со еден родител-самохрани родители | | | | |
| ПЗС е добро школо за родителство | | | | |

11.Посочете ги недостатоците или проблемите кои ги согледавте во Прирачникот, материјалите или опремата.

12.Која активност беше најприфатена од учесниците во вашата група?

13.Која активност беше најтешко прифатена?

14.Која активност сметате дека имаше најголем ефект кај учесниците од аспект на нејзина применливост во пракса?

15.За која содржина/и или тема/и најмногу сакаа да дискутираат вашите учесници?

16.Дали други родители и деца кои не беа вклучени во програмата покажуваат интерес да се вклучат?

Да

Не

17.Што беше највредно што научивте како професионалец од оваа Програма?

18. Ве молам да дадете Ваши предлози и сугестии во насока на превенција на малолетничкото престапништво во училиштата , кои се резултат на вашето досегашно професионално искуство.